ЛГБТИ ЛУЃЕ ШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ/ЧКИ ЛУЃЕ ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**2018**

# СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Уредничка: Драгана Дрндаревска

Коалиција МАРГИНИ

Скопје
2019

# СОДРЖИНА


Резиме 9

I. Преглед на состојбите со правата на сексуалните работници 13

**1. Повреди на правата на сексуалните работници 14**

1.1. Сексуалните работници се жртви на сите форми на насилство од страна на посредници, локални насилници и трети лица 18

1.2. Насилство од страна на клиенти и проблеми со наплата 19

1.3. Трансжените и сексуалните работници кои употребуваат дроги се уште поизложени на насилство и маргинализација 20

1.4. Ризикот од семејно насилство е поголем кај сексуалните работници 22

1.5. Дискриминација во пристапот до здравствени и социјални услуги 23

1.6. Непријавување на насилството и другите повреди на правата 25

1.7. Полициски службеници како сторители на повреди на права на сексуални работници 27

**2. Спроведувањето на рации им штети само на сексуалните работници 30**

**3. Компаративна анализа на моделите на регулирање на сексуалната работа 33**

**4. Ставови на сексуалните работници за промена на моделот за регулација на сексуалната работа 38**

**5. Тркалезна маса за регулација на сексуалната работа 41**

**6. Потребите на младите сексуални работници во однос на здравствени, социјални и правни услуги 43**

**7. Изложба „Две од оние: Арт-акт-ум за моралот и предрасудите“ 46**

**8. Марш на црвените чадори „Декриминализација сега“ 47**

II. Преглед на состојбите со политиките за ХИВ. Прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ 49

**1. Нови податоци за епидемијата на ХИВ во Македонија 50**

1.1. Биобихејвиорални истражувања меѓу луѓето што инјектираат дрога и сексуалните работници 51

1.2. ХИВ-инфекцијата е загрижувачки проблем на заедницата на геј и бисексуални мажи и другите мажи што имаат секс со мажи 52

1.3. Прва методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ 53

**2. Вирус и политики: осврт на националниот одговор на ХИВ 57**

2.1. Спроведување на Програмата за заштита на населението од ХИВ 57

2.2. Вклученост на засегнатите заедници и граѓанскиот сектор во управувањето со националниот одговор на ХИВ 59

2.3. Во Скопје се одржа состанок на Одборот на Глобалниот фонд и Министерски состанок на земјите од Југоисточна Европа 59

2.4. Мисија на СЗО во однос на епидемијата кај мажи што имаат секс со мажи 60

**3. Прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ 62**

3.1. Повреда на достоинството и изнудување мито на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ кај пациентка со ХИВ 62

3.2. Вознемирување на жена со ХИВ на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија 64

3.3. Директна дискриминација кон маж со ХИВ од страна на матичен лекар 65

3.4. Нефункционалност на механизмите за заштита од дискриминација во здравството 66

**4. Дискурсот за ХИВ во јавната сфера и медиумите 70**

4.1. Шпекулации, сензационализам и фатализам во известувањето за ХИВ 71

4.2. Спинување на информации поврзани со Националната програма за ХИВ и ЛГБТИ луѓето за партиски цели 74

4.3. Злоупотреба на Националната програмата за ХИВ од страна на ВМРО-ДПМНЕ 76

**III. Преглед на состојбите со политиките кои ги засегаат ЛГБТИ луѓето. Прекршување на човековите права на ЛГБТИ луѓето 79**

**1. Старо-новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација сè уште чека усвојување 80**

**2. Формирана Интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во Собранието на Република Македонија 86**

**3. Со измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидува глоба за медиумите кои ќе шират говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето 89**

**4. Делата од омраза – параван за намалување на казните за обвинетите во случаите на СЈО 91**

4.1. Измени на Кривичниот закон во однос на делата од омраза 92

**5. Прекршување на правата на ЛГБТИ луѓето 95**

5.1. Насилство од омраза кон геј-мажи 101

5.2. Разбојништво, кражби, уцени и изнуди 102

5.3. Дискриминација кон геј-мажи 103

5.4. Повреда на правата на геј-мажите од страна на полицијата 104

**6. Состојбите со правата на транслуѓето 106**

6.1. Позитивна пресуда на Европскиот суд за човекови права за правно признавање на родот во случајот „Икс против Македонија“ 107

6.2. Повреда на човековите права на транслуѓето 109

6.2.1. Насилство кон трансродови луѓе 111

6.2.2. Случаи на дискриминација кон трансродовите луѓе и неефикасност на механизмите за заштита од дискриминација 112

6.2.3. Повреди на правата на трансродовите луѓе од страна на полицијата 114

6.3. Истражување во заедницата – Трансродово искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација 116

6.4. ТрансФормА – Иницијатива за права на трансродовите луѓе во Македонија 119

**7. Состојбата во медиумите 120**

7.1. Истражување на ставовите на публиката во Република Македонија од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 121

7.2. Декларација за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ 122

7.3. Случаи на неетичко известување и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет 124

7.3.1. Случај „Геј-парада во Скопје поддржана од Министерство за култура“ 124

7.3.2. Случај „Културниот марксизам на Алаѓозовски: ЛГБТ + УЧК + исламисти“ 126

7.3.3. Случај кампања „Не суди кој кого љуби“ 127

**8. Во Скопје се одржа регионална ЛГБТИ конференција „Наспроти сè, иднината е наша“ 129**

**9. Викенд на гордоста „НАСТРАНО. ПОЛИТИЧКО.“ 131**

## IV. Преглед на состојбите со правата на луѓето што употребуваат дроги 133

**1. Прекршување на човековите права на луѓето што употребуваат дроги 134**

1.1. Прекршување на здравствените права на луѓето што употребуваат дроги 138

1.2. Повреда на правата на луѓето што употребуваат дроги од страна на полицијата 140

1.3. Повреда на правото на лекување како последица од отпуштање од затвор без лични документи 143

1.4. Со спроведување рации во ноќните клубови се криминализира рекреативната употреба на дроги 145

1.5. Дискриминација на луѓето што употребуваат дроги во работните односи, социјалната заштита и пристапот до добра и услуги 147

**2. Застапување за унапредување на политиките за дроги 149**

2.1. Третман за лекување на деца што употребуваат дроги 149

2.2. Декриминализација на конопот 150

2.2.1. Активности за декриминализација на конопот 151

2.3. Барања за дислокација на Центарот за лекување на зависности во Кисела Вода 152

## V. Преглед на состојбите во образованието од аспект на еднаквост, недискриминација и сексуално образование 155

**3. Состојби со законите и политиките во образованието од аспект на еднаквост и недискриминација 156**

1.1. Делумно унапредување на одредбите од Законот за високо образование 158

1.2. Стратегијата за образование 2018 – 2025 не содржи мерки за родова еднаквост и недискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет 160

1.3. Сеопфатно сексуално образование (ССО) 162

**4. Иницијатива Контрабулинг 164**

# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **АВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **Билка** | Здружение за канабис и зелени политики |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| **ДЗСИ** | Државен здравствен и санитарен инспекторат |
| **ДОМ** | Демократска обнова на Македонија |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **Заедно посилни** | Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија |
| **ЗСЗД** | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **КЗ** | Кривичен закон |
| **Коалиција Маргини** | Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници |
| **КПУ** | Казнено-поправна установа |
| **ЛГБТИ** | Лезбијки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуалци |
| **ЛДП** | Либерално-демократска партија |
| **ЛУД** | Луѓе што употребуваат droги |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МСМ** | Мажи што имаат секс со мажи |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МЦСР** | Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **НСДП** | Нова социјалдемократска партија |
| **ООН** | Организација на Обединетите нации |

| | |
|---|---|
| **ПЦЕР** | Партија за целосна еманципација на Ромите |
| **СВКПС** | Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди |
| **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| **СЗО** | Светска здравствена организација |
| **СИДА** | Синдром на стекната имунодефициенција |
| **СЈО** | Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите |
| **СРЗ** | Сексуално и репродуктивно здравје |
| **ССО** | Сеопфатно сексуално образование |
| **СТАР-СТАР** | Граѓанска иницијатива за промоција и унапредување на правата на сексуалните работници |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Организацијата на обединетите нации |
| **ХЕРА** | Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| **ХИВ** | Вирус на имунолошки недостаток кај човекот (Human Immunodeficiency Virus) |
| **ХОПС** | Опции за здрав живот Скопје, здружение на граѓани |
| **ХЦВ** | Хепатит Ц |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

## Резиме

Во 2018 година не се случија значителни промени во однос на унапредување на законите и политиките кои ги гарантираат и штитат правата на маргинализираните заедници. Но започнаа да се отвораат процеси за измени во многу закони, програми и политики кои се очекува да завршат со подобрување на состојбите. Од друга страна, исто така не е забележана промена во практиките на институциите при постапувањето со маргинализираните заедници или при постапување во случаите за заштита на нивните права.

Сè уште не е донесен Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација, кој веќе 8 месеци е заглавен во Собранието во законодавната постапка. Претседателот на Комисијата за труд и социјална политика, како матично тело за законот, одбиваше да закаже седница со Законот на дневен ред, додека Собранието не успеа да најде решение за оваа ситуација.

Во Коалицијата Маргини се документирани вкупно **233 случаи на прекршување на правата на маргинализираните заедници (84 случаи на прекршување на правата на ЛГБТИ, 100 сексуални работници, 46 на луѓе што употребуваат дроги  и 3 случаи на повреда на правата на луѓето што живеат со ХИВ).** Големиот број документирани случаи се должи на засилување на активностите за промоција на програмата за документирање и размена на информации со партнерските организации кои директно работат со маргинализираните заедници. И покрај големиот број на документирани случаи, заедниците тешко се мотивираат за покренување на постапка за заштита на своите права. Но, и во ретките случаи кога се започнува постапка, институциите не ги препознаваат нивните права, не утврдуваат дискриминација, или пак утврдуваат само парцијални повреди на правата, што не значи ефикасна и ефективна заштита.

Во однос на правата на ЛГБТИ луѓето, во **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** се забрани дискриминација и говор на омраза во медиумите врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, а се предвиде и глоба за медиумите кои нема да ја почитуваат забраната. На крајот на годината се донесоа измени на **Кривичниот закон**, во скратена постапка и на нетранспарентен начин, но со измените се доуредија, меѓу другото, делата од омраза и експлицитно се вметнаа основите сексуална ориентација и родов идентитет. Исто така, на почетокот на годината се формираше неформална **Интерпартиска група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во Собранието на Република Македонија**, која брои 14 пратеници од различни политички партии.

ЛГБТИ луѓето, особено геј-мажите и трансродовите жени, се соочуваат со различни форми на насилство од омраза, дискриминација и непрофесионален третман од страна на полицијата.

Во 2018 година се засилија активностите за застапување заради правно признавање на родот и медицинско потврдување на родот, за трансродовите луѓе. На 17 јануари 2019 година **Судот во Стразбур донесе позитивна пресуда во корист на трансродов маж, во случајот „Икс против Македонија“**, со која Судот утврди дека постојната законска рамка има јазови и сериозни недостатоци кои го довеле транслицето во ситуација на стрес и несигурност во признавањето на неговиот родов идентитет. Пресудата е прва од ваков вид во Република Македонија и врз основа на неа државата треба да донесе законско решение со кое на брз, транспарентен и јасен начин ќе овозможи промена на личните документи (ознаката за пол и матичниот број). Во 2018 година се формираше и неформална организација „ТансФормА“ за правата на трансродовите луѓе, која интензивно работеше на градење на капацитетите на заедницата за застапување и активизам.

Сексуалните работници и понатаму се соочуваат со прекршување на своите права, а насилството кон нив од страна на различни чинители (партнери, посредници, клиенти, полиција) е сѐ уште клучен проблем. Во 2018 година **организациите почнаа да се застапуваат за декриминализација на сексуалната работа** по моделот на Нов Зеланд. За таа цел организираа тркалезна маса на која учествуваа клучните институции, кои изразија позитивни ставови за потребата од промена на моделот на регулација кон декриминализација. „Маршот на црвените чадори“ и оваа година беше клучен настан, со кој сексуалните работници добија голема видливост.

Во контекстот на ХИВ, 2018 година ја одбележаа две главни постигнувања: од една страна, беа обезбедени значајни стратешки информации кои даваат појасна и поцелосна слика за епидемијата на ХИВ во Република Македонија, а од друга страна, беше целосно воспоставена практиката на финансирање на активностите за превенција и поддршка насочени кон клучните популации засегнати од ХИВ, коишто ги спроведуваат граѓанските организации во рамките на Националната програма за ХИВ. Покрај тоа, повторно беше воспоставена Националната комисија за ХИВ при Министерството за здравство, во која, покрај претставници на релевантните институции, членуваат и претставници на граѓанскиот сектор и на дел од засегнатите заедници. Може да се каже дека со овие главни столбови, **2018 беше година на утврдување на националниот одговорот кон епидемијата на ХИВ**, односно на ХИВ како социјален проблем.

Луѓето што живеат со ХИВ документираа три случаи на дискриминација во пристапот до здравствени услуги, поради ХИВ-позитивниот статус.

Луѓето што употребуваат дроги исто така продолжија да се соочуваат со дискриминација во здравството и со други прекршувања на здравствените права, што сè уште претставува клучен проблем на оваа заедница, заедно со повредата на нивните права од страна на полицијата. Во 2018 година се документирани три случаи на физичко насилство кон луѓе што употребуваат дроги од страна на полициски службеници.

Во однос на политиките за дроги се интензивираше **застапувањето на декриминализација на личната употреба на дроги, со фокус на декриминализација на конопот.** Но, од друга страна, продолжија прогонот и криминализацијата на луѓето кои употребуваат дроги преку арбитрарниот и нецелисходен начин на примена на законската рамка.

Во 2018 година се актуализираше прашањето за немање програма за лекување на деца кои употребуваат дроги, **а Министерството за здравство, заедно со клучните актери, подготви Предлог-програма** која сè уште не е усвоена.

Состојбите во образованието, од аспект на превенција и заштита од силеџиство и дискриминација засновани врз род, родов идентитет и сексуална ориентација, не бележат значајно унапредување. Процесот на ревизија на учебниците е неизвесен и нетранспарентен, а граѓанските организации не се вклучени во него, и покрај многуте барања. Законот за високо образование доби парцијални измени и во однос на унапредување на еднаквоста и недискриминацијата, но не се вметнаа одредби преку кои се операционализираат овие заложби.

Кај медиумите отсуствува интерес за суштинско занимавање со проблемите на маргинализираните заедници. Беа документирани и случаи на неетичко известување и употреба на говор на омраза од страна на ограничен број медиуми во врска со програмата за ХИВ, стигматизација на сексуалните работници и говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето.

# I.

## Преглед на состојбите со правата на сексуалните работници

# 1.

# ПОВРЕДИ НА ПРАВАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Во текот на 2018 година во Коалицијата Маргини се документираа **100 случаи на прекршување на правата на сексуалните работници.** Случаите се документирани од страна на самите жртви, параправничките и правниците на ХОПС и членовите на СТАР-СТАР. Во сите случаи жртви се полнолетни сексуални работници кои доброволно се занимаваат со сексуална работа.

Податоците од документираните случаи, иако не се репрезентативни, говорат за континуирани повреди на правата на сексуалните работници, за недостиг од пристапни и ефикасни механизми за заштита, за системска дискриминација и насилство.

## Табела бр. 1: Документирани случаи според видот на повредата на правата и карактеристики на жртвите

| Вид на повреда на права[1] | | Карактеристики на жртвата | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Цисродови жени | Трансродови жени2 | Странски државјани | Геј | Вкупно |
| 1.1. | Вербално и психолошко насилство од трети лица[3] (навреди, уцени и закани) | 7 | 5 | | | 12 |
| 1.2. | Физичко насилство од трети лица, вклучително и обид | 8 | 2 | 1 | | 11 |
| 1.3. | Говор на омраза и вербално насилство на социјални мрежи | | 1 | | | 1 |
| 1.4. | Силување од трети лица | 3 | | 1 | | 4 |
| 1.5. | Кражби од трети лица | 2 | | | | 2 |
| **1.0.** | **Вкупно насилство од трети лица** | **20** | **8** | **2** | | **30** |
| 2.1. | Неплаќање од клиенти | 6 | 3 | 1 | 1 | 11 |
| 2.2. | Вербално и психолошко насилство од клиенти | 15 | 7 | | 2 | 24 |
| 2.3. | Физичко насилство од клиенти | 10 | 2 | 1 | 1 | 14 |
| 2.4. | Силување од клиенти | 5 | 2 | 1 | 1 | 9 |
| 2.5. | Кражби од клиенти | 3 | 1 | | | 4 |
| **2.0.** | **Вкупно повреда на права од клиенти** | **39** | **15** | **3** | **5** | **62** |
| 3.1. | Дискриминација во здравството | 2 | | | | 2 |
| 3.2. | Дискриминација во системот на социјална заштита | 2 | | | | 2 |
| **3.0.** | **Вкупно дискриминација** | **4** | | | | **4** |
| 4.1. | Вербално и психолошко насилство од полиција | 9 | 1 | | | 10 |
| 4.2. | Физичко насилство од полиција | 4 | | | | 4 |
| 4.3. | Силување од полиција | 3 | | | | 3 |
| 4.4. | Одбивање на заштита на права од полиција (непостапување) | 4 | 1 | | | 5 |
| 4.5. | Повреда на права од полициска постапка | 5 | | | | 5 |
| **4.0.** | **Вкупно повреди на права од полиција** | **25** | **3** | | | **27** |
| **5.0.** | **Семејно насилство (сите форми)** | **33** | **1** | **4** | | **38** |
| **6.0.** | **Експлоатација** | **2** | | **2** | | **4** |
| | **Вкупно** | **123** | **26** | **11** | **5** | **165** |

1 Во повеќето случаи има обележја на повеќе повреди (на пример, жртвата преживеала насилство, па отишла во полиција, каде што се соочила со деградирачки третман, или во еден случај била жртва на сите форми на насилство од страна на клиентот).

2 Не се вклучени случаите на повреда на правата на геј и транссексуалните работници, каде причина за повредата била сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Бидејќи не може во секој случај да се направи јасна разлика во мотивот на сторителите, во табелата се земени предвид случаите каде е поверојатно дека и статусот на сексуален работник и припадноста на ЛГБТИ заедницата влијаеле врз повредата.

3 Посредници, насилници на оворена сцена, т.н. заштитници на сексуалните работници, гости во локалите во кои работат, дилери, познајници и случајни минувачи.

Најголем дел од документираните случаи се од **Скопје (39), Гостивар (34), Струга (10) и Струмица (10)**, а помалку случаи се документирани во Тетово (2), Охрид (3) и други градови (Табела бр. 2). Овие податоци се должат на засилени активности за документирање на случаи меѓу заедницата на сексуални работници во Гостивар, Струмица, Охрид и Струга, каде што во изминатите две години се спроведуваа обуки за документирање. Голем дел од документираните случаи се пријавени од страна на параправниците на ХОПС кои работат во Скопје, Гостивар, Струмица, Струга и Охрид. СТАР-СТАР во 2017 година отвори регионална канцеларија во Гостивар, СТАР Запад, каде сексуалните работници доаѓаат за советување, едукација, здравствени услуги, бесплатни кондоми и лубриканти, со што се зголеми пристапот до оваа заедница во Гостивар. Сексуалната работа се одвива на целата територија на државата, но најголем дел од сексуалните работници работат во Скопје и во Полошкиот Регион, додека во Струга и Охрид сексуалната работа се засилува сезонски. Сексуалната работа се одвива и во други поголеми градови, како Битола и Куманово, но и во пограничните места околу Гевгелија и Дојран. Но, во овие градови не се достапни специјализирани правни или параправни услуги за сексуалните работници, па затоа нема документирани случаи од тие региони.

**Табела бр. 2: Документирани случаи поделени по градови во кои се случиле**

| | |
|---|---|
| Скопје | 39 |
| Гостивар | 34 |
| Струмица | 10 |
| Тетово | 2 |
| Струга | 10 |
| Охрид | 3 |
| Кавадарци | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно** | **100** |

Сексуалната работа во Македонија се одвива на отворена сцена, на улица, и на затворено – во станови, хотели и угостителски објекти. Отворена сцена има постојано во Скопје, Тетово и Гостивар, а во другите градови, какви што се туристичките места, се појавува сезнски.

Најголем дел **(34) од случаите се во домот на сексуалните работници (Табела бр. 3)**, поради што е голем бројот на случаи на семејно насилство. Ова значи дека сексуалните работници не се безбедни ниту во сопствениот дом. Иако

не се работи за репрезентативни податоци, сепак бројката е загрижувачка. Од друга страна, поверојатно е сексуалните работници да пријават случај на семејно насилство бидејќи за овие случаи се помотивирани да побараат помош (правни или параправни услуги), за разлика од случаите на насилство од страна на клиенти или посредници, бидејќи во овие случаи треба да им кажат на полициските службеници дека се занимаваат со сексуална работа.

За најнебезбедна се смета сексуалната работа на отворено, каде ризикот од сите форми на насилство од страна на посредници, клиенти, трети лица и полициски службеници е најголем, но ниту сексуалните работници кои работат на затворено не се безбедни. **Документирани се 18 случаи на отворена сцена и 22 на затворена, од кои 11 во станови и хотелски соби и 10 во угостителски објекти.** Сексуалните работници кои работат во кафеани и клубови, најмногу во Полошкиот Регион, се изложени на насилство од страна на сопствениците и гостите во локалите, но и спроведувањето на рации од страна на полицијата негативно влијае врз нивната безбедност. Сексуалните работници кои работат во станови и хотелски соби најчесто услугите ги нудат и договараат преку огласи на Интернет, социјални мрежи и преку телефон. Но, иако работата на затворено во стан најмен за таа намена е побезбедна, бидејќи речиси нема ризик од насилство од страна на посредници и полицајци, сепак овие сексуални работници се соочуваат со насилно однесување и неплаќање за услугите од клиентите.

**Табела бр. 3: Документирани случаи поделени по местото каде што се случиле**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Отворена сцена** | **18** |
| 1.1. | Затворена сцена – станови, хотелски соби | 12 |
| 1.2. | Затворена сцена – угостителски објекти | 10 |
| **2.** | **Затворена сцена, вкупно** | **22** |
| **3.** | **Автомобили на клиенти** | **2** |
| **4.** | **Сопствен дом** | **34** |
| **5.** | **Јавни установи** | **7** |
| 5.1. | Друго (улица) | 9 |
| 5.2. | Друго (социјални мрежи, телефон и разно) | 8 |
| 6. | Друго | 17 |
| | **Вкупно** | **100** |

## 1.1. Сексуалните работници се жртви на сите форми на насилство од страна на посредници, локални насилници и трети лица

Сексуалните работници на отворена сцена, а помалку и оние на затворена, често се цел на насилство од страна на посредници, но и локални насилници кои ги тепаат, малтретираат, крадат, и сексуално ги вознемируваат. Во 2018 година се документирани **30 случаи во кои има насилство кон сексуални работници од страна на посредници и трети лица.** Од овие, во **4 случаи е документирано силување на сексуални работници од страна на посредници и останати трети лица,** случаи кои најчесто се проследени со брутално физичко насилство, закани за животот и ограбување. Во **11 случаи е документирано физичко насилство од страна на посредици и други лица, додека во 12 вербално и психолошко насилство.** Родово засновано насилство од омраза е документирано во неколку случаи, каде сексуални работници биле жртви на вербално и физичко насилство од страна на групи возрасни мажи, кои го извршиле само поради тоа што жените се сексуални работнички. Во еден случај во Струга, додека сексуалната работничка стоела на улица и чекала клиенти, тројца мажи почнале да ја навредуваат и исмеваат. Жртвата почнала брзо да оди за да се оддалечи од нив, но едниот ја повлекол, а другиот ѝ го кренал фустанот. Откако почнала силно да вика, насилниците се разбегале.

**Сексуална експлоатација е документирана во 4 случаи,** од кои во два жртви се странски државјанки. Сексуалната експлоатација се карактеризира со принудување на сексуална работа, целосна контрола на заработката и движењето на жртвите, проследено со сите форми на насилство. Како сторители во овие случаи се јавуваат посредници, кои понекогаш се и вонбрачни партнери на сексуалните работници. Во сите случаи се работи за сексуални работнички кои доброволно се занимаваат со сексуална работа, но поради ранливата положба, небезбедните услови за работа, непристапноста на механизмите за заштита – механизам каков што е полицијата, стануваат жртви на експлоатација. Во еден случај една сексуална работничка мигрантка со дозвола за привремен престој, била жртва на сексуална експлоатација од страна на посредникот и вонбрачен партнер. Една недела била заклучена во мотелска соба, каде што била принудена да дава сексуални услуги, од кои сите пари ги земал посредникот. По една недела успеала да избега и добила поддршка од други сексуални работници.

Особено ранливи на експлоатација и други форми на насилство се сексуалните работнички мигрантки, кои доброволно доаѓаат во Полошкиот Регион за да даваат сексуални услуги, но поради нерегулираниот престој и стравот од враќање во земјата на потекло, небезбедните услови во кои се одвива

сексуалната работа, лесно стануваат жртви на посредувачите и сопственицитe на клубови. Во 2018 година за првпат се документирани случаи во кои има **повреда на права на сексуални работнички мигрантки (11).** Програмите за поддршка на сексуалните работници исто така се соочуваат со бариери во пристапот до мигрантите, но сведоштвата на теренските работници се во поткрепа на заклучокот дека овие жени се најранлива група. Според искуства на вработените во канцеларијата на СТАР во Гостивар, причината поради која тешко одржуваат контакт со мигрантките сексуални работнички се честите рации по кои жените ја напуштаат земјата или градот, и сексуалната експлоатација која се карактеризира со противправно лишување од слобода.

## 1.2. Насилство од страна на клиенти и проблеми со наплата

Во 2018 година се документирани **62 случаи на проблеми со клиенти**, од неплаќање за услуга до застрашувачки форми на физичко и сексуално насилство, со кои здравјето на работниците е сериозно нарушено, а понекогаш доведуваат и до ризик за животот.

Исто како кај насилството од трети лица, сексуалните работници на улица се под поголем ризик за насилство од страна на клиенти. Сепак, дел од документираните случаи се насилство од страна на клиенти при работа на затворено (станови или хотелски соби), додека клиентите се договараат по телефон. Овие сексуални работници најчесто работат без заштитници, така што доколку клиентот не сака да плати или ги побара парите назад после добивањето на сексуалната услуга, работниците немаат многу опции за наплата. Дел од случаите се однесуваат и на принудување на друга сексуална услуга од договорената, насилно однесување, навреди и уценување.

Причините поради кои сексуалните работници на отворено се дополнително изложени на насилство од клиенти е и времето за процена и преговарање, кое е пократко на улица отколку на Интернет или преку телефон, но и карактеристиките на самите клиенти. Додека сексуалните работници на затворено почесто работат со клиенти кои ги познаваат и редовно ги користат нивните услуги, на улица сексуалните работници можат да затекнат секакви клиенти, кои често се под дејство на алкохол и други психотропни супстанции.

Освен **проблемите со наплата (11 случаи)**, сексуалните работници се соочуваат и со **кражби од страна на клиенти (4)**, кои применувајќи закани и насилство, им ги одземаат најчесто парите и телефоните.

Во **14 случаи е документирано физичко насилство од страна на клиенти, а во 9 силување.** Клиентите во многу случаи не го почитуваат договорот за видот на договорената сексуална услуга. Во моментот кога сексуалните работници ќе го увидат тоа, тие се обидуваат да се спротивстават, но тоа најчесто завршува со физичко насилство и силување. Во еден случај во Струга, сексуална работничка го чекала клиентот во мотелска соба; кога дошол, таа забележала дека е под дејство на алкохол и droги, по што се обидела да си замине. Наместо да ја почитува нејзината волја, клиентот ја силувал.

Само во еден случај на силување од страна на клиент жртва е геј-маж сексуален работник. Откако се договорил со клиентот, отишол во станот каде што имало уште тројца мажи. Сексуалниот работник се побунил дека не бил таков договорот и сакал да си замине, по што мажите го силувале и брутално го претепале. На крај, со автомобил го однеле надвор од градот и го исфрлиле од автомобилот.

Еден од документираните случаи се однесува на сексуална работничка која по договорот со клиентот отишла во неговиот стан, каде видела дека има уште неколку негови пријатели, сите во алкохолизирана состојба. Откако кажала дека се согласила на сексуална услуга само со клиентот, почнале да ѝ се закануваат и да ја принудуваат да остане, но девојката успеала да истрча од станот.

Кај физичкото насилство и силувањето често сторители се и поранешни клиенти, со кои сексуалната работничка повеќе не сака да договара средби поради неплаќање или насилно однесување. Но, овие насилници не го почитуваат тоа, туку ги принудуваат и грабнуваат сексуалните работници.

## 1.3. Трансжените и сексуалните работници кои употребуваат дроги се уште поизложени на насилство и маргинализација

Некогаш поради потребата итно да се дојде до пари заради обезбедување на основни потреби за живот или задоволување на потребата за дрога, сексуалните работници прифаќаат да дадат услуги и на сомнителни клиенти, со што се изложуваат на поголем ризик од насилство. Со самата употреба на дрога и нејзино купување, овие сексуални работници доаѓаат во контакт со лица со претходно криминално минато кои често ги малтретираат и ограбуваат. Во четири од документираните случаи (3 со физичко насилство и 1 силување проследено со брутално физичко насилство) употребата на

дроги влијаела врз изложеноста на насилство. Сексуална работничка која употребува дроги била жртва на физичко насилство од страна на дилер и корисник на дроги, комушто му должела пари. Во друг случај сексуална работничка го викнала дилерот за да купи, но тој ја ограбил и притоа применил вербално, психолошко и физичко насилство.

Од друга страна, поради инјектирањето на дроги, овие сексуални работници се соочуваат со дополнителни прекршувања на своите права – дискриминација во здравството, одбивање да им се дадат здравствени услуги, несоодветен третман на зависноста, чести претреси и малтретирање од полицијата во врска со употребата на дроги.

Во 2018 година се документирани **26 повреди на правата на трансжените сексуални работнички.** Трансжените како сексуални работнички дополнително се соочуваат со насилство мотивирано од омраза поради родовиот идентитет, кое е присутно и на отворена сцена. Трансжените се соочуваат и со вербално насилство и исмевање поради трансродовоста од страна на клиенти, и покрај тоа што ги користат нивните услуги. На пример, откако една трансжена се договорила со клиент за еротска масажа, клиентот дошол со уште тројца мажи на договорената средба. Откако се побунила дека тоа не е договорено, мажите почнале да ја нарекуваат „педер“ и да се закануваат дека ќе ја силуваат и тепаат. Во друг случај група од неколку мажи почнала да навредува и да им се заканува на три трансродови сексуални работнички откако дознале дека не се „вистински жени“. Трансжените почнале да бегаат и успеале да се засолнат, додека насилниците ги бркале со автомобил.

Во **6 случаи е документирано вербално и психолошко насилство и говор на омраза, а во 2 физичко насилство од страна на трети лица.** Во еден случај во Гостивар, додека една трансжена одела на работа, била пресретната од група помлади мажи кои почнале да ја исмеваат и навредуваат. Се обидела да бега, но ја повлекле за рака, по што брутално ја истепале. Од случаите на **повреда на права од страна на клиенти (15)**, најбројно **е вербалното и психолошко насилство (навреди, закани, омаловажување), документирано во 7 случаи.** Понатаму, од **проблемите со клиенти документирани се 3 случаи на неплаќање за услуга, два случаја на физичко насилство и два случаја на силување.** Во еден од случаите, клиентот договорил друга услуга од трансжената, но ја принудил на пенетрација заканувајќи ѝ се дека ќе ја убие. Сексуалната работничка прифатила бидејќи клиентот имал и пиштол. Другите документирани случаи во кои жртви се трансжени сексуални работнички се однесуваат на вербално насилство од страна на полиција (1) и одбивање на заштита (1), и семејно насилство (1).

На проблемите што ги имаат како сексуални работници/чки се надоврзуваат и проблемите кои произлегуваат од неприфаќање на трансродовоста.

Најчести се насилството и дискриминацијата од страна на околината, семејството и институциите поради родовиот идентитет, проблемите со пристапот до здравствени услуги за медицинско потврдување на родот и неизвесноста придружена со правното признавање на родот.

## 1.4. Ризикот од семејно насилство е поголем кај сексуалните работници

Во 2018 година се евидентирани **38 случаи на семејно насилство во кои жртви се сексуални работници.** Освен 4 случаи, во кои сторители се други членови на семејството (родители и деца), во најголем дел од случаите сторители се вонбрачни партнери, сопрузи и поранешни сопрузи. Дополнителен ризик за семејно насилство е занимањето, бидејќи сексуалните работници немаат поддршка за сексуалната работа од партнерите, поради што трпат насилство. Во еден случај вонбрачниот партнер ја претепал сексуалната работничка и ѝ се заканувал дека ќе ја убие, бидејќи наводно дознал дека била заклучена со клиент во кафеаната каде што работи. Сексуалните работници кои имаат деца често слушаат закани од партнерите дека ќе им ги земат децата ако го пријават насилството, бидејќи сметаат дека сексуалната работа е легитимна основа за тоа децата да му се доверат на таткото насилник. Во дел од случаите **(8) е евидентирано и економско насилство** – од една страна на насилните партнери им пречи сексуалната работа, но од друга страна, тоа не е пречка за да им ги земаат парите.

Генерално, семејното насилство ретко се пријавува од страна на жртвите, а причините за тоа се недовербата во институциите, стравот од насилникот и стигмата од околината, која често ја обвинува жртвата. Кај сексуалните работнички стигмата од околината и од страна на институциите е уште поголема, а ова е поизразено во помалите градови, каде полицијата најчесто знае за занимањето на жените. Од сите **38 случаи само 8 се пријавени во полиција, а од нив полицијата постапила коректно во 5**, додека во **2 случаи жртвите се соочиле со осуди и во 1 случај со непостапување од страна на полицијата.** Во еден од случаите сексуална работничка се обратила до полицијата за да пријави семејно насилство, но полициските службеници ѝ рекле: „Продолжи да се курваш и да пиеш, твоите да не сакаш да те милуват". Во другиот случај, кога сексуалната работничка отишла да го пријави поранешниот сопруг, полицајците ѝ возвратиле: „Што бараш ти овде, пак ли ќе пријавуваш?".

Полицијата сѐ уште постапува непрофесионално во случаите на семејно насилство, понекогаш одбива да ги заштити жртвите, советувајќи ги да се смират со партнерите, а ако знаат за сексуалната работа, ги советуваат да престанат да работат. Во општество во кое сѐ уште се сретнуваат случаи на обвинување на жртвите на семејно насилство, кога жртвата е сексуална работничка нема дилема дека самата го предизвикува и го заслужува насилството.

Правната советничка од ХОПС документираше случај во кој постара жена сексуална работничка од Скопје, е жртва на семејно насилство од страна на синот. Жената била придружувана во Градска болница, каде здравствениот персонал повикал полиција, но полицајците одбиле да дојдат во болницата и кажале жртвата да отиде во ПС „Беко". Жената била придружувана од правничката од ХОПС. Кога отишле во ПС „Беко", им рекле дека треба да одат во ПС Чаир, бидејќи поради адресата на живеење „не сакаат да се мешаат во работата на колегите". Но, по неколку обиди од страна на тимот на ХОПС и препраќање од една во друга полициска станица, жената се демотивирала и се откажала од пријавување на насилството. Овој случај покажува дека полицајците сѐ уште не се доволно сензибилизирани за постапување во случаите на семејно насилство, немаат однос кон комплексноста на проблемот и ранливоста на жртвите, а од друга страна не го почитуваат доследно Законот за превенција, заштита и спречување на семејно насилство.

## 1.5. Дискриминација во пристапот до здравствени и социјални услуги

Во 2018 година документирани се **2 случаи на дискриминација во здравствени установи и 2 во центри за социјална работа.** Во едниот случај се работи за вознемирување од страна на медицинската сестра на гинекологија, која ги омаловажувала и ги испрашувала сексуалните работници за нивниот приватен живот, и тоа пред други пациенти во чекалницата. Во другиот случај се работи за директна дискриминација врз основа на здравствена состојба кон сексуална работничка која живее со ХЦВ – матичниот гинеколог директно ѝ кажал дека нема повеќе да ја прима бидејќи ризикувал да добие ХЦВ.

Центрите за социјална работа исто така не се доволно сензибилизирани за работа со сексуални работници, ниту пак нудат специјализирани услуги за помош и поддршка на сексуални работници. Во процената на потребите и

приоритетите на сексуалните работници[4], системот за социјална заштита беше најлошо оценет (2,12 на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став). Сексуалните работници сметаат дека им е потребна социјална помош (4,85), но дека ретко ја добиваат (1,38).

Од една страна, социјалните работници ги осудуваат за занимањето, а од друга страна одбиваат да им дадат социјална помош бидејќи имаат примања од сексуалната работа или ги условуваат да престанат со сексуалната работа. Во еден случај жена жртва на семејно насилство и сексуална експлоатација од поранешниот вонбрачен партнер, во придружба на параправничката, со уредни документи се обратиле до МЦСР Гостивар. Откако по долго одолжување социјалната работничка ги примила, веднаш почнал да се однесува деградирачки и понижувачки, кажувајќи дека ѝ е добро познат случајот од претходните обиди за добивање социјална помош, по што ѝ се заканила дека ќе ѝ го земе детето ако не престане со сексуална работа. Социјалната работничка на крај ги зела документите и рекла дека ќе види што може да направи. Во друг случај, сексуална работничка се обратила до Центарот за социјална работа во Тетово за да се информира и да побара социјална помош, на што социјалната работничка дрско ѝ одговорила дека таа работи (мислејќи на сексуалната работа) и нема зошто да бара социјална помош.

Занимавањето со сексуална работа не смее да биде само по себе легитимна основа за да не се овозможи социјална помош, особено кога станува збор за жртва на насилство и самохрана мајка. Додека сексуалната работа не се уреди како еднакво занимање врз чија основа се добива здравствено, пензиско осигурување и други права од работен однос, социјалните работници немаат право арбитрарно да ги земаат предвид приходите од сексуалната работа. Од друга страна, пак, дури и да сакаат да ја напуштат дејноста, сексуалните работници немаат на располагање соодветни социјални програми за доквалификација и наоѓање на друга работа.

Коалицијата Маргини, во соработка со Заводот за социјални дејности, континуирано спроведува обуки за вработените во центрите за социјална работа (социјални работници и стручни соработници) со цел сензибилизирање за работа со сексуални работници и други маргинализирани заедници. Досега со обуките се опфатени околу 250 социјални работници и стручни соработници од цела Македонија. Но, за да се унапредат состојбите, потребно е подобрување и на формалното образование на социјалните работници,

4 „Истражување во заедницата: системот на социјална заштита е непристапен за сексуалните работници". Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Годишен извештај 2017. Коалиција Маргини, стр. 80.

во кое воопшто нема содржини кои сексуалната работа ја претставуваат од аспект на човекови права, наспроти учебниците со стигматизирачки и дискриминаторски ставови кои ги портретираат сексуалните работници како криминалци[5]. Со цел да се приближи системот на социјална заштита до сексуалните работници, неопходно е да се изгради ефикасен систем за заштита во случаите на дискриминација и други повреди на правата, кој ефективно ќе ги казнува социјалните работници одговорни за прекршувањата.

## 1.6. Непријавување на насилството и другите повреди на правата

Сексуалните работници речиси никогаш не го пријавуваат насилството, особено кога произлегува од сексуалната работа. Иако ретко, сепак поверојатно е да се пријави семејно насилство или насилство од трети, непознати сторители отколку од клиенти или посредници. Пријавувањето насилство кое произлегува од сексуалната работа значи дека на полицискиот службеник треба да му се открие занимањето, па се ризикува да се наиде на непочитување на приватноста и доверливоста, но и на стигма и обвинување на жртвата.

За разлика од цисродовите сексуални работнички, трансжените почесто пријавуваат случаи, особено кога случајот е поврзан со трансродовоста, а во околината повеќе не го кријат родовиот идентитет. Несензитивноста и неинформираноста за трансродовоста од страна на институциите и полицијата доведува до тоа да не ги препознаваат како трансжени, ниту пак да ги третираат како жени, туку најчесто како хомосексуалци. Така, наместо со предрасудите кои произлегуваат од нормите за женската сексуалност, трансжените се соочуваат со хомофобија.

Недовербата во полицијата е заедничка за сите сексуални работници, а најчесто е оправдана од сопствени негативни искуства при контакт со полицијата. Најголем дел од сексуалните работници во полицијата не гледаат орган кој ги заштитува, туку уште еден безбедносен ризик. Сексуалните работници сметаат дека полицијата нема да ги сфати сериозно, ќе ги исмее и нема да преземе ништо за да ги казни насилниците. Во дел од случаите кога се работи за насилство од страна на трети, непознати лица, сексуалните работници сметаат дека е беспредметно да пријавуваат непознати стори-

5 Пример е учебникот „Социјална патологија“ од Н. Стојановски и З. Сулејманов. Скопје, 2002.

тели, бидејќи полицијата ќе им каже дека не можат да најдат непознато лице. Оваа практика на полицијата е загрижувачка. При спроведување на истражување за родово заснованото насилство на јавен простор во Тетово се потврди истата практика, па најголем дел од жените кажаа дека не пријавуваат насилство од непознати сторители бидејќи полицијата ќе им каже дека бадијала пријавуваат, бидејќи нема како да го најдат насилникот[6]. Во еден од документираните случаи жртвите навеле дека не ги пријавиле сторителите бидејќи „нема како да дознаеме кои се". Обезбедувањето на докази и пронаоѓањето на сторителите не се обврска на жртвите на насилство, туку на полицијата. Фактот дека се работи за непознат сторител не смее да биде причина за одбивање на примање на пријава, без притоа да постои каков било обид да се најде сторителот.

Од сите документирани случаи на насилство **само 14 се пријавени во полиција, додека во 5 е документирано непостапување**, односно одбивање да се заштити жртвата. Од случаите кои се пријавени во полиција 8 се семејно насилство, 3 се случаи на психолошко и вербално насилство од клиенти, заканување и уценување, и 3 се случаи на насилство од страна на трети лица. Во еден пријавен случај се работи за вербално насилство и малтретирање од страна на гости во кафеана кон трансжени сексуални работнички. Едната од трансжените отишла во Полициска станица Тетово да пријави, но се соочила со непрофесионален и деградирачки третман. Полицискиот службеник ја прашал „дали си педер?", а потоа ѝ кажал: „Што мајка бараш да одиш таму?" мислејќи на кафаната, по што трансжената сфатила дека нема да ѝ помогнат и си заминала од полициската станица. Во друг случај сексуална работничка била жртва на вербално насилство, исмевање и закани од страна на трето лице, сопруга на полициски службеник. Сексуалната работничка се обидела да повика полиција на 192, од каде ѝ кажале дека не доаѓаат за вербален напад. Но ова правило не важело кога сопругата на полицискиот службеник се јавила на 192, по што полициските службеници дошле и примиле пријава од сторителката. Во друг случај се работи за насилство од омраза кон сексуална работничка; тројца мажи на отворена сцена почнале да ја навредуваат, да ја пипкаат по телото и извадиле ножеви. Тогаш случајно поминал некој минувач и насилниците се разбегале, а работничката отишла да ги пријави во полиција. Полицајците ја ислушале, но не примиле пријава ниту постапиле некако, туку ја советувале да престане да работи како сексуална работничка.

Во **9 од документираните случаи како причина за непријавување е наведен исказ што укажува на недоверба во полицијата:** страв од криминализација, страв дека ќе се дознае дека е сексуална работничка, перцепција за

6 Нацрт-извештај за родово засновано насилство на јавен простор во Град Тетово

непотизам или корупција во полицијата, претходно искуство на деградирачки третман од страна на полицијата, како и страв од враќање во земјата на потекло кај сексуалните работници мигранти. Во два од документираните случаја на брутално физичко насилство и силување, како причина за непријавувањето е наведено дека насилникот е моќен човек што „има врски во полицијата". Заканите од сторителите, дека насилството ќе се повтори и ќе стане и полошо, се исто така причини за непријавување. Во еден случај на физичко насилство и ограбување од страна на клиент причина за непријавување е дека полициските службеници кривично ќе ја гонат жртвата бидејќи е сексуална работничка.

Причините за непријавување зборуваат за деградирачкиот и понижувачки однос на полицијата кон сексуалните работнички. Иако согласно КЗ нудењето и давањето на сексуални услуги не е кривично дело, полицијата се однесува со сексуалните работници како со криминалци, па затоа одбива да ги заштити од насилство, а често им се заканува и ги обвинува жртвите.

За **11 од документираните случаи на физичко и сексуално насилство имаме податоци дека жртвите не отишле ниту на лекар.** И покрај тоа што во случаите се работи за силување и сериозни физички повреди, жртвите се плашат дека, ако отидат на лекар, здравствените работници ќе повикаат полиција. Како причина за неодењето на лекар е наведено и немањето на здравствено осигурување.

## 1.7. Полициски службеници како сторители на повреди на права на сексуални работници

Документирани се вкупно **22 повреди на права на сексуални работници чии директни сторители се полициски службеници.** Овие повреди се документирани во 14 посебни случаи. Во **5 случаи има повреда на правата од полициско постапување**, и тоа: нелегален претрес, приведување подолго од 12 часа и условување дека ќе ги пуштат од полициската станица ако се потпишат на документ без да им дозволат да го прочитаат. Во **10 случаи е евидентирано вербално и психолошко насилство (навреди, исмевање и закани), во 4 случаи има физичко насилство, а во 5 сексуално насилство и вознемирување[7], од кои во 3 случаи е документирано силување на сексуални работници од страна на полицајци.**

7 Во случаите најчесто се застапени сите форми на насилство. На пример, во случај на спроведување на рации, полицајците ги навредуваат, ги тепаат и сексуално ги вознемируваат сексуалните работнички.

Дури 7 од случаите се од Гостивар, 5 од Струмица, и по 1 во Тетово и во Скопје. Иако од ова не можеме да заклучиме дека полициските службеници во Гостивар полошо постапуваат со сексуалните работници отколку во другите градови, сепак интензивното спроведување на рации во угостителските објекти во Гостивар придонесува кон прекршувањето на правата од страна на полицијата.

**Табела бр.4: Видови повреди на правата каде сторители се полициски службеници**

| Полициски службеници сторители на повреди на права на сексуални работнички | | |
|---|---|---|
| 1. | Повреда на други права од полициска постапка | 5 |
| 1.2. | Нелегален претрес | 3 |
| 2.1. | Вербално и психолошко насилство | 10 |
| 2.2. | Физичко насилство | 4 |
| 2.3. | Сексуално насилство и вознемирување | 5 |
| 2.3.1. | Силување | 3 |

Дури и кога се обраќаат во полицијата за други услуги, неповрзани со пријавување случаи на насилство, сексуалните работници се соочуваат со истиот деградирачки третман. Една сексуална работничка пријави дека отишла да си ја подигне личната карта, а полицискиот службеник почнал да ѝ вика дека нема време за неа и се јавил на пријавницата за да им каже на колегите да не ја пуштаат другпат да влезе додека е тој на смена.

Случаите на силување на сексуални работнички најрепрезентативно покажуваат до каде може да отиде полициската бруталност и за грубото кршење на човековите права. Овие полицајци ја злоупотребуваат службената положба и моќта која им е дадена од општеството за да нè штитат од криминал, со цел да се изживуваат и на најгруб начин да ги повредуваат сексуалните работници. Од друга страна, пријавувањето на овие случаи е малку веројатно поради стравот од сторителите и неверувањето дека случајот ќе заврши со казнување на полицаецот. Во еден од случаите, полициски службеник без наредба, на јавно место, извршил претрес на сексуална работничка, а откако ѝ нашол пола грам хероин за лична употреба, почнал да ја уценува дека, ако не му даде сексуална услуга, ќе ја приведе. Во друг случај, двајца полициски службеници кои претходно постојано ја вознемирувале сексуалната работничка, ѝ пристапиле и почнале да ѝ се закануваат и да ја грабаат, по што ја принудиле да им даде сексуална услуга без да ѝ платат.

Коалицијата Маргини бара итно да се промени ваквиот третман на полицијата кон сексуалните работници, преку казнување на полициските службеници сторители, како и преку засилена контрола над начинот на постапување и преку едукација. Коалицијата Маргини бара итно да се зајакнат и реформираат Одделот за внатрешна контрола и професионалните стандарди на МВР и другите механизми за контрола на полицијата. Коалицијата Маргини бара од Јавното обвинителство кривичен прогон и ефективни кривични санкции за полициските службеници сторители на кривични дела какви што се малтретирање во вршење на службата, насилство, изнуда, уцена, силување и друго.

Коалицијата Маргини ја повикува Владата на Република Македонија да започне со измени на законската рамка за регулирање на сексуалната работа и за нејзино декриминализирање, со што ќе се гарантираат безбедни услови за работа, како и заштита на здравјето и човековите права на сексуалните работници.

# 2.

# СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РАЦИИ ИМ ШТЕТИ САМО НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

МВР објави дека во 2018 година биле „откриени околу 250 претежно танчарки и пејачки во 74 акциски контроли, или двојно повеќе за разлика од пред две години“[8]. Рациите се спроведуваат со цел откривање и протерување на странските државјанки кои работат во клубовите без регулиран престој, казнување на клубовите кои работат спротивно на закон, но и поради проверки поврзани со други кривични дела, како трговија со луѓе и пуштање во промет на дроги.

Во јавноста преовладуваат информации дека во кафеаните и клубовите во Полошкиот Регион работат сексуални работнички (домашни и странски државјанки). Во некои клубови се одвива сексуалната работа, а сопствениците дејствуваат како посредници, но постојат угостителски објекти во кои сексуалната работа е забранета од самите газди, а жените работат како келнерки, танчарки или пејачки. Но, дури и во објектите каде што не се одвива сексуална работа, нивните сопственици дејствуваат како посредници кон странските државјанки надвор од клубот.

Најголем дел од жените доаѓаат доброволно во Македонија за да се занимаваат со сексуална работа, бидејќи Полошкиот Регион е познат по побарувачката. Впрочем, сексуални работници од цела Македонија често одат во Тетово и Гостивар за да работат сезонски или преку викенд. Но, поради нерегулираниот престој, странските државјанки се целосно зависни од газдите на клубовите, кои набрзо почнуваат да им ја контролираат заработката и не ги почитуваат првичните договори, сè до случаи на принудување на сексуална работа, контрола на движењето и сексуална

8 „Двојно повеќе приведени странски државјанки во Полошко изминатата година“. „Телма“, 3.2.2019.

експлоатација. На ваков начин ја злоупотребуваат ранливоста на странските државјанки, за кои пријавувањето во полиција не е опција поради нерегулираниот престој.

При спроведување на овие рации сопствениците најчесто се казнуваат за неиздавање на фискални сметки, непочитување на забраната за пушење или работното време, до забрани за вршење на дејноста и слични административни казни поврзани со непочитување на законите кои ја уредуваат угостителската дејност. Но последиците за работничките странски државјанки се многу понеповолни отколку за газдите, бидејќи се соочуваат со враќање во земјата на потекло, а полицијата често ги малтретира при спроведувањето на рациите. Од документираните случаи на повреди на права на сексуалните работници во кои **директни сторители се полицајците, 4 случаи се при спроведување на рации.** Во еден случај 6 сексуални работнички биле жртви на секаков вид насилство од страна на полицијата. Откако влегле во локалот, полицајците почнале да ги навредуваат, исмеваат, тегнат, клоцаат и да им удираат шлаканици на сексуалните работнички. Притоа им вперувале огнено оружје в лице, ги допирале по интимните делови и им барале бесплатна сексуална услуга. Во друг случај полициски службеник силувал сексуална работничка при спроведување на рација, ја повлекол зад објектот и откако ја силувал, ѝ се заканил дека, ако каже, ќе треба да се исели од Гостивар.

Од друга страна, помеѓу заедницата на сексуални работнички во Полошкиот Регион постојано се зборува дека полицијата соработува со газдите[9], па сексуалните работници раскажуваат дека газдите точно знаат кога ќе се случи рацијата и самите бираат која девојка ќе ја „жртвуваат“.

Вакви рации во Полошкиот Регион се спроведуваат со години и очигледно не ја постигнуваат целта. Голем дел од девојките повторно се враќаат за да работат во угостителските објекти. Поефикасна мерка за спречување на илегалното работење, но и за превенирање на трговијата со луѓе и сексуалната експлоатација е да се овозможат дозволи за престој и работа, а потоа да се казнуваат сопствениците кои нема да склучат договор за вработување со странските државјанки. Доколку странските државјанки работат со договори за вработување како келнерки или танчарки, би имале здравствено и социјално осигурување, ќе се охрабрат за да пријават насилство или принуда од страна на сопствениците, но можат да бидат и извор на информации за полицијата во откривање на трговијата со луѓе и други кривични дела.

9 Повеќето сексуални работници сметаат дека полицијата соработува со посредниците и со сопствениците на клубовите (3,66). Процена на потребите и приоритетите на сексуалните работници, Вања Димитриевски, Коалиција СЗПМЗ, 2017.

Моменталната ситуација им одговара само на посредниците – сопственици на угостителски објекти, кои располагаат со приходи од неплатен или недоволно платен труд, не плаќаат даноци во буџетот (освен повремени глоби), ги злоупотребуваат и експлоатираат сексуалните работници, а полицијата троши буџетски средства за спроведување на рации кои не даваат резултати.

Коалицијата Маргини бара од Министерството за внатрешни работи да престане со спроведување на рации, преку кои индиректно се криминализираат сексуалните работници и се поттикнува насилство и експлоатација. Коалицијата Маргини бара МВР да овозможи издавање на работни визи на странските државјанки, заштита на нивните работнички права и казнување на сопствениците на угостителските објекти кои ќе ги прекршат тие права.

# 3.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МОДЕЛИТЕ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

Активностите на граѓанските организации кои се застапуваат за унапредување на правата на сексуалните работници во текот на 2018 година ги засилија чекорите за застапување за промена на моделот на регулација на сексуалната работа. Со цел прибирање на податоци за најдобрите практики за регулација на сексуалната работа, Здружението ХОПС подготви компаративна анализа[10] во која се претставени главните карактеристики и ефектите од примената на аболиционистичкиот модел на Шведска, моделот на декриминализација на Нов Зеланд и моделот на легализација на Германија.

Криминализацијата на сексуалната работа, било да се спроведува директно преку кривичен прогон на сексуалните работници или преку прекршочно казнување, се карактеризира со стигма и дискриминација кон овие работници, како и со недостиг на социјални и здравствени сервиси, што негативно влијае врз безбедноста и здравјето на сексуалните работници. Во услови на криминализација, насилството, ризикот од експлоатација и системското прекршување на човековите права на сексуалните работници се секојдневје, а системите за заштита остануваат непристапни за овие маргинализирани работници. Од друга стана, со криминализација на сексуалната работа државата го ограничува правото на избор за влегување во доброволни сексуални односи, создавајќи норми кои се засновани врз морализирање и предрасуди, наместо врз човекови права и докази за најдобри практики.

Една од целите на криминализација на сексуалната работа е намалување на бројот на сексуални работници до целосно укинување на сексуалната

10 Компаративна анализа на моделите на регулирање на сексуалната работа (Шведска, Нов Зеланд и Германија). Бошкова Наташа и Штерјова-Симоновиќ Хајди. Скопје: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2017.

работа. Но, моделите на криминализација се покажуваат и како неуспешни во оваа цел, бидејќи само придонесуваат до втурнување на сексуалната работа во подземјето, каде институциите немаат пристап, ниту можност за каква било заштита на сексуалните работници од насилство, злоупотреба и експлоатација.

**Шведскиот модел** значи **криминализација на клиентите на сексуалните работници,** додека навидум самите сексуални работници не се криминализирани, со цел да се намали побарувачката. Проблематичен е фактот што овој модел тргнува од идејата дека сите жени во сексуалната индустрија се жртви, а на проституцијата се гледа како на брутална форма на насилство и експлоатација на жени, па и самиот модел е промовиран како чекор кој треба да ја унапреди родовата еднаквост, заштитувајќи ги жените од оваа „форма на насилство“. Овој модел на регулација е поддржан и промовиран од движењата за женски права и на европско ниво[11], кои активно се застапуваа и за воспоставување на моделот во други земји, без притоа да ги земат предвид мислењата и потребите на најзасегнатите – сексуалните работници. Бидејќи моделот е заснован врз идејата дека сексуалната индустрија претставува експлоатација на жени, постоењето на транс, геј и мажите сексуални работници се игнорира и не се земаат предвид нивните потреби.

Со шведскиот модел криминализирани се сите дејства поврзани со сексуалната работа, освен самото давање на сексуални услуги. Купувањето, помагањето, овозможувањето, издавањето на простории се предмет на кривична санкција. Во практика ова значи дека сексуалните работници не можат да се здружуваат, да работат заедно или да си препраќаат клиенти, но и не можат да најмат стан, со што се повредува и правото на домување. Криминализацијата влијае негативно и врз пристапот до здравствени и социјални услуги, па сексуалните работници од Шведска изјавиле дека биле условувани од службите да влезат во програми за излез од сексуалната работа ако сакаат да добијат здравствена услуга. Моделот негативно влијае и врз ризикот од насилство, па така сексуалните работници, особено оние кои работат на отворена сцена, сведочат дека со неговото воведување на отворена сцена останале само опасните клиенти со криминално минато кои не се плашат од полицијата; се намалило времето за преговарање, така што немаат можност за процена и условување на услугата со користење на кондом; се намалиле цените, со што се принудени да работат со повеќе клиенти за да ја остварат истата заработка; поради стравот од прогон се принудени сексуалните услуги да ги даваат на небезбедни и мрачни места; а

11 Во февруари 2014 година Европскиот парламент го прифати извештајот со кој се препорачува усвојување на „нордискиот модел“ на регулација на сексуалната работа од страна на членките на Унијата. Иницијативата потекнува од Комитетот за женски права на Европскиот парламент, а според предлагачката Мери Ханибал, „денешниот резултат претставува значаен сигнал од европратениците дека не можеме да продолжиме да ја толерираме експлоатацијата на жени“. „Гардијан“, 26.2.2014.

поради неможноста сами да најдат место за работа и клиенти, принудени се да соработуваат со макроа и слични агенти кои дополнително ги експлоатираат и им земаат дел од заработката. Бидејќи во практика сексуалната работа е криминализирана и се смета за недозволена и неморална, полицијата со сексуалните работници постапува како со криминалци, ги протерува од одредени места, ги навредува, не прифаќа пријави на насилство кон нив и сл. Како „позитивен“ ефект од законот се истакнува преполовувањето на уличната проституција. Но, и самите власти немаат докази дека овие сексуални работници излегле од индустријата, туку многу поверојатно е дека работат на затворено и нудат услуги преку Интернет. Од друга страна, спротивно на целта на законот – намалување на побарувачката – се чини дека повеќе докази има во полза на тврдењето дека законот не дал резултати. Така, во едно истражување повеќето мажи изјавиле дека криминализацијата не ги одвраќа од купување сексуални услуги.

Во неколку земји од Европа, помеѓу кои е и **Германија**, сексуалната работа е **легализирана**. Легализацијата на сексуалната работа значи нејзино уредување преку строги правила за времето, местото и начинот на нејзино организирање, додека сексуалните работници кои не ги почитуваат се предмет на прогон и санкционирање. Основна цел на германскиот модел на легализација е да им се признаат правата од работен однос на сексуалните работници и да се гарантира правото на наплата за добиена сексуална услуга. Самиот закон донесен на федерално ниво секако значи извесно унапредување на правата на сексуалните работници, барем на хартија. Но проблемите настануваат со можноста на локалните власти да донесуваат подзаконски акти со кои ќе ја дорегулираат сексуалната работа, дури и кога самиот подзаконски акт е спротивен на целите на федералниот закон. Оваа законска рамка резултира со различни решенија на локално ниво со кои се ограничуваат времето, местото и начинот на организирање на сексуалната работа и се наметнуваат различни режими на оданочување кои често се непропорционални со реалната заработка. Различните локални режими на регулација влијаат негативно врз правната сигурност, со што не се исполнува основната цел на законот, бидејќи во вакви услови многу мал дел од сексуалните работници склучуваат договори за вработување. На пример, како резултат на локалните подзаконски акти, уличната сексуална работа е дозволена само на неколку места во Германија, а во некои градови, како во Минхен, целосно е забранета и сексуалната работа во затворен простор. Заштитата на правата на сексуалните работници и пристапот до здравствени и социјални услуги не се опфатија со законот, па немањето заштита, придружено со предрасудите и стигмата, не дава позитивни резултати во практиката.

Како најпозитивен модел на регулација на сексуалната работа е оценет **моделот на декриминализација во Нов Зеланд**. Со овој модел целосно се

реформира сексуалната индустрија во Нов Зеланд, со цел овозможување на еднакви права на сексуалните работници како и на сите останати граѓани и вработени во другите стопански дејности. Најзначајна реформа е интегрирањето на сексуалната работа во сите останати сфери, како социјална и здравствена заштита, заштита на работничките права и здравјето и безедноста при работа, заштита од насилство, експлоатација и дискриминација. Надлежностите на полицијата во регулирањето на сексуалната работа се ограничени и за полицијата е пропишана детална и јасна постапка за случаите кога можат да влезат во простории во кои се одвива сексуална работа. Флексибилноста на законското решение дозволува сексуалните работници сами да изберат дали ќе работат самостојно, заедно со други сексуални работници (максимум четворица) или ќе работат за регистриран оператор (бордел), во кој можат да бидат вработени или ангажирани. За работата на борделите се наметнуваат правила за безбедноста и здравјето при работа што се соодветни за професијата, какви што се задолжително користење на кондоми, информирање и едукација на сексуалните работници и заштита од експлоатација и насилство од страна на клиентите и сопствениците на борделите. Мониторинг над спроведувањето на стандардите за здравје и безбедност при работата вршат здравствените инспектори, а не полицијата.

Ова законско решение ги даде и првите позитивни резултати во практиката. Една сексуална работничка пријавила вознемирување на работното место, а друга го пријавила клиентот кој без нејзино знаење го отстранил кондомот; и двете добиле соодветно обесштетување, а на сторителите им биле изречени казни. Просторот на кој се одвива сексуалната работа и начинот на рекламирање се доуредува на локално ниво, но овие подзаконски акти мора да бидат во согласност со законот и не смеат да резултираат со повторно втурнување на сексуалната работа во подземјето.

Моделот на Нов Зеланд секако не е совршен. Се сретнуваат и локални подзаконски акти кои ја забрануваат сексуалната работа на отворено, но бидејќи сексуалната работа на отворена сцена е поризична за самите работници, се спроведуваат иницијативи кои имаат за цел да ги охрабрат сексуалните работници да работат на затворено и да превенираат насилство. Прашањето на сексуалните работници мигранти останува отворено, бидејќи законот забранува миграција во Нов Зеланд со цел работа во сексуалната индустрија, па здруженијата сè уште се залагаат за еднаков третман на сексуалната работа во смисла на економската миграција.

Анализата повторно покажува дека рестриктивните закони чија цел е укинување на сексуалната работа не постигнуваат резултати, туку само негативно влијаат врз правата на работниците, ги оддалечуваат од институциите и ги втурнуваат во подземјето, каде што стануваат жртви на експлоатација и трговија со луѓе. Нов Зеланд е земја пример за справување со трговијата

со луѓе, додека состојбата во Германија е сепак подобра од состојбата во Шведска. Трговијата со луѓе за сексуална експлоатација станува безпредметна во услови на декриминализирана доброволна сексуална работа.

Во однос на влијанието на малолетните сексуални работници, во сите три земји не е дозволена сексуална работа на малолетници, со тоа што Нов Зеланд малолетните сексуални работници ги третира како жртви и не ги казнува. За превенирањето на ризиците меѓу малолетните сексуални работници многу е значајна можноста граѓанските организации и другите институции да работат со нив, да ги советуваат и да им даваат правни, социјални и здравствени услуги без согласност од родителите. Во Македонија сè уште постои возрасната бариера поради која малолетните сексуални работници се иземени од програмите за намалување на штети, превенција од ХИВ и СПИ и од другите сервиси, со што се исклучуваат од општеството и се загрозуваат нивното здравје и благосостојбата. Искуствата на Нов Зеланд и на Германија исто така покажуваат дека декриминализацијата и легализацијата не влијаат врз зголемувањето на бројот на сексуалните работници, спротивно на тврдењата на застапниците за прохибиционистичките модели.

Коалицијата Маргини препорачува надлежните министерства да започнат да работат на предлог-реформа за уредување на сексуалната работа по примерот на Нов Зеланд, земајќи ги во прв план социјалните, здравствените и трудовите аспекти на уредувањето на сексуалната работа и заштитата од насилство и дискриминација. Коалицијата Маргини смета дека во процесот на подготвка на законските решенија неопходно е активно вклучување и на сексуалните работници и на здруженијата кои се застапуваат за унапредување на нивните права.

# 4.

# СТАВОВИ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ПРОМЕНА НА МОДЕЛОТ ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

Основен демократски принцип е законските решенија да се донесуваат со вклучување на гласовите на најзасегнатите. Тоа значи дека застапувањето за ново законско решение за регулирање на сексуалната работа мора да биде засновано врз потребите и искуствата на самите сексуални работници. За таа цел СТАР-СТАР и ХОПС започнаа со активности за зголемување на капацитетите на сексуалните работници за нивно директно вклучување во застапувањето и подготовката на предлог-решенија. ХОПС изработи и истражување на ставовите на сексуалните работници за модел за регулација. Значајно е да се спомене дека дел од самите сексуални работници или нивни познајници имаат работно искуство во европски земји во кои сексуалната работа е легализирана, како што се Австрија и Германија, па својата слика за добро уредена сексуална индустрија ја засноваат врз овие искуства, додека декриминализацијата на сексуалната работа по примерот на Нов Зеланд им е далечна и непозната. Исто така, во медиумите многу почесто се зборува за легализација на сексуалната работа, без да се прави разлика помеѓу овој модел и декриминализацијата.

Во спроведеното истражување[12] учествуваа 310 сексуални работници, кои работат во повеќе градови низ земјата, а најголем дел од испитаниците работат на затворено (28,4 % работат на улица). Најголем дел од испитаниците се жени (85,2 %).

Истражувањето покажува дека сексуалните работници немаат прецизни знаења за начинот на кој е регулирана сексуалната работа во Македонија, туку одго-

12 Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија, Бошкова, Наташа и Хајди Штерјова-Симоновиќ. Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2017.

вараат од сопствено искуство кое најчесто е засновано врз контактите со полицијата и другите институции. Искуствата на сексуалните работници зборуваат за начинот на имплементација на законската рамка за сексуалната работа кој е проследен со дискриминација, криминализација на сексуалните работници преку третманот, осудување и одбивање да им се даде заштита. Најголем број од сексуалните работници (40,3 %) одговориле дека сексуалната работа не е регулирана, што за најголем дел од нив значи дека немаат заштита и исти права како другите граѓани и работници.

Најголем дел од испитаниците (82,5 %) сметаат дека сексуалната работа треба да биде регулирана. Но, интересни се образложенијата на лицата кои сметаат дека не треба да биде регулирана. Овие сексуални работници стравуваат дека со регулација на сексуалната работа ќе мораат да се регистрираат, со што нивниот идентитет ќе се разоткрие пред претставниците од институциите, а дел од нив наведуваат дека сакаат да имаат слобода во работата, самите да избираат кога и каде ќе работат. Овие аргументи укажуваат на тоа дека гарантирањето на приватноста и заштитата на личните податоци треба да биде приоритетно барање во идното законско решение, како и можноста за индивидуална работа, наспроти работата во бордели. Дури 71 % од испитаниците одговориле дека би одвоиле дел од заработката доколку за возврат добијат здравствено и пензиско осигурување, додека само 9 % не би се согласиле да плаќаат давачки кон државата. Сексуалните работници кои работат на отворена сцена најчесто предлагаат отворање на засебни простории во кои би се одвивала сексуалната работа, како јавни куќи, бидејќи им е важно да бидат сигурни, заштитени од насилство и на топло. Како особен важен услов во работењето сексуалните работници ја истакнуваат слободата сами да ги избираат клиентите и сексуалните услуги кои ги даваат, а не сопствениците на бордели да интервенираат во начинот на нивната работа. Ова значи дека, доколку се овозможи отворање на бордели, законското решение мора да превенира можна експлоатација и да се осигури дека моќта на одлучување е кај сексуалните работници, а не кај сопствениците и менаџерите. Од друга страна, во услови на криминализирана сексуална работа, како во Македонија, самите сексуални работници имаат негативни искуства со сопственици на клубови и кафеани кои често ги вознемируваат, самоволно им ја одземаат заработката, ги уценуваат и принудуваат да даваат сексуални услуги заканувајќи им се со насилство или со откривање на нивниот статус на сексуален работник.

**Легализираната сексуална** работа за испитаниците значи изедначување со која било друга работа, отсуство на казнување и заштита на нивните права во случај на повреда. Дел од сексуалните работници сметаат дека во услови на легализација ќе можат да работат сами, без заштитници со кои мора да го делат профитот, а кои од друга страна се однесуваат насилно, ги принудуваат и ги крадат. Сексуалните работници имаат помалку знаења за декриминализацијата, па речиси половина одговориле дека не знаат што значи (43 %).

Останатите одговараат со буквално објаснување на терминот како отсуство од казнување и кривичен прогон што треба да резултира со заштита на нивните права и отсуство од насилство и малтретирање од страна на полицијата, клиентите и трети лица.

Анализата, исто така, зборува за карактеристиките на различните форми на сексуална работа. Работењето на улица, на пример, е проследено со поголем ризик од насилство и малтретирање од полиција, додека работењето во клуб и кафеана го ограничува изборот на клиенти, но и не превенира насилство поради лошиот однос на сопствениците, кои наместо да ги штитат од насилни клиенти, самите се сторители на насилство. Според сексуалните работници, најбезбедно оценети се договорањето на работа по телефон или на Интернет, додека пак за давањето на услуги како најбезбедни се становите и хотелите. Ова се должи на можноста за процена на клиентот, но и поради отсуството на полиција и трети лица. Проблемите со наплатата на сексуалните услуги и деградирачкиот третман на полицијата се исто така проблеми кои треба да се адресираат со идниот модел на регулација.

# 5.

# ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

Во пресрет на 10 декември, Меѓународниот ден на човековите права, организациите кои работат на унапредување на правата на сексуалните работници[13] организираа Тркалезна маса како дел од првичните активности за застапување за декриминализација на сексуалната работа.

„Настанот обезбеди простор за дебата и размена на ставови и мислења меѓу заедницата на сексуални работници, граѓанскиот сектор, меѓународните организации, стручната јавност и институциите околу проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници во Македонија и за потребата од унапредување на националните политики и практики со цел почитување на човековите права, заштита од насилство и унапредување на безбедноста, здравјето и економската независност.“[14]

Сексуалните работници на настанот зборуваа за прекршувањето на човековите права и побараа декриминализација на сексуалната работа по примерот на Нов Зеланд, кој би овозможил заштита од насилство и дискриминација, безбедни услови за работа, уживање на работничките права, но и намалување на стигмата и предрасудите кон оваа маргинализирана група.

На настанот зборуваше и министерката за труд и социјална политика, која изјави дека ќе се заложи за отворање на прашањето за регулација на сексуалната работа и истакна дека во преден план би биле потребите и барањата на самата заедница. Пратеничките од Собранието на Република Македонија исто така ги поддржаа барањата на сексуалните работници. Претставниците од агенциите на ООН пренесоа дека ставот на меѓународните актери е во поддршка на декриминализација на сексуалната работа како модел кој

13 ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во соработка со STAR – The first Sex Workers collective in the Balkans, Коалиција Маргини и SWAN – Sex Workers' Rights Advocacy Network, а со поддршка од Фондација Отворено општество – Македонија.

14 Тркалезна маса за регулација на сексуалната работа во Македонија, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 10.12.2018.

овозможува унапредување на здравјето, успешно справување со трговијата со луѓе и економски придобивки за самата заедница и за државниот буџет.

Претставниците од Министерството за внатрешни работи истакнаа дека се потребни поголема доверба во нив од страна на сексуалните работници и граѓанските организации и пријавување на случаи на непрофесионално постапување на полицијата до Одделот за внатрешна контрола. На ова се спротивстави дел од сексуалните работници кои имаат искуство со пријавување на случаи против полициски службеници во Одделот, но и покрај пријавата, полицајците не биле казнети бидејќи не била утврдена повреда.

# 6.

# ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ВО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИ, СОЦИЈАЛНИ И ПРАВНИ УСЛУГИ

Здружението СТАР[15] спроведе процена на потребите на младите сексуални работници за здравствени, социјални и правни услуги. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека сексуалните работници во најголема мера зависат од услугите кои им ги овозможуваат граѓанските организации, додека услугите од државните институции ги сметаат за непристапни, па немаат ни информации за нив.

Сексуалните работници ги препознаваат и ги користат услугите кои ги нудат граѓанските организации директно или пак ги придружуваат во институциите за непречено да ја добијат потребната услуга. Сликата за тоа што значи пристапна услуга, сексуалните работници ја градат врз основа на услугите кои ги добиваат од здруженијата на граѓани: услугата ја добиваат без административни бариери, доверливо, на местото каде што работат или во здружение на граѓани каде што се чувствуваат безбедно и слободно можат да разговараат за сексуалната работа, без стигма и дискриминација. Сепак, граѓанските организации не можат да бидат замена за јавното здравство, така што сите здравствени услуги не се достапни во граѓанските организации. Сексуалните работници сметаат дека пристапот до јавното здравство е отежнат поради општата лоша состојба во здравството, но таа повеќе ги погодува нив поради неможноста да се стекнат со здравствено осигурување по работен однос, но и поради стигмата и дискриминаторскиот третман со кој се соочуваат во здравствените институции. Потенцирани се недостигот

15 Процена на потребите на младите сексуални работници во однос на здравствени, социјални и правни услуги. Борче Божинов, Ивана Ацевска и Глигор Чанов. Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, 2018.

од пристапи и достапни здравствени услуги за медицинско потврдување на родот за трансродовите сексуални работници, како и проблемите со пристапноста на услуги за машко здравје за сексуалните работници припадници на геј-заедницата.

> „Не сакам да посетам уролог на Клиника затоа што ми е срам да одам таму. Не сум опуштен, не можам да зборувам отворено за проблемите и затоа не одам." – Сексуален работник.

Во однос на социјалните услуги, сексуалните работници истакнаа дека услуги од социјални работници најмногу им се потребни за обновување и вадење на лични документи и за остварување на социјална помош. Сексуалните работници добиваат услуги од социјални работници преку здруженијата на граѓани, но недостигаат програми за преквалификација и доквалификација и помош за наоѓање на работно место надвор од сексуалната индустрија. Сексуалните работници кои би сакале да ја променат својата професија нужно го истакнуваат насилството и проблемот со безбедноста како причина зошто би сакале друга работа.

> „Ова што го работиме ние е ризично. Некој може да нè убие на улица. Затоа сакаме да ја смениме оваа професија, затоа што никој не нè заштитува. Јас работам како сексуална работничка веќе 8-9 години пред МТВ. Видете ми ги белезите. Ме тепаа клиенти, ми вадеа ножеви и пиштоли. Зошто да не ни помогне државата да нè заштити од насилниците? Ако сме заштитени, ние ќе си работиме чесно пак на улица." – Сексуална работничка.

Сексуалните работници од Скопје имаат пристап до правни услуги преку правниците вработени во здруженијата на граѓани, додека за сексуалните работници надвор од главниот град попристапни се параправните услуги преку кои воспоставуваат контакт со правниците од здруженијата на граѓани. Истражувањето на ХОПС[16] за пристапот до правда покажа дека сексуалните работници имаат повеќе правни проблеми од другите граѓани (96,3 % од сексуалните работници се соочиле со најмалку еден нетривијален правен проблем, наспроти 49 % од општата популација), а причините за пасивноста за решавање на проблемот се лоцирани кај неверувањето дека некој ќе помогне (40 %), немањето доволно пари (13 %), неефикасноста на судскиот систем (13 %) и друго (17 %), како што се страв за личната безбедност, страв дека со пријавувањето ќе се влоши проблемот и слично.

16 Правни потреби и пристап до правда за луѓето кои инјектираат droги и сексуалните работници во Македонија. Ивица Цековски, Вања Димитриевски. ХОПС – Опции за здрав живот Скопје. Скопје, 2018.

Коалицијата Маргини препорачува надлежните институции да одвојат поголем дел од буџетот за граѓанските организации кои нудат директни услуги на сексуалните работници со цел зголемување на опфатот и овозможување на нови услуги, согласно со потребите.

Воедно, Коалицијата Маргини препорачува:

- Министерството за здравство да преземе мерки за сензибилизирање на здравствените работници за работа со маргинализирани заедници, преку воведување на систем за континуирана доедукација.
- Министерството за труд и социјална политика да воведе специјализирани услуги за поддршка на сексуални работници кои сакаат да излезат од сексуалната индустрија.
- Министерството за здравство доследно да го спроведува Законот за заштита на правата на пациентите, особено заштитата од дискриминација.
- Да се зајакнат капацитетите на механизмите за контрола над здравството и социјалната заштита, како инспекторатите, комисиите за права на пациенти, Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација.
- Министерството за здравство да ја унапреди пристапноста и достапноста на услугите за машко здравје и медицинско прилагодување на родот.
- Факултетите кои образоваат социјални и здравствени работници да вклучат програми со афирмативни содржини за сексуалните работници и другите маргинализирани заедници.

# 7.

# ИЗЛОЖБА „ДВЕ ОД ОНИЕ: АРТ-АКТ-УМ ЗА МОРАЛОТ И ПРЕДРАСУДИТЕ“

По повод 2 јуни, Меѓународниот ден на сексуалните работниците, СТАР-СТАР ја отворија изложбата на фотографии „Две од оние“ на авторките Лилика Стрезоска, Елена Фиданска, Анита Березњак и Ирена Мила.

Целта на организаторите на изложбата беше да ја потсетат публиката дека сексуалната работа во Скопје постоела и во минатото, во култните кафеани „Фенерли-ан“, „Венеција“, „Марс“, „Океан“, „Бела кафеана“ и хотелот „Бристол“, каде што се живеело боемски, а сексуалните работнички биле инспирација и за ликовното творештво на Никола Мартиноски. Но денешните услови во кои се одвива сексуалната работа зборуваат за дискриминација наместо почитување на достоинството, за двојни морални стандарди за женската сексуалност, хомофобија и маргинализација на сексуалните работници.

> „Ние ќе го одбележиме овој ден, во име на 'Две од оние', кои треба да го нахранат своето дете, две од оние кои треба да ги платат сметките, две од оние кои живеат во сенка на предрасудите и дискриминацијата, две од оние кои имаат копнеж да ги доживеат своите права, кои требаше да бидат еднакви за сите“, напишаа организаторите.[17]

Изложбата беше посетена од многубројна публика, а медиумите коректно ја пренесоа пораката на сексуалните работници.

Коалицијата Маргини препорачува Министерството за култура, при правењето на политиките од културата и буџетите, да ја земе предвид и културата на сексуалните работници и потребата од нејзина промоција, како една од стратегиите за намалување на стигмата и предрасудите кон оваа заедница.

17 „Две од оние“ – за моралот и предрасудите. „Либертас“, 29.5.2018.

# 8.

# МАРШ НА ЦРВЕНИТЕ ЧАДОРИ „ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА СЕГА“

Меѓународниот ден против насилство врз сексуалните работници, 17 декември, повторно беше одбележан со Маршот на црвените чадори. Сексуалните работници побараа декриминализација на сексуалната работа, како модел на регулација кој овозможува најуспешна превенција и заштита од насилство и останати прекршувања на човековите права.

> „Повторно апелираме до надлежните во државата да најдат начин да ја декриминализираат нашата работа. Со тоа ние ќе добиеме право на социјална и здравствена заштита. Често сме изложени на различен вид насилство, а не добиваме никаква заштита. Колку пати се случило нашите клиенти да не ни платат, да нè повредат физички, да нè остават со возилата голи на пат, и затоа бараме нашата работа да биде дел од системот за да ги оствариме нашите основни човекови права“, изјавија сексуалните работнички[18].

> „Со пораката ’Декриминализација сега!‘ ги охрабруваме институциите и стручната јавност да го отворат прашањето за регулација на сексуалната работа. Ние и сексуалните работници сметаме дека декриминализацијата на сексуалната работа претставува најдобра политика за унапредување на здравјето, благосостојбата и човековите права на сексуалните работници. Овие заложби се засноваат врз потребите на сексуалните работници за заштита на нивните права, за создавање на безбедните услови за живот и работа, како и превенција од насилство и експлоатација“ – напишаа организаторите[19].

Како и секоја година, речиси сите медиуми ја објавија веста за Маршот на црвените чадори, заедно со пораката за декриминализација на сексуал-

18 Сексуалните работници бараат декриминализација на нивната работа, „Макфакс“, 17.12.2018.

19 Марш на црвениот чадор, СТАР-СТАР, 12.12.2018.

ната работа. Сензационализмот секогаш го следи овој настан, па многу медиумски објави содржат повеќе слики од сексуалните работнички на маршот отколку текст со кој се пренесуваат информации за прекршувањето на правата и барањата за декриминализација[20]. Иако не е документирано неетичко известување од страна на медиумите, недостигаат посериозни медиумски содржини, истражувања, анализи, па и колумни со кои ќе се развие дискусија за модели за регулација или за други прашања поврзани со сексуалната работа.

Коалицијата Маргини препорачува медиумите во иднина да го искористат Маршот на црвените чадори како повод за создавање медиумски содржини кои ќе зборуваат за проблемите и потребите на сексуалните работници, а како медиуми да побараат одговорност за прекршувањето на човековите права од страна на институциите. Медиумите треба да придонесат во сензибилизирањето на јавноста и промовирањето на човековите права на оваа маргинализирана група граѓани.

20 (ФОТО) Сексуалните работнички маршираа по десетти пат во Скопје. „Фокус“, 17.12.2018

# II.

## Преглед на состојбите со политиките за ХИВ. Прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ

# 1.

# НОВИ ПОДАТОЦИ ЗА ЕПИДЕМИЈАТА НА ХИВ ВО МАКЕДОНИЈА

Во контекстот на ХИВ, една од главните работи што ја одбележаа 2018 година беше обезбедувањето на значајни стратешки информации кои даваат појасна и поцелосна слика за епидемијата на ХИВ во Република Македонија. Во исто време, новите анализи отворија и одредени прашања и дилеми на кои треба да се даде одговор во наредниот период. Удел во изработувањето на нови податоци од истражувања и анализи имаа како институциите – во прв ред Институтот за јавно здравје – така и граѓанскиот сектор, вклучувајќи ги организациите на засегнатите заедници.

Трите клучни популации засегнати од ХИВ во Република Македонија – мажите што имаат секс со мажи, лицата што инјектираат дрога и сексуалните работници/-чки – беа опфатени со три посебни биобихејвиорални истражувања. Овие студии од една страна ги следат тенденциите во однесувањето и знаењата од аспект на ризикот за пренос на ХИВ-инфекцијата, а од друга страна ја проценуваат преваленцијата на ХИВ во секоја од трите дефинирани популации. Овие истражувања се спроведуваат по четврти пат. Последен пат беа спроведени во 2013–2014 година. И овој пат истражувањата беа овозможени благодарение на финансиската поддршка од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија во рамките на Националната програма за ХИВ, а во 2018 година тие беа и последните донациски средства што можеа да се искористат од меѓународниот финансиски механизам. Заедно со биобихејвиоралните истражувања, беше спроведена и процена на бројноста за секоја од трите клучни популации. Од друга страна, Здружението „Заедно посилни“, во соработка со здруженијата ЕГАЛ и СТАР-СТАР и со национални експерти, ја спроведе првата методолошка анализа на континуумот на грижа во врска со ХИВ, со посебен фокус на мажите што имаат секс со мажи, вклучувајќи и процена на вкупниот број лица што живеат со ХИВ.

## 1.1. Биобихејвиорални истражувања меѓу луѓето што инјектираат дрога и сексуалните работници

Со истражувањето меѓу луѓето што инјектираат дрога беа опфатени вкупно 297 лица, а не беше пронајден ниту еден случај на ХИВ-инфекција, што ја поткрепува претпоставката дека епидемијата на ХИВ во оваа популација е под контрола. Наспроти ова, преваленцијата на хепатит Ц меѓу луѓето што инјектираат дрога беше проценета на дури 72 %. Истражувањето покажа намалување на знаењата за преносот на ХИВ и начините на превенција, и покрај тоа што покриеноста со бесплатна опрема за инјектирање, како основна услуга на програмите за намалување на штетите од употребата на дрога, е на високо ниво и е значително зголемена во споредба со 2014 година. Процентот на лица што направиле ХИВ-тест во последните 12 месеци е зголемен од 33 % во 2014 г. на 39 %. Вкупниот број на лица што инјектираат дрога на територијата на Република Македонија беше проценет на 6.756 лица (во интервал од 5.206 до 10.377).[21]

Во истражувањето спроведено кај сексуалните работници/-чки беа опфатени само 110 лица; и меѓу нив исто така не беа откриени случаи на ХИВ. Се покажува дека нивото на знаења во врска со начините на пренос на ХИВ и превенцијата е особено ниско (само 14,2 % точно одговориле на сите клучни прашања), иако е подобро од резултатот добиен во 2014 г. (6,4%). Истражувањето, исто така, покажа дека е висок процентот на употреба на кондом: при последниот сексуален однос со клиент 89,7 % употребиле кондом, додека во последниот месец 79 % од сексуалните работници секогаш користеле кондом при сексуални односи со клиенти. Сепак, присуството на ризично однесување во смисла на некористење кондом укажува на голема веројатност за појава на случаи на ХИВ кај оваа популација. Бројот на сексуални работници/-чки на возраст од 18 до 60 години на територијата на Градот Скопје беше проценет на 878 лица (во интервал од 510 до 1.750).[22]

21 Микиќ, Владимир et al. Извештај од биобихејвиоралното истражување и процена на бројноста на лица кои инјектираат droги во Скопје, Република Македонија, 2017. Скопје: Институт за јавно здравје, 2018.

22 Микиќ, Владимир et al. Извештај од биобихејвиоралното истражување и процена на бројноста на сексуалните работници и сексуалните работнички во Македонија, 2018 година. Скопје: Институт за јавно здравје, 2018.

## 1.2. ХИВ-инфекцијата е загрижувачки проблем на заедницата на геј и бисексуални мажи и другите мажи што имаат секс со мажи

Истражувањето кај популацијата дефинирана како мажи што имаат секс со мажи вклучи 374 испитаници од машки пол што себеси се идентификуваат како геј или бисексуалци, но и лица што се идентификуваат како хетеросексуалци или сосема поинаку, но имаат повремени или редовни сексуални односи со други мажи.

Биобихејвиоралните истражувања во 2018 година не само што потврдија дека епидемијата на ХИВ во Република Македонија се лоцира речиси исклучиво меѓу мажите што имаат секс со мажи, туку и упатуваат на загрижувачки тренд на пораст. Овие податоци се поткрепени и со сознанијата што се добиваат од секојдневниот редовен епидемиолошки надзор, врз основа на регистрирањето нови случаи на ХИВ во текот на годината. Преваленцијата на ХИВ меѓу МСМ на територијата на Градот Скопје беше проценета на 5,4%, што претставува пораст во однос на проценетите 1,9 % во 2014 година. Покрај тоа, оваа бројка и официјално значи дека земјата има концентрирана епидемија во рамките на една од клучните популации засегнати од ХИВ, односно геј и бисексуалните мажи и другите мажи што имаат секс со мажи.

Истражувањето, исто така, укажува дека меѓу лицата со ХИВ доминираат релативно млади со средна возраст од 30 години, што е речиси идентично како и во 2014 г. Сепак, пропорцијата на ХИВ-позитивни мажи што имаат секс со мажи постари од 25 години е поголема за 2,5 пати споредено со помладите возрасти. Карактеристично е и што пропорцијата на ХИВ-позитивни МСМ кои се со македонска етничка припадност е 4,3 пати поголема споредено со МСМ од сите други етнички заедници.

Се забележува пад на знаењата во однос на начините на превенција на сексуалниот пренос на ХИВ, што може да се објасни со недостатокот на граѓански организации што работат на превенција на ХИВ и СПИ кај МСМ, како и со недостаток на млади советувачи и теренски работници од заедницата. Иако постои мало зголемување на пропорцијата на оние што редовно употребуваат кондоми (при последниот сексуален однос со случаен машки партнер кондом користеле 54,4 %, наспроти 46,8 % во 2014 година), сепак сексуалните практики што носат висок ризик од ХИВ-инфекција се особено застапени. Освен тоа, се потврдуваат сознанијата дека мажите што имаат секс со мажи релативно рано почнуваат со сексуалниот живот, при што кај една третина од нив тоа било на возраст под 15 години.

Се забележува одредено зголемување на бројот на лица што направиле ХИВ-тест, но стапката на тестирање сè уште не е доволна за навремено откривање и лекување, особено во контекст на достигнувањето на глобалната и националната цел „90–90–90“ до 2020 година[23]. Ако се имаат предвид, од една страна, официјалните податоци за бројот на лица што се на терапија за ХИВ, кој на крајот на 2017 г. изнесувал 195, и проценетата големина на популацијата и преваленцијата на ХИВ кај МСМ, од друга страна, тогаш очигледен е јазот помеѓу бројот на МСМ кои се ХИВ-позитивни и оние што се дијагностицирани и примаат терапија.

Според спроведената процена на бројноста на популацијата, проценетиот број на мажи на возраст 18–59 години кои имале секс со маж во последните 12 месеци изнесува 5.556 (4.675–7.152) лица на територијата на Градот Скопје, додека по екстраполацијата на целата територија на Република Македонија се доби резултат од 11.054 (9.301–14.229) лица. Оваа бројка може да се смета за πониска во однос на очекувањата.

## 1.3. Прва методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ

Континуумот на грижата во врска со ХИВ претставува концептуална рамка што овозможува земјите да ја следат успешноста на својот национален одговор на епидемијата. Таа најчесто се сведува на четири клучни столба, кои соодветствуваат на глобалните цели 90–90–90 до 2020 година, прифатени од Генералното собрание на Обединетите нации во рамките на Политичката декларација за ХИВ и СИДА од 2016 година[24]. Целите 90–90–90 подразбираат дека до 2020 година сите земји во светот треба да постигнат таква успешност на својот одговор на ХИВ што 90 % од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ ќе имаат направено ХИВ-тест и ќе знаат за својот статус; од оние што го знаат својот ХИВ-статус, барем 90 % ќе примаат антиретровирусна терапија, додека од оние што се на терапија, барем 90 % ќе имаат успешно лекување, односно потиснат вирус во крвта. Постигнувањето на овие цели,

23 Глобалната цел позната како „90–90–90“ беше за првпат промовирана од УНАИДС, а потоа и официјално прифатена од сите земји во рамките на Политичката декларација за ХИВ и СИДА на Специјалната седница на Генералното собрание на ООН во 2016 г. Оваа цел подразбира дека до 2020 г. 90 % од вкупниот проценет број на луѓе што живеат со ХИВ, во сите делови на светот, треба да го знаат својот ХИВ-статус (да имаат направено ХИВ-тест, односно да бидат дијагностицирани); од оние што го знаат својот ХИВ-статус, 90 % да примаат антиретровирусна терапија, додека 90 % од оние што се на терапија да имаат потиснат вирус во крвта (т. е. успешна терапија). Процените на УНАИДС говорат дека на тој начин може да се стави крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.

24 United Nations General Assembly. Political Declaration on HIV and AIDS: On the Fast Track to Accelerating the Fight against HIV and to Ending the AIDS Epidemic by 2030. 2016.

всушност, значи дека 90 % од вкупниот број лица со ХИВ ќе бидат дијагностицирани, 81 % ќе примаат терапија, додека 73 % од сите лица за кои се проценува дека имаат ХИВ ќе имаат потиснат вирус.

Анализата на континуумот на грижата во врска со ХИВ за првпат беше спроведена во Република Македонија на методолошки начин во 2018 година, а земајќи ги предвид последните официјални податоци, заклучно со крајот на 2017 г. Анализата беше иницирана и предводена од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, во соработка со здруженијата ЕГАЛ и СТАР-СТАР, а беше спроведена со помош на национални експерти од Институтот за јавно здравје и Клиниката за инфективни болести.

Анализата содржи и процена на вкупниот број на лица што живеат со ХИВ (на крајот на 2017 г.) – вклучувајќи ги оние што се дијагностицирани, како и оние што не се свесни за својот ХИВ-позитивен статус – како појдовна точка при конструирањето на континуумот (првиот столб на рамката). Овој број беше проценет на 402 лица. Од нив, според анализата, само 55 % се свесни за својот статус. Имајќи предвид дека глобалната цел до 2020 година е овој процент да биде 90 %, очигледно е големата дискрепанца. Ова укажува дека клучен приоритет за земјата е зголемувањето на процентот на лица што се тестираат за ХИВ, пред сè од популацијата на геј и бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи. Од друга страна, анализата покажува и дека кога веќе лицата инфицирани со ХИВ се дијагностицираат, веднаш можат да пристапат кон лекување со антиретровирусна терапија (88 % од оние што се дијагностицирани примаат терапија), како и дека терапијата е успешна кај најголем дел од лицата што ја примаат (дури 94 % од оние што примаат терапија имаат потиснат вирус во крвта).[25]

Со ваквите резултати се чини дека земјата е блиску до постигнување на втората и третата цел во рамките на 90–90–90, т. е. 90 % од лицата со ХИВ кои знаат за својата инфекција да примаат терапија, додека 90 % од оние што примаат терапија да имаат постигнато супримиран вирус во крвта. Сепак, треба да се истакне дека втората и третата цел се условени од тоа колку една земја е успешна во создавањето услови инфицираните лица навреме да ја откријат својата инфекција за да можат да почнат со лекување. Доколку сите три цели до 2020 г. се изведат како процент од проценетиот вкупен број на лица што живеат со ХИВ, тие би биле 90 % – 81 % – 73 %. Погледнато на овој начин, од вкупниот проценет број лица што живеат со ХИВ во Македонија – само 55 % знаат дека имаат ХИВ, 49 % примаат терапија, додека 46 % имаат успешно лекување, односно потиснат вирус во крвта (55 % – 49 % – 46 %

25 Stronger Together Association. The Continuum of HIV Care in the Republic of Macedonia. Assessment report for 2017 with special focus on men who have sex with men. Skopje, 2018.

во 2017 г. наспроти целта 90 % – 81 % – 73 % која треба да ја достигнат сите земји до 2020 г.).

**Графички приказ: Континуум на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија на крајот на 2017 г.**




Анализата на континуумот на грижата во врска со ХИВ е во извесна противречност со резултатите од биобихејвиоралното истражување и процената на бројноста на популацијата на мажи што имаат секс со мажи. Имено, доколку ги земеме како веродостојни резултатите од последново, може да се заклучи дека на крајот на 2017 година во Македонија со ХИВ живееле 597 мажи што имаат секс со мажи. Наспроти ова, анализата на континуумот дојде до проценет вкупен број на лица што живеат со ХИВ кој изнесува 402 лица за приближно истиот временски период. И покрај тоа што најголем процент од последната бројка отпаѓа на геј и бисексуални мажи и други МСМ, сепак останува очигледно разидувањето на резултатите добиени со две сосема различни методологии. Ова укажува на потребата од повторување на анализите во блиска иднина, како клучни алатки преку кои земјата може да има увид во трендовите во епидемијата на ХИВ.

Коалицијата го поздравува пристапот за обезбедување научни докази за трендовите на епидемијата на ХИВ во Македонија како основа за носење стратешки одлуки во рамките на националниот одговор на ХИВ. Притоа, забележува дека истражувањата спроведени во 2018 година биле овозможени преку надворешна финансиска поддршка и апелира до Министерството за здравство да предвиди соодветни средства за неопходни анализи и истражувања во наредниот период.

Коалицијата апелира до Министерството за здравство и до сите актери вклучени во националниот одговор на ХИВ да планираат нови анализи и истражувања со кои ќе се добие уште попрецизна слика за епидемијата на ХИВ, особено со оглед на трендот на пораст во популацијата на геј и бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи.

Коалицијата ги повикува организациите на заедницата на геј и бисексуални мажи, односно ЛГБТИ организациите, како и другите граѓански организации што работат на ова поле, активно да придонесат во подигнувањето на свеста за ХИВ како проблем на заедницата, а особено за потребата од нормализирање на ХИВ-тестирањето како дел од културата на живеење.

# 2.

# ВИРУС И ПОЛИТИКИ: ОСВРТ НА НАЦИОНАЛНИОТ ОДГОВОР НА ХИВ

## 2.1. Спроведување на Програмата за заштита на населението од ХИВ

Може да се каже дека на полето на ХИВ 2018 беше година на утврдување на националниот одговорот кон епидемијата на ХИВ, односно на ХИВ како социјален проблем. Најзабележителен чекор во овој контекст беше воспоставувањето практика на финансирање на клучните интервенции насочени кон засегнатите популации, коишто ги спроведуваат речиси исклучиво граѓанските организации. Во рамките на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција (во понатамошниот текст Програма за ХИВ/Национална програма за ХИВ) за 2018 година, Министерството за здравство склучи годишни договори со 15 здруженија, вклучувајќи и организации на дел од засегнатите заедници. Резултатот од овој чекор, на кој му претходеа неколку владини одлуки од 2017 г., е одржувањето на континуитетот во спроведувањето на клучни активности и директни услуги за засегнатите заедници, како што се ХИВ-тестирањето, обезбедувањето средства за превенција и услуги за психосоцијална и врсничка поддршка.

Во секој случај, одржувањето на континуитетот на програмите не подразбира само издвојување доволно финансиски средства што се насочуваат кон граѓански организации за специфични програми од областа на јавното здравје, туку и воспоставување механизам што ќе обезбеди квалитет, заснованост врз докази, граѓанско учество во програмското планирање, транспарентност и отчетност. Воедно, ова се и предуслови за долгорочен и функционален систем на соработка помеѓу институциите и граѓанскиот сектор во националниот одговор на ХИВ. Во таа смисла, може да се констатира дека практиката што ја започна Министерството за здравство, во текот на годината се одликуваше со брзо спроведување на административ-

ните процедури и со флексибилност во надминувањето на проблемите од техничка природа, како резултат на немањето претходно искуство во рамките на Министерството. Одредени проблеми беа пријавени од граѓанските организации поврзани со начинот на исплата на средствата, кој подразбира плаќање по завршување на активностите. Оваа пречка беше ублажена со воведување практика на месечна исплата на средствата од Програмата кон граѓанските организации, но сепак се одрази негативно најмалку во една компонента – услугите за ХИВ-тестирање, кои се и од круцијално значење. Сепак, високото ниво на политичка волја во однос на тоа овој механизам да продолжи долгорочно да функционира е неопходно да се преточи во соодветна регулатива. За таа цел министерот за здравство именуваше Работна група за подготовка на предлог-решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ наменети за клучните популации, кои ги спроведуваат граѓанските организации. Групата, во која учествуваат претставници на Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Градот Скопје, како и четворица претставници на граѓанскиот сектор, има задача да даде предлог-решенија за измени и дополнувања на релевантната законска и подзаконска регулатива за воспоставување функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ наменети за клучните популации, а кои ги спроведуваат граѓанските организации.

Целите за кои се застапува граѓанскиот сектор во однос на одржувањето на програмите за ХИВ за клучните популации – финансирање и долгорочен механизам, како и зголемување на опфатот – се поставени високо на агендата на Владата и на Министерството за здравство, што можеше да се заклучи од формални обраќања на министерот за здравство и претседателот на Владата на Република Македонија, на Состанокот на министрите од девет земји од Југоисточна Европа[26] и од отворањето на состанокот на Одборот на Глобалниот фонд во мај 2018 година[27], кои се одржаа во Скопје. Воедно, раководството на Глобалниот фонд и голем број други важни актери на полето на глобалниот одговор на ХИВ, вклучително и Светската здравствена организација, во повеќе наврати ѝ оддадоа признанија на Република Македонија за успешното одржување на програмите за превенција и поддршка во врска со ХИВ наменето за клучните популации, по завршувањето на финансиската поддршка од Глобалниот фонд.

26 „Либертас“. Состанок на Одборот на Глобалниот фонд против ХИВ, маларија и туберкулоза, 9.5.2018.

27 „А1ОН“. Македонија домаќин на состанок на министри за здравство на ЈИЕ, 7.5.2018.

## 2.2. Вклученост на засегнатите заедници и граѓанскиот сектор во управувањето со националниот одговор на ХИВ

Во текот на годината граѓанскиот сектор што е вклучен во националниот одговор на ХИВ даваше особена поддршка за воспоставување на партиципативно управување со националните стратегии за ХИВ, преку функционална мултисекторска комисија за ХИВ. Националната комисија за ХИВ, како клучно национално тело одговорно за координација на националниот одговор на епидемијата, беше повторно воспоставена од министерот за здравство во февруари, со 16 члена, од кои четворица претставници на граѓанскиот сектор и на засегнатите заедници. Комисијата донесе амбициозен работен план и беше фокусирана на следење на спроведувањето на Националната програма за ХИВ. Беа изготвени План за мониторинг и евалуација на националната стратегија и деловник за работа на Комисијата, а беше иницирана и мисијата за техничка поддршка од страна на Светската здравствена организација во однос на епидемијата на ХИВ кај мажи што имаат секс со мажи.

## 2.3. Во Скопје се одржа состанок на Одборот на Глобалниот фонд и Министерски состанок на земјите од Југоисточна Европа

Како одговор на успешното преземање на финансирањето на програмите за ХИВ за клучните засегнати популации (мажите што имаат секс со мажи, сексуалните работници/-чки, лицата што инјектираат дрога и лицата што живеат со ХИВ), Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија го одржа 39-тиот состанок на својот Одбор во Скопје, на 9 и 10 мај.

Користејќи го како повод состанокот на Одборот на Глобалниот фонд во Скопје, на иницијатива на Министерството за здравство, се одржа состанок на министрите, односно замениците-министри од девет земји од регионот на Југоисточна Европа[28]. Платформата за ХИВ[29] преку својот секретаријат даде суштински придонес во формулирањето на концептот и агендата за овој важен настан, како и во самата дискусија. На овој состанок министрите

28 Бугарија, Романија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Молдавија, Косово, Албанија и Србија.

29 Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ е здружена иницијатива на 15 здруженија од Македонија што спроведуваат програми за ХИВ за клучните популации, која беше формирана во 2014 година за да се застапува за одржливост на програмите за ХИВ.

за здравство се заложија за поголемо национално финансирање на одговорот на ХИВ и туберкулоза во секоја од земјите во регионот, вклучувајќи ги и програмите за превенција и поддршка насочени на клучните популации.

Како дел од придружните настани, претставник на Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ учествуваше во Дијалогот за одржливост, транзиција и кофинансирање со извршниот директор на Глобалниот фонд и министрите за здравство и за труд и социјална политика на Република Македонија. На состанокот се дискутираа предизвиците на транзицијата од финансирање преку Глобалниот фонд кон домашно финансирање на програмите за ХИВ за клучните популации. Во дијалогот учествуваа и претставници на граѓанскиот сектор и на засегнатите заедници од целиот свет. Еден од главните заклучоци се однесуваше на потребата од воспоставување стабилен, одржлив и долгорочен механизам на партнерство помеѓу институциите и граѓанскиот сектор во спроведувањето на Националната програма за ХИВ.

## 2.4. Мисија на СЗО во однос на епидемијата кај мажи што имаат секс со мажи

Иницирана од Националната комисија за ХИВ и Канцеларијата на Светската здравствена организација (СЗО), од 3 до 14 декември, во Скопје се одржа мисија за техничка поддршка обезбедена од СЗО. Нејзина цел беше да се направи процена на стратегиите и системите за превенција и здравствена грижа во врска со ХИВ кај МСМ во Македонија, вклучувајќи и подобрени теренски интервенции.

Низ широко инклузивен консултативен процес, на дводневната работилница беше изготвен **Патоказ кон зајакната превенција и грижа во врска со ХИВ кај геј и бисексуалните мажи, други мажи што имаат секс со мажи и кај транслицата** во Македонија. Мерките од овој патоказ предвидуваат освежување и зајакнување на пристапот кон превенцијата и тестирањето, преку поедноставување на протоколот за доброволно советување и тестирање, отстранување на пречките во пристапот до ХИВ-тестирањето, воведување на можност за самотестирање, воведување на постекспозициска профилакса (ПЕП) и предекспозициска профилакса (ПрЕП), особено за припадници на МСМ и транспопулациите, и поголемо користење на нови комуникациски алатки.

На крајот од мисијата, министерот за здравство беше запознат со предложените мерки и заклучоци и даде насока тие да се вградат во нацрт-текстот на Националната стратегија за ХИВ, кој би требало конечно да биде усвоен во почетокот на 2019 година.

Коалицијата ја поздравува успешната транзиција на програмите за превенција и поддршка во врска со ХИВ од надворешно кон домашно финансирање во рамките на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција. Коалицијата го повикува Министерството за здравство да изготви конечни предлог-решенија за измени и дополнувања на релевантната законска и подзаконска регулатива за воспоставување функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите што ги спроведуваат граѓанските организации.

Коалицијата ги поздравува чекорите за воспоставување практика на добро управување и вклученост на граѓанскиот сектор и претставници на заедниците во носењето одлуки во рамките на националниот одговор на ХИВ и апелира до Министерството за здравство оваа практика да се формализира во соодветни акти и процедури што ќе го гарантираат континуираното учество на граѓанскиот сектор.

# 3.

# ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

Во текот на 2018 година од страна на граѓанските организации беа евидентирани три нови случаи на прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ. Во сите случаи се работи за прекршување на здравствени права и дискриминаторски третман поради ХИВ-статусот.

Во 2018 г. се забележува зголемен тренд на пријавување случаи на прекршување на правата на лица со ХИВ-инфекција, што укажува на поголем степен на омоќеност и охрабрување. Сепак, во нити еден од случаите жртвите не сакаа да преземат дејства за заштита на своите права.

Сите три случаи се однесуваат на директна дискриминација и вознемирување врз дискриминаторска основа поради ХИВ-статусот во здравството, а како последица на тоа се прекршуваат здравствените права и правата на пациентите. Случаите зборуваат за високото ниво на стигма и предрасуди кај здравствените работници во однос на ХИВ-инфекцијата, како и за немањето основни познавања за начинот на пренесување. Наместо да дејствуваат врз основа на точни информации и медицина заснована врз докази, лекарите постапуваат согласно лични ставови, заблуди и стигма поврзани со ХИВ.

## 3.1. Повреда на достоинството и изнудување мито на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ кај пациентка со ХИВ

Во овој фрапантен случај една странска државјанка, која е трансжена што живее со ХИВ, во посета на пријатели во Македонија, се обратила на Универзитетската стоматолошка клиника во Скопје со конкретна цел да направи панорамска слика од забите. Снимката била и единствената цел

на посетата на Универзитетската клиника, бидејќи следните интервенции пациентката имала намера да ги изврши кај приватен стоматолог за којшто добила препорака од пријател. Имајќи предвид дека живее со ХИВ, пациентката имала потреба од стоматолог што ќе биде доволно сензитивен за работа со пациенти со ХИВ-инфекција.

На Клиниката ја прашале за каква цел ѝ е потребна снимката и ја информирале дека понатамошната интервенција за вградување импланти може да ја направи и кај нив, како и дека тоа била најдобра клиника, со соодветна опрема и професорски кадар. И покрај тоа што пациентката им ставила до знаење на професорот и неговата асистентка дека веќе има свој стоматолог, сепак ја прифатила поканата за разговор од професорот во неговата канцеларија. Професорот имал љубезен однос и ја објаснил детално операцијата за вградување импланти и притоа ја прашал дали зема некакви апчиња поради анестезијата. Во тој момент пациентката му кажала дека зема антиретровирусна терапија, со што всушност професорот дознал за нејзината ХИВ-инфекција. Од тој момент неговата љубезност била заменета со непријателски тон и однос; професорот станал, ги измил рацете со сапун и алкохол и си ставил ракавици и маска. Пациентката помислила дека тоа го прави за да ѝ ги прегледа забите, но професорот всушност само продолжил да разговара со неа. Тој ѝ кажал дека има проблем да се изврши операцијата и дека за да изведе интервенција на луѓе како неа му треба дозвола од директорот на клиниката. Исто така, ѝ објаснил дека треба да подготват посебна соба и да ја сменат вентилацијата, бидејќи од дупчењето и прскањето од устата ќе се заразеле другите со ХИВ. Згора на сета своја непрофесионалност и незнаење, професорот ѝ кажал на пациентката дека за ризикот што тој лично го презема ќе треба да му плати 5 000 евра, бидејќи друг доктор нема да се нафати на таков ризик. Пациентката му објаснила дека е долго време на терапија, како резултат на што вирусот е недетектабилен во нејзината крв; на тоа докторот ја прашал: „Значи, излечена си?“(!) Пациентката објаснила што значи да не се појавува вирусот на тестови кај луѓето што живеат со ХИВ и примаат терапија. Таа го прашала што прават со пациентите кои одлучуваат да не го соопштат својот ХИВ-статус или пак ни самите не знаат дека имаат ХИВ, додавајќи дека и таа самата можела да одлучи да не му каже. На ова докторот ѝ се заблагодарил што му кажала и не навлегол во објаснување.

На крајот, таа му кажала дека сепак ќе оди кај својот стоматолог, на што докторот се возбудил и побарал да му го даде името и презимето за да го предупреди својот колега за ризикот, бидејќи, според него, другиот стоматолог не бил свесен за ризикот што го презема. Тој дури побарал и адреса на живеење и телефон на пациентката, а кога таа го прашала за причината, професорот не ѝ дал одговор.

Во текот на целиот разговор, професорот и асистентката не знаеле дека пациентката е трансжена, и меѓу другото ја прашувале дали е мажена, дали има деца и слични лични прашања. На заминување, пациентката добила од асистентката извинување за непријатноста.

Случајот изобилува со прекршување на правата на жена со ХИВ, прекршување на Законот за права на пациентите, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Кривичниот закон. Во случајот се работи за директна дискриминација врз основа на здравствена состојба (ХИВ-статус), видлив од различниот третман на пациентката пред и по дознавањето на ХИВ-статусот, отежнување на добивање на здравствената услуга со дозвола од директорот, подготовка на посебна соба за изведување на интервенцијата која медицински не е оправдана во случајот. Приватноста на пациентката е повредена со прашања поврзани со нејзиниот личен живот, кои немаат врска со здравствената состојба. Исто така, лекарот имал и намера да ја повреди доверливоста бидејќи сакал на другиот стоматолог да му ги каже ХИВ-статусот на пациентката и наводните ризици од давањето на здравствената услуга. На крај, лекарот сторил и кривично дело примање поткуп од член 357 од КЗ, со кој е криминализирано и барањето поткуп за извршување на дејство во рамки на службените овластувања.

## 3.2. Вознемирување на жена со ХИВ на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија

При вршење на дијагностичка интервенција гастроскопија, пациентка со ХИВ била жртва на омаловажувачки искази на медицинскиот персонал кој требало да ја изврши интервенцијата. Дел од вработените гласно негодувале поради тоа што пациентката била донесена од Клиниката за инфективни болести токму на нивната клиника(!); едно женско медицинско лице ѝ наредило да стане од столот во еден кабинет откако го видела упатот со дијагноза на ХИВ-инфекција од Клиниката за инфективни болести, додека останатите гласно коментирале дека нема да влезат во салата и да вршат интервенција на таа пациентка. Чекајќи во ходникот со други пациенти, тие јаословувале како „пациентката од инфективно“ и таа била третирана со поинаков однос во споредба со другите пациенти што чекале.

Иако на крајот интервенцијата била спроведена, тимот носел посебна заштитна униформа која била мошне непријатна за самата пациентка, а веројатно и сосема несоодветна, со оглед на тоа дека превенцијата на преносот на ХИВ при медицински интервенции се остварува со примена

на универзалните мерки на заштита кои се задолжителни за секоја интервенција. Притоа, дел од персоналот само стоел во таа заштитна униформа и набљудувал што се прави. За време на изведувањето на гастроскопијата, која самата по себе претставувала непријатна интервенција, персоналот имал груб и понижувачки однос, на што пациентката реагирала велејќи дека не знае што треба да прави, посочувајќи дека првпат прави таква интервенција и замолувајќи љубезно да ѝ објаснат како да се постави за време на нејзиното изведување.

Случајот открива цела низа на повреди на Законот за права на пациентите и Законот за спречување и заштита од дискриминација: непрофесионалност, понижувачки и дискриминаторски однос (вознемирување врз дискриминаторска основа) и стигма кон пациентка со ХИВ, прекршување на правото на приватност и доверливост, присуство на студенти или друг медицински персонал при изведување на интервенцијата без дозвола од пациентката. Во овој случај загрижува отсуството на основни професионални познавања за ХИВ-инфекцијата кај медицински лица во терциерна здравствена установа и универзитетска клиника.

Пациентката со ХИВ претрпела психичка болка, пред сè повреда на достоинството, страв и траума. По враќањето на Клиниката за инфективни болести, пациентката во тага и со солзи отишла кај социјалниот работник и ја раскажала непријатноста што ја доживеала. Искуството на стигма и понижувачкиот третман влијаеле врз нејзината самодоверба и самопочит. Ситуациите како оваа предизвикуваат несигурност и ја зголемуваат автостигмата кај лицата со ХИВ, а стравот дека слични ситуации ќе се повторат и во иднина ги спречува слободно да го споделуваат својот ХИВ-статус со други лица, дури и кога се работи за здравствени работници.

## 3.3. Директна дискриминација кон маж со ХИВ од страна на матичен лекар

Поради здравствени причини, еден геј-маж кој живее со ХИВ ја посетил својата матична лекарка во Скопје. Бидејќи матичниот лекар бил на годишен одмор, во ординацијата имало лекар на замена. Додека чекал, пациентот ја замолил одговорната медицинска сестра да му побара термин за редовна контрола на Клиниката за инфективни болести. Пациентот побарал да се види и со докторката на замена за да биде прегледан, но по краток тивок разговор во една од просториите на амбулантата, сестрата се вратила и го известила дека докторката не можела да го прими, бидејќи имала некаков итен повик од дома – имала мало бебе. Во истиот момент, млада девојка

излегла од просторијата поминувајќи покрај него со наведната глава, без никакво отпоздравување или каква било, макар и кратка комуникација со него, како со нивен пациент. Тој ја прашал медицинската сестра дали таа била докторката која всушност требало да го прегледа, а нејзиниот одговор бил потврден. Таа засрамено и со кревање на рамењата му дала до знаење дека докторката, всушност, избегала и немала интерес за разговор со пациентот. Вчудовиден од ситуацијата, тој понижено ја напуштил ординацијата размислувајќи што да преземе. Сакајќи да го расчисти случајот, се вратил за да си го побара својот картон, со намера да побара друг матичен лекар кој совесно ќе постапува со своите пациенти, но картонот не го добил. Оттаму се упатил на Клиниката за инфективни болести и со издавање приоритетен упат на самото место бил прегледан од дежурен лекар во амбулантата на Клиниката.

Истиот пациент пријавил уште една непожелна ситуација која се случила неколку месеци претходно во истата приватна здравствена установа. Кога се појавил во ординацијата, со болки во градите и висока температура, бил примен од докторката дури по еден час чекање таа да заврши со разговор со приватни посетители. Во еден момент пациентот го прекинал разговорот со молба итно да биде прегледан и да му се даде упат до Клиниката за инфективни болести. Прегледот бил краток, со констатација дека пациентот само ги преувеличува работите (!), дека не му е ништо сериозно. Како терапија му биле дадени витамини и парацетамол. Сепак, наредниот ден тој бил хоспитализиран на Клиниката за инфективни болести со бронхопневмонија и девет дена бил задржан на болничко лекување.

## 3.4. Нефункционалност на механизмите за заштита од дискриминација во здравството

Во еден случај на навредлив однос и психичко вознемирување од страна на психолог во ЈЗУ Поликлиника „Букурешт“[30], надлежните институции не утврдија прекршување на правата, ниту дискриминација кон геј-момчето. Во овој случај од крајот на 2017 година, едно геј-момче на возраст од 24 години кое се обратило на психолог во здравствената установа заради психолошко тестирање, доживеало вознемирување врз основа на својата сексуална ориентација и ХИВ-статусот токму од психологот што го спроведу-

30 За опис на случајот види „Навреди и вознемирување врз основа на сексуалната ориентација и ХИВ-статусот во здравствените установи“, во Коалиција Маргини. Годишен извештај 2017 година: Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници. Скопје, 2018, стр. 29–31.

вал тестирањето. Покрај тоа, на момчето му биле прекршени низа законски гарантирани права и претрпел дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и здравствената состојба. Здружението „Заедно посилни“, во име на момчето, поднесе претставки до Државниот здравствен и санитарен инспекторат, Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, а исто така се обрати и до Комората на психолози на Република Македонија со барање за стручно мислење.

Државниот санитарен инспекторат во своето постапување се задржал единствено на водењето на здравствената евиденција, при што не констатирал неправилности, и покрај предочениот факт дека психологот дал стручно мислење на образец „Извештај од специјалистот-субспецијалистот“ на кој, всушност, се наведува дијагноза, а не стручно мислење од психолог. Во однос на неетичкото и хомофобично постапување во текот на психолошкото тестирање, Инспекторатот смета дека не може објективно да се утврди што точно се случувало, а во одговорот до Здружението „Заедно посилни“ се цитираат наодите од писменото произнесување на психологот кој го вршел тестирањето и се потенцира дека пациентот „немал никакви забелешки во тек на тестирањето“(!). Инспекторатот воопшто не ја зема предвид ранливоста на пациентот, чувствителноста на самиот вид услуга, како и веројатноста дека навистина имало вознемирувачки и неетички однос од страна на здравствениот соработник. Иако извештајот сам по себе наведува на дискриминација врз основа на сексуална ориентација, ДЗСИ ги уважил само тврдењата на докторката, кои не се поткрепени со материјални докази. Доколку Инспекторатот сам не може да одлучи дали извештајот на докторката е стручен и професионален, може да побара извештај од друг доктор или сам да побара мислење од Комората на психолози, па потоа да одлучи дали имало повреда или не. Наместо проактивност, Инспекторатот заклучил дека „околу стручниот пристап и спроведеното психолошко тестирање со своја оцена треба да се произнесе Комората на психолози на РМ“. На ваков начин, Инспекторатот се иззема од утврдување на прекршување на правата на пациентот, и покрај својата надлежност да постапува во случаите на дискриминација во согласност со Законот за заштита на правата на пациентите.

Во однос на барањето за стручно мислење, Комората на психолози се произнесе до Здружението „Заедно посилни“ по дури шест месеци. За жал, Комората не одговори на ниту едно од поставените стручни прашања, а само го информираше Здружението дека била спроведена постапка пред Судот на честа од прв степен, кој одлучил дека не постојат докази дека психологот ја сторил дисциплинската повреда за која се обвинува и го ослободил од обвинението. Од доставените списи Здружението „Заедно посилни“ можеше да констатира дека Судот на честа постапувал спротивно на внатрешните акти на Комората, не ги сослушал ниту обвинетиот пси-

холог ниту пациентот, како и ниту еден сведок, а очигледно се ставил во заштита на својата членка.

Комисијата за заштита од дискриминација заклучи дека „нема дискриминација, бидејќи во претставката нема докази кои ја потврдуваат веродостојноста на разговорот со вознемирувања врз дискриминаторска основа“. Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, товарот на докажување се префрла на страната на потенцијалниот сторител, но очигледно Комисијата не го применила ова правило и арбитрарно одлучила да не ги уважи наводите на пациентот, и покрај тоа што извештајот со сомнителната дијагноза треба да биде доволен доказ за да се префрли товарот на докажување.

Народниот правобранител се обрати до институцијата во кој се случи настанот – Здравствен дом Скопје (Поликлиника „Букурешт“), по што го извести Здружението дека во Здравствениот дом била спроведена дисциплинска постапка за дисциплински престап против психологот за кој станува збор, но Комисијата констатирала дека „не постои повреда на правото на квалитетна и континуирана здравствена заштита спрема пациентот, на начелата за заштита на правата на пациентите, како и на начелото за достапност на информации на пациентот согласно одредбите од Законот за заштита на правата на пациентите“. Од документите доставени до Здружението зачудува брзината со која била спроведена дисциплинската постапка во Здравствен дом Скопје. Имено, според датумите и ознаките за времето, произлегува дека од почетокот на работниот ден, па веќе до 10 часот наутро, биле спроведени следниве чекори: на психологот му било доставено барање за изјаснување, по што психологот подготвил писмена изјава и ја доставил до директорите, а веќе во 9:00 наутро започнал состанокот на Комисијата, кој траел еден час. Во записникот од состанокот на Комисијата за водење дисциплинска постапка за дисциплински престап, единствено се констатира дека не постои прекршување на ниту едно право на пациентот, а претставката на Здружението се прогласува за неоснована. Исто така се констатира и дека не постојат елементи на дисциплинска одговорност. За ниту една од овие констатации не постои образложение, ниту аргументи. Оттука, се заклучува дека Комисијата при Здравствениот дом Скопје дала целосна верба единствено на писмената изјава на својата вработена и не го третирала случајот со должно внимание.

Овој случај повторно ги потврдува наодите дека ЛГБТИ луѓето и луѓето што живеат со ХИВ немаат на располагање ефикасни механизми за заштита од дискриминација и прекршување на своите права како пациенти од страна на здравствени институции врз основа на сексуалната ориентација. Кај повеќето институции очигледни се инертноста и незаинтересираноста да се заштити жртвата, непрофесионалното постапување спротивно на

утврдените надлежности и законската рамка. Надлежните институции се ставаат во заштита на здравствениот соработник и повеќе го вреднуваат неговото писмено изјаснување отколку тврдењето на пациентот поткрепено со писмен извештај.

Коалицијата бара итно да се зајакнат капацитетите на Народниот правобранител како институција надлежна за заштита на човековите права на граѓаните. Исто така, бара реформа на Комисијата за заштита од дискриминација со усвојување на Нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација.

Коалицијата бара Министерството за здравство да почне доследно да го спроведува Законот за заштита на правата на пациентите и да ги зајакне капацитетите на вработените во здравствената инспекција како надлежен орган за следење на спроведувањето на Законот.

# 4.

# ДИСКУРСОТ ЗА ХИВ ВО ЈАВНАТА СФЕРА И МЕДИУМИТЕ

Пребарување на Интернет според клучните зборови „ХИВ“ и „СИДА“ открива значително помалку објави на оваа тема во споредба со минатата година. Овие објави се поврзани главно со официјалната прес-конференција на Министерството за здравство, заедно со другите надлежни институции и со граѓанскиот сектор, која се одржа на 30 ноември, по повод Светскиот ден на СИДА. Иако можеме да заклучиме дека преовладувало коректно и точно пренесување на изнесените информации, медиумските содржини за ХИВ се карактеризираат со известување одозгора надолу, т. е. реактивно известување за темата само кога со неа се занимаваат високи владини претставници. Спротивно на тоа е известувањето одоздола нагоре, кога новинарите известуваат за проблемите и потребите на заедниците, го вклучуваат и нивниот глас, а потоа ги прашуваат надлежните институции и функционери за мерките што тие ги преземаат. Сепак, во текот на годината беа евидентирани два позначајни и загрижувачки случаи на несовесно известување за ХИВ од страна на медиуми.

Во официјалното известување за темата ХИВ на Институтот за јавно здравје постои значителна промена во споредба со претходните години, и тоа како во видот на информации што се споделуваат во јавноста така и во јазикот и терминологијата што се користат. За двата аспекта може да се заклучи дека постои подобрување и усогласеност со практиката на соодветните институции на Европската Унија. Така, на пример, за првпат оваа година од известувањето на Институтот отсуствуваат погрешните термини каков што е „болни од СИДА“, наспроти „ХИВ-позитивни“, и се известува за вкупниот број случаи на ХИВ, во согласност со препораките на Коалицијата Маргини и граѓанскиот сектор[31]. Исто така, овој пат беше напуштена практиката на известување за бројот на нови случаи на ХИВ според градови.

31 Институтот за јавно здравје користи погрешна терминологија при известувањето за епидемиолошките состојби со ХИВ. Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Годишен извештај 2017. Коалиција Маргини стр. 43–44.

## 4.1. Шпекулации, сензационализам и фатализам во известувањето за ХИВ

Во периодот од 26 до 28 јуни повеќе медиуми[32] објавија вести поврзани со „мигрантка од Јордан“ која, според медиумите, „шири зараза низ Србија“, „сее СИДА“ и поради која „во опасност се повеќе од 100 луѓе“. Кај дел од медиумите е наведен линк до изворот за информацијата од соседна Република Србија. Сепак, тоа не е направено на јасен начин и со заземање критички став кон преземените шпекулации. За илустрација, наведуваме дел од насловите:

> „ПАНИКА ВО СРБИЈА: Мигрантка сее сида кај нашиот сосед – полицијата бара жена која спиела со повеќе од 100 луѓе“[33]
>
> „Хорор: Оваа жена шири зараза по Србија, а се знае дека има сида!“[34]
>
> „Уапсена проституткaта Фатима што ширеше сида низ Србија“[35]

Текстовите изобилуваат со шпекулации за ХИВ-статусот на жената, за бројот на „досега заразени“, за местата каде што жената се движела, како и за просечниот број на клиенти коишто ги имала дневно. Во текстовите се издаваат нејзините лични податоци, како име, презиме, потекло и возраст, ако воопшто се точни. Во текстовите се тврди дека дека жената мигрантка навистина „пренела“ ХИВ-инфекција некому, и тоа на голем број лица. Притоа, ваквите тврдења се формулирани со погрешен, но и исклучително стигматизирачки јазик: повторно ХИВ-инфекцијата е наречена „сида“, и таа „се сее“(!) и „се шири“.

Во еден од медиумите, насловот на објавата тврди дека „проститутката ширела сида“(!), а во самиот текст се наведува дека информациите се неофицијални:

> „Фатима Алас (38) проститутка од Јордан која наводно ширела ХИВ низ Србија е уапсена денес. ... Според незванични информации Јорданката е заразена со сида, а за сега е непознато дали ја пренела болеста на некој муштерија, но се стравува дека заразила околу 500 луѓе“ (!!!)[36]

32 „Канал 5“, „Република“, „Курир“, „Сител“, „Точка“, „24 Инфо“, „Пулс 24“, „MK News“ и „Плус инфо“.

33 „Курир“, „Балкан“, 26.6.2018; „Mk News“, 27.6.2018.

34 „Република Online“, 27.6.2018.

35 „Плусинфо“, 28.6.2018.

36 „Плусинфо“, 29.6.2018.

Ваквиот јазик и начин на известување сее страв и паника кај јавноста, а притоа не нуди ниту една точна и корисна информација во однос на заштитата од ХИВ, коешто во дадениот контекст е највисокиот јавен интерес. Со тоа, овој вид на известување всушност нанесува огромна штета врз јавното здравје, бидејќи само ги засилува штетните стереотипи во однос на ХИВ-инфекцијата, кои водат до страв од ХИВ-тестирањето, како најважен чекор за да се справиме со епидемијата на ХИВ. Стигматизирачкиот јазик ја потенцира и стигмата кон луѓето што живеат со ХИВ, во 2018 година ХИВ-инфекцијата ја претставува како нешто страшно и фатално.

Од јазикот на објавите лесно се заклучува дека авторите на овие текстови, независно дали се преземени, преведени или авторски, одговорноста за наводниот, непотврден, пренос на ХИВ-инфекцијата ја лоцираат кај една сексуална работничка („проститутка“, како што наведуваат дел од нив) и мигрантка, а не и кај нејзините клиенти. Ова зборува за основна неинформираност и лични предрасуди кај медиумските работници. Со ваквите тврдења се засилуваат штетните сфаќања дека ХИВ-инфекцијата може да ја пренесат само одредени групи луѓе, а сите останати се потенцијални жртви, кои се ослободени од одговорноста да се грижат за сопственото здравје.

Најпосле, сето тоа открива јасна тенденција на обележување на една цела ранлива група луѓе, мигрантите, како некаква генерална закана за општеството, како и обележување на сексуалните работници како група којашто претставува ризик за останатите во однос на ХИВ-инфекцијата.

Коалицијата Маргини и Здружението ХЕРА се обратија до сите медиуми поединечно со барање да објават одговор на објавената информација, во кој се посочува дека начинот на кој наведените медиуми известија за наводен случај со ХИВ директно ги повредува новинарските професионални стандарди и со тоа предизвикува огромна штета врз јавното мислење. Одговорот ги аргументира своите тврдења и нуди точни информации во врска со ХИВ-инфекцијата. Одговорот беше објавен само во дел од медиумите[37], додека порталот „Плусинфо“ го објави со коментар од Редакцијата.

Двете здруженија упатија жалба до Советот за етика во медиумите на Македонија, по што Советот се обрати до секој од посочените медиуми поединечно. Дел од медиумите не одговориле на повикот од Советот, додека дел од нив одговориле со оспорување на жалбата[38]. Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите констатираше дека „поднесената жалба во најголем дел е оправдана“, но притоа не нашла доволно елементи за да

37 „Mk News“, 29.6.2018; „Плусинфо“, 29.6.2018.

38 „Канал 5“, „Плусинфо“.

донесе морална осуда, од причина што се работело за пренесување на содржина објавена во странски медиум. Таа донесе Мислење со кое медиумите се советуваат да внимаваат на начините на кои ги пренесуваат информациите од други медиуми и да се дистанцираат од сензационализам. Во Мислењето се наведува:

> Тие (медиумите, н. з.) не смеат да се служат со стигматизирачки пристап во известувањето, ниту, пак, со начинот на известување да упатуваат на можно стереотипизирање, предрасуди или дискриминација кон кого било, вклучувајќи ги овде и ранливите групи во општеството, како што се бегалците и мигрантите.
>
> Објавувањето парцијални, недоволно или нецелосно проверени информации за ранливите групи, во комбинација со недоволното претставување на поширокиот контекст, лесно би можело да поттикне сомнежи и стереотипи кон нив, воедно, претставувајќи ги и како закана за општеството, што неретко води кон нивна изолација и маргинализирање. Оттука, од особено значење е медиумите да покажат високо ниво на сензитивност во известувањето за овие групи, во обезбедувањето видливост за проблемите со кои се соочуваат и во акцентирањето на потребата од заштита на човековите права.

Несомнено, Советот за етика даде добри и сеопфатни препораки по жалбата. Но, со самото тоа што не ја усвои целосно жалбата, се ризикува препораките да не се сфатат сериозно. Сепак, мислењата на Советот се морална санкција и од нив не произлегува друга правна последица. Преземањето на вест од странски медиум не може да биде оправдување за ширење на паника, дезинформирање на јавноста за важни прашања од јавното здравје, стигматизација на цели групи граѓани врз повеќе основи (род, етникум, религија, здравствен статус и занимање).

## 4.2. Спинување на информации поврзани со Националната програма за ХИВ и ЛГБТИ луѓето за партиски цели

На 9 октомври порталот „Лидер“, управуван од Љупчо Златев, познат по своите хомофобични ставови, објави текст со наслов: **„Бизарно: Владата финансира набавка на лубриканти – распишан тендер!“**[39]. Од стилот на написот може да се заклучи дека настојувањето на авторот и на порталот било да се остави впечаток дека го штитат јавниот интерес, во смисла на трошењето на јавните пари. Сепак, се работи за тенденциозен текст кој прави тенденциозно спинување на информациите со цел да се нападне владејачката гарнитура, а изнесува и директни дезинформации. Впечатокот дека се прави скандал од нешто што претставува мерка од областа на јавното здравје е поткрепен и со употребата на зборот „бизарно“ во насловот, како и во самиот текст, чија смисла воопшто не е јасна во контекстот:

> Бизарна јавна набавка осамна вчера на страницата на Бирото за јавни набавки, со државни пари ќе се набавуваат 20.000 шишиња со лубрикант за „Здружението на граѓани Еднаквост за геј и лезбејки – ЕГАЛ Скопје.“

Објавата користи стигматизирачки јазик кон ЛГБТ заедницата и кон организациите што работат на ЛГБТ прашања:

> Набавувач е ова здружение кое е непознато на пошироката јавност, а со парите кои ги има добиено од Владата ќе ги „подмачкува“ хомосексуалците и лезбејките од Скопје, каде што е носител на државниот проект. (Задебелениот текст е од оригиналната објава)

Во текстот се објавуваат невистини, како на пример, дека се работи за 20 000 шишиња со лубрикант, иако изворната тендерска документација на која се повикува текстот наведува „пакување“ со количина од 3-5 милилитри[40] (т. е. за еднократна употреба). Оваа заблуда е дополнително поткрепена и со фотографија од пластично шишенце лубрикант од препознатливиот бренд Durex, кое е залепено врз фотографија од Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, производ кој инаку нема никаква врска со спецификацијата за јавната набавка. Друга дезинформација е тврдењето дека „лубрикантите немаат никаква врска со заштита од ХИВ-вирусот“. Ова тврдење е особено штетно имајќи го предвид контекстот на потребата од правилно информирање за заштитата на јавното здравје и превенцијата.

39 „Бизарно: Владата финансира набавка на лубриканти – распишан тендер!“ „Лидер“, 9.10.2018.

40 Информација достапна преку официјалниот електронски систем за јавни набавки, на кој се повикува и самиот автор на текстот.

Особено е очигледно партизирање на прашањето, па се потенцира дека Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2018 г. била финансирана од Владата и потпишана лично од премиерот Зоран Заев. Всушност, како и секоја друга владина програма во областа на здравството или во која било друга област, програмата се потпишува од Претседателот на Владата, кој и да ја врши таа функција. Понатаму, се истакнува дека сегашниот пратеник од владејачкото мнозинство Павле Богоевски, инаку познат како активист од граѓанскиот сектор, во 2014 година бил заштитно лице на „фестивал на ЛГБТ лицата наречен ’Ѕуница‘.

Текстот наведува и други целосно погрешни информации, како на пример, дека Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во претходната година (т. е. во 2017) се финансирала со само 11 милиони денари. Имено, реализираниот буџет на Програмата за ХИВ во 2017 година изнесуваше 65 милиони (65.371.645.000,00) денари, од коишто 22 милиона (22.245.769.000,00) беа обезбедени од Буџетот на Република Македонија. [41]

Барање за коригирање на спорната објава до порталот прати Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ. Демантот беше објавен нецелосно и со коментар од порталот, во кој Редакцијата најпрвин дава објаснување за својот однос кон лицата со хомосексуална ориентација, а кој содржи дополнително партизирање и тенденциозно известување. Тоа се заклучува и од самиот наслов, како и од делови од текстот:

> „НВО организациите во одбрана на Владата: Лубрикантите се неопходни, за да не се кинат кондомите!“[42]

Порталот не гледа причина да одговори со коригирање на посочените погрешни информации и тенденциозни изјави за чувствително прашање со значење за јавното здравје, и уште еднаш ги повторува наводите од првичната објава.

Првичната објава на порталот „Лидер“ беше преземена и од други портали, а на неа се надоврзаа и соопштенија за јавноста од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, што дополнително ја потврди целта на објавување на оваа вест.

41 Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, достапна на веб-страницата на Министерството за финансии.

42 „НВО организациите во одбрана на Владата: Лубрикантите се неопходни, за да не се кинат кондомите!“ „Лидер“, 9.10.2018.

## 4.3. Злоупотреба на Националната програмата за ХИВ од страна на ВМРО-ДПМНЕ

„Скандалозната“ тема за лубрикантите беше преземена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, која во неколку наврати ја експлоатираше темата, со дополнително спинување и изнесување невистини. Така, во видеосоопштение[43], претставник на партијата, Томи Кепевски, за превентивните мерки од Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција зборува како за „подмачкување нечие задоволство“ и тврди дека „не станува збор за превенција, туку за чист хедонизам и подобро уживање што го препорачуваат Заев и неговите министри“. Покрај тврдењето дека „набавката на лубриканти е потпишана лично од премиерот Заев“, претставникот на ВМРО-ДПМНЕ уште повеќе ја заведува јавноста со целосна, инаку лесно проверлива невистина дека било планирано да се потрошат 95 милиони денари(!). Инаку, буџетот на целата Програма за ХИВ за 2018 година изнесуваше 95 милиони, од кои 43 милиони беа наменети за обезбедување антиретровирусни лекови и тестови за следење на инфекцијата, додека останатите 52 милиона денари се однесуваа на превентивни активности. Програмата за ХИВ е една од најкомплексните јавни програми, особено во областа на здравството и јавното здравје, а износот предвиден за кондоми и лубриканти како едно од основните средства за превенција на ХИВ изнесува само 0,8 % од вкупниот предвиден буџет на Програмата за 2018 година[44].

Коалицијата остро го осудува искористувањето на ЛГБТИ луѓето, како и Националната програма за ХИВ за меѓупартиски пресметки, како и неетичкото известување и говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето во некои медиуми.

Коалицијата укажува на штетата што може да ја предизвика погрешното информирање на јавноста во врска со прашања од областа на јавното здравје, која може да се одрази врз понатамошен пораст на епидемијата на ХИВ во Република Македонија.

Коалицијата го осудува несовесното извртување на факти и изнесување целосни невистини и непроверени информации од страна на политички

43 „Бизарно е објаснувањето на Владата дека лубрикантите се набавени за да се делат заедно со презервативи“, соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, 10.10.2018.

44 Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Македонија за 2018 година, достапна на сајтот на ФЗОМ.

партии, како крајно неодговорно политичко однесување. Коалицијата апелира до сите политички субјекти, за прашањата поврзани со јавното здравје, превенцијата на болести, епидемиологијата и сродни прашања да изнесуваат информации базирани врз докази.

# III.

## Преглед на состојбите со политиките кои ги засегаат ЛГБТИ луѓето. Прекршување на човековите права на ЛГБТИ луѓето

# 1.

# СТАРО-НОВИОТ ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА СÈ УШТЕ ЧЕКА УСВОЈУВАЊЕ

Процесот за измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација започна уште во 2016 година, а Нацрт-законот, откако беше усвоен од Владата, во јуни 2018 година влезе во Собранието. Но, и покрај многуте препораки за негово усвојување и позитивните критики од страна на домашните и меѓународните организации, Законот повторно не беше усвоен.

Во Нацрт-законот експлицитно се наведени сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација, што е едно од основните приоритети и барања на ЛГБТИ заедницата. Вклучувањето на овие основи во Законот е во насока на исполнување на обврските што Република Македонија ги има преземено пред меѓународните и регионалните тела за човекови права.[45]

Внесувањето на овие основи не е единствена придобивка од Законот, туку со него се предвидува целосна реформа на Комисијата за заштита од дискриминација, за чија неефикасност и непрофесионалност постојано алармираат граѓанските организации[46] и Европската комисија[47]. Позитивни промени во Законот има и во однос на забрзување на постапката пред Комисијата, доказите за дискриминација, унапредување на дефинициите и

45 Европската Унија, Совет на Европа и комитетите на Организацијата на Обединетите нации постојано препорачуваа и бараа од Република Македонија да ги внесе сексуалната ориентација и родовиот идентитет во ЗСЗД.

46 „Мрежата за заштита од дискриминација континуирано алармира за неефикасната заштита од дискриминација, меѓу другото, и поради немањето капацитет на Комисијата за заштита од дискриминација да се постави како препознатлива институција која ќе застане на страната на дискриминизираните." МЗД: Со утврдувањето дискриминација кон Груевски, Комисијата за заштита од дискриминација покажа селективно и непрофесионално работење . „Либертас", 21.11.2018.

47 „Долготрајните недостатоци во работата на Комисијата за заштита од дискриминација треба да се отстранат, вклучувајќи ја и нејзината непристрасност и независност." Извештај за напредокот на Република Македонија од Европската комисија 2018 година, стр. 31.

опфаќање на повеќе форми на дискриминација. Нацрт-законот доби позитивно мислење и од Венециската комисија, меѓу другото и за аспектите дека „се додаваат експлицитно сексуалната ориентација и родовиот идентитет, се професионализира Комисијата со вработени на полно време, финансиската независност на Комисијата, како и можноста организациите да иницираат постапка во име на жртва на дискриминација и во случај да не се реферира на жртвата“[48] (односно тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес – actio popularis).

Оваа година старо-новиот Нацрт-закон, кој беше усвоен од Владата во јуни[49], повеќе од шест месеци е заглавен во Собранието во фаза на прво читање од законодавната постапка. Законот се најде како 15-та точка на дневниот ред на 53-тата седница, на која заменик-министерот за труд и социјална политика го претстави Нацрт-законот, се осврна на процесот на донесување и на потребата од измени на Законот поради усогласување со европското законодавство[50]. На истата седница претседателот на Собранието заклучи дека Законот не е разгледан од матичното работно тело, така што Собранието ќе се врати на оваа точка откако ќе се создадат услови[51]. Но услови не се создадоа до крајот на годината. Согласно законодавната постапка, матичното работно тело, во случајот Комисијата за труд и социјална политика, треба да го разгледа Нацрт-законот во фазата на првото читање. Но, до крајот на годината тој не се најде како точка на дневен ред на Комисијата за труд и социјална политика. Бидејќи се работи за европски закон, беше разгледан единствено од Комисијата за европски прашања на седницата од 12.12.2018 година.[52]

На почеток проблемот се лоцираше единствено кај претседателот на оваа Комисија, пратеникот Влатко Ѓорчев, кој постојано одбивал да го стави Законот на дневен ред. Инаку, Комисијата има 12 члена, од кои 4 пратеници од СДСМ, 5 од ВМРО-ДПМНЕ и по еден од ДУИ, БЕСА и ПЦЕР, односно 6 пратеници од владејачкото мнозинство и исто толку од опозицијата и претседателот Ѓорчев, пратеник од опозицијата. Доколку ја земеме пред-

48 Мислење на Венециската комисија, стр. 17, Opinion no.915/2018, Strasbourg 19.03.2018, “The former Yugoslav Republic of Macedonia” Opinion on the Draft Law on prevention and protection against discrimination, Adopted by the Venice Commission at its 114th Plenary Session (Venice, 16-17 March 2018).

49 „Владата го разгледа најновиот текст на Предлог–законот за спречување и заштита од дискриминација, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.“ Записник од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.06.2018.

50 Заменик-министерот беше повикан да претстави друг закон (за минимална плата), но поради недоразбирање го претстави Нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација. Стенографски белешки од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17.7.2018.

51 Стенографски белешки од Третото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23.7.2018.

52 Втора точка од дневениот ред на Седница бр. 24 на Комисијата за европски прашања, закажана на 12.12.2018 г. во 14:00 часот.

вид историјата на хомофобични и мизогини политики на ВМРО ДПМНЕ и фактот дека како владејачка партија ја отстранија сексуалната ориентација во првичниот предлог на Законот во 2010 година, мала е веројатноста дека конзервативните пратеници ќе го поддржат Законот. Од друга страна, во Комисијата членови и заменици се три пратенички од неформалната група за ЛГБТИ права во Собранието, кои постојано се обидувале да го стават Законот на дневен ред на Комисијата.

Од јули до почеток на 2019 година одржани се девет седници на Комисијата за труд и социјална политика, а овој Закон не е ставен на дневен ред на ниту една од нив. Од друга страна, на дневниот ред на Комисијата поминуваа закони кои подоцна влегле во собраниската законодавна постапка.

Пратеничката Маја Морачанин од ДОМ, воедно и координаторка на ЛГБТИ групата во Собранието, за медиумите ја даде следната изјава: „Прво беа одморите, па референдумот, беше еден бурен период, но кога сето тоа помина, гледам дека Законот сѐ уште не е ставен. Затоа предложив да се стави на една од претходните седници, ја водеше Весна Пемова, но не се прифати бидејќи колегите не биле запознати. На следната седница повторно ја предложив точката, но ми беше одговорено дека бидејќи е со европско знаменце, прво треба да помине на Комисијата за европски прашања. Тоа не е услов, но го прифативме.“[53]

Откако помина на Комисијата за европски прашања, пратеничката Маја Морачанин повторно предложила Законот да се стави како прва точка на дневен ред во Комисјата за труд и социјална политика. Но, наместо конечно да се прифати, пратениците повторно не го прифатиле предлогот, а ја искористиле ситуацијата да се спротивставаат на унапредувањето на правата на ЛГБТИ луѓето. Освен пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, пратеникот од ДУИ и пратеникот од ПЦЕР исто така не го поддржале предлогот, и покрај тоа што се дел од владејачката коалиција. За пратеникот од ПЦЕР имало други закони што тој ги сметал за поприоритетни и инсистирал побрзо да се усвојат, додека пратеникот од ДУИ истакнал дека Законот се коси со религијата.

По оваа информација реагираа граѓанските организации од Мрежата[54] за заштита од дискриминација[55] кои алармираа за опструкциите во Собранието и побараа итно донесување на Законот. На 22 јануари 2019, во емисијата

53 Изјава на Маја Морачанин од „Собраниски кочници за Закон за заштита од дискриминација“, објавена на 18.12.2018, достапно на www.prizma.mk

54 Неформална мрежа на организации за заштита од дискриминација: Коалиција Маргини, ХЕРА, ХОПС, Хелсиншки комитет за човекови права, ЛГБТИ Центар за поддршка, Здружение ЕСЕ, Фондација отворено општество и Станица ПЕТ.

55 Законот за антидискриминација се соочува со опструкции во Собранието, реагираат од Мрежата за заштита од дискриминација. „Академик“, 21.12.2018 година.

„Топ-тема на ваша страна“, вицепремиерот Бујар Османи, во чиј мандат е евроинтеграцијата, одговорајќи на прашање за Законот за спречување и заштита од дискриминација, изјави:

> „Има одредени разлики помеѓу политичките партии по однос на одредени категории коишто треба да бидат вклучени во Законот. Се разговара со политичките партии бидејќи веројатно сè уште постојат предрасуди и кај нив или пак тие мислат дека постојат предрасуди кај електоратот што го претставуваат, па дали тоа може да се рефлектира врз нив, меѓутоа сметам дека со дијалог ќе успееме да ги вклучиме сите категории, бидејќи тоа се вредностите коишто Европската Унија...“

На прашањето кои граѓани спаѓаат во тие категории, неговиот одговор гласеше:

> „Па зборувам и за ЛГБТИ заедницата, но зборувам и за други спорни категории на кои не можам да се сетам во моментот.“

Националната мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата[56] остро ја осуди оваа изјава и истакна дека

> „додека го блокираат донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, пратениците немаа проблем да гласаат ЗА донесување на измените на Кривичниот закон со кој се овозможи изречна заштита од дела од омраза со експлицитно споменување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Пратениците од опозициската ВМРО-ДПМНЕ предложија и амандман во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за да се внесе сексуалната ориентација и родовиот идентитет во основите за заштита од говор на омраза во медиумите, а ДУИ го поддржаа. Затоа сметаме дека се небулозни тврдењата дека електоратот не е подготвен да прифати сексуална ориентација и родов идентитет во Законот, а останува нејасно зошто на ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ им пречат овие основи во еден закон, но не и во други закони.“[57]

Граѓанските организации потенцираа дека „Законот за спречување и заштита од дискриминација не е закон за ЛГБТ заедницата, туку сеопфатно законско решение кое цели да изгради ефикасен систем за спречување и заштита

56 Неформална мрежа на 18 граѓански организации и неформални групи за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето.

57 Национална мрежа за борба против хомофобија и трансфобија: Зошто ДУИ ги кочи евроинтеграциите? „Либертас“, 24.1.2019.

од дискриминација за сите граѓани, вклучително ефикасна заштита од дискриминација врз основа на етникум за граѓаните Албанци“.[58]

Граѓанските организации исто така ја алармираа меѓународната заедница за проблемот и побараа поддршка во застапувањето за донесување на Законот. Наредниот ден, по острите реакции на граѓанските организации, застапувањето од меѓународните партнери и средбата со францускиот амбасадор, ДУИ се премисли.

„ДУИ го поддржува овој Закон и ќе гласаме за негова поддршка“, рече Османи. За изјавата која пред само два дена ја даде во „Топ-тема“, а која предизвика реакции кај невладините организации дека во ДУИ има дилеми за Законот „за ЛГБТ заедницата и други спорни категории“, Османи вели дека била извадена од контекст. [59]

Амбасадорот Тимоние потенцираше дека „оние што го блокираат донесувањето на Законот го блокираат патот кон ЕУ“.[60]

Но ВМРО-ДПМНЕ остана на својот став и ја искористи ситуацијата за хомофобична пропаганда и кревање на морална паника во јавноста. Медиумите објавија дека законот за ВМРО-ДПМНЕ бил неприфатлив затоа што во него е исклучена дефиницијата за брак како заедница на маж и жена, што е вовед во хомосексуални бракови и посвојување деца. Она што, исто така, не им се допаѓало е што се воведува нов термин „родов идентитет“, па со тоа биолошката детерминанта станува флуидна.

Согласно Деловникот на Собранието, во случаите кога претседател на работно тело одбива да закаже седница, една третина од членовите на работното тело или претседателот на Собранието имаат право да побараат од претседателот на работното тело да свика седница, а ако тоа не го стори, претседателот на Собранието може да ја свика седницата[61]. Иако вообичаено претседателот на работното тело е известител, согласно Деловникот, работното тело може од своите редови да определи друг член за известител по одделна точка од дневниот ред.[62] Улогата на матичните работни тела, во случајот Комисијата за труд и социјална политика, е да го разгледаат законот во првото читање и да дадат мислење дали е прифатлив и дали може да оди на второ читање. Ова мислење не е обврзувачко за Собранието, кое

58 Зошто ДУИ ги кочи евроинтеграциите? „Окно“, 24.1.2019.

59 ДУИ ќе гласа за Законот за антидискриминација, „Независен“, 25.1.2019.

60 ДУИ се премисли: Ќе гласа за Законот за антидискриминација, „Нова ТВ“, 25.1.2019.

61 Став 2 и став 3 од член 120, Деловник на Собранието на Република Македонија (прочистен текст).

62 Став 1 член 129, Деловник на Собранието на Република Македонија (прочистен текст).

на општата расправа одлучува дали предлогот на законот може да се даде на второ читање.

Коалиција Маргини бара од Собранието итно да го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација. Коалицијата Маргини бара од претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, да ги преземе сите мерки за да се забрза процесот на донесување, согласно Деловникот на Собранието.

Коалиција Маргини апелира до пратениците да не ги злоупотребуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет за партиски пресметки и да не употребуваат говор на омраза во дискусиите за законите кои ги третираат правата на ЛГБТИ луѓето.

Коалиција Маргини ги повикува сите пратеници да гласаат ЗА Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што ќе го направат првиот чекор кон градење на еднакво и праведно општество за сите граѓани на Република Македонија.

# 2.

# ФОРМИРАНА ИНТЕРПАРТИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ГРУПА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛУЃЕТО ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На почетокот на 2018 г., за првпат во регионот, на конститутивна седница одржана во Собранието на Република Македонија, се формираше Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето.[63]

Задача на оваа неформална група е да се застапува за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, користејќи ги достапните механизми на Собранието, со цел градење на општество во кое сексуалната ориентација и родовиот идентитет нема да претставуваат пречка за целосно уживање на човековите права и слободи. Формирањето на групата беше поздравено од меѓународната јавност, а групата доби поддршка и честитки и од Интер-групата за ЛГБТИ права на Европскиот парламент[64]. Извештајот на Европската комисија исто така го забележа и поздрави формирањето на групата[65].

Собранието во последната деценија се претвори во извор на хомофобичен и трансфобичен говор, како и простор за злоупотреба на сексуалната

63 Формирана интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, „Радио МОФ", 23.2.2018.

64 Macedonian parliament forms an inter-party group for LGBTI rights, LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey, 8.5.2018.

65 „Во парламентот беше формирана интерпарламентарна група во февруари 2018 година, составена од 13 пратеници, која има за цел да ги застапува правата на ЛГБТИ лицата." Извештај за напредокот на Република Македонија од Европската комисија 2018 година, стр. 32.

ориентација и родовиот идентитет со цел деградирање на политичките опоненти. Формирањето на ваква група е голем чекор во однос на изразувањето на политичката волја за поддршка на правата на ЛГБТИ луѓето од страна на претставниците од законодавниот дом. Иако групата е неформална, сепак дејствува во рамките на Собранието, со што се изразува и институционална поддршка. Освен изразувањето на политичка волја, основна цел на групата е да ги застапува правата и интересите на ЛГБТИ луѓето во Собранието, преку застапување за донесување на политики кои директно ќе влијаат врз унапредување на правата и препознавање на ЛГБТИ луѓето во законодавството.

Во времето на иницирање на идејата за оваа група поддршката броеше 8 пратеници, а во моментот на формирање се зголеми на 13. Моментално е составена од 14 пратеници од различни партии, и тоа СДСМ, ДОМ, ЛДП, НСДП, ДУИ, независни пратеници и поранешна пратеничка на ВМРО-ДПМНЕ[66]. Координатор и заменик-координатор на групата се пратениците Маја Морачанин, од Зелената партија ДОМ, и Павле Богоевски, независен пратеник од коалицијата на социјалдемократите. Во ЛГБТИ групата нема пратеници од албанските политички партии, со исклучок на пратеникот Бранко Манојловски, кој ги разбранува политичките партии и јавноста со своите гласни заложби за легализирање на истополови бракови. Но, пратеникот Манојловски дејствува во свое лично име и не ги претставува партиските ставови во врска со правата на ЛГБТИ луѓето[67].

Во текот на 2017 година пратениците од ЛГБТИ групата се застапуваа за унапредување на законската рамка за правата на ЛГБТИ луѓето, особено за донесување на Нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација. Маја Морачанин во име на групата поднесе амандман на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за додавање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како дискриминациски основи, со што експлицитно се забрани медиумските услуги да содржат програми кои поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост и омраза кон ЛГБТИ луѓето[68].

Интерпартиската група го одбележа Меѓународниот ден против хомофобија и трансфобија (IDAHO), 17 мај, преку објавено соопштение на официјалната

66 Кога пратеничката Нола Исмајлоска-Старова се приклучи на ЛГБТИ групата беше членка на ВМРО-ДПМНЕ, но откако гласаше за започнување на процесот на уставни измени во октомври 2018, беше исклучена од партијата.

67 Во 2017 година Манојловски во Собранието побара легализација на истополовите бракови, а потоа на прес-конференција објасни дека тоа е негов личен став. (ВИДЕО) Манојловски: Хомосексуалците се луѓе и заслужуваат еднакви права, „А1 ОН“, 4.7.2017.

68 Закон за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, „Службен весник“ бр. 248 од 31.12.2018.

страница на Собранието на Република Македонија. Во Соопштението[69] пратениците од групата изјавија дека:

> „Дискриминацијата и насилството врз ЛГБТИ луѓето сѐ уште се присутни и затоа не само што најостро го осудуваме говорот на омраза, насилството и дискриминацијата врз ЛГБТИ луѓето во Македонија, туку и согласно нашите надлежности, активно работиме за подобрување на законската регулатива. Нашата цел е преку позитивни промени да овозможиме заштита од говор на омраза, насилство и дискриминација и развој на инклузивно општество што еднакво го почитува секој поединец без разлика на која било различност, вклучително и различната сексуална ориентација и родов идентитет.“[70]

Пратениците од групата беа говорници на неколку сесии од годишната регионална конференција за ЛГБТИ права. На самата конференција се одржа и посебна сесија за улогата на парламентите во унапредувањето на правата на ЛГБТИ луѓето, каде формирањето на интерпартиската група беше презентирана како позитивна практика.

Деветмина пратеници од групата се појавија со свои изјави на кампањата со име „Не суди кој кого љуби“, со цел промоција на правата на ЛГБТИ луѓето и покренување на свеста за насилството и дискриминацијата.

Коалиција Маргини ја поздравува работата на Интерпартиската парламентарна група и ги повикува и другите пратеници, особено пратениците од албанските политички партии и пратениците на опозицијата, да се приклучат во групата и да се застапуваат за унапредување на човековите права на ЛГБТИ луѓето.

69 На веб-страницата на Собранието можат да се најдат уште две соопштенија објавени за одбележување на овој ден во 2011 и 2012 година, со информативен карактер за денот. Во 2018 г. за првпат пратениците здружено го осудија насилството и дискриминацијата со кои се соочуваат ЛГБТИ луѓето и јавно се заложија дека ќе работат на унапредување на состојбите.

70 Соопштение на ИППГ за правата на ЛГБТИ лицата, по повод 17 мај, Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија. Собрание на Република Македонија, 17.5.2018.

# 3.

# СО ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ СЕ ПРЕДВИДУВА ГЛОБА ЗА МЕДИУМИТЕ КОИ ЌЕ ШИРАТ ГОВОР НА ОМРАЗА КОН ЛГБТИ ЛУЃЕТО

На крајот од 2018 година во Собранието беа изгласани измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[71]. Во Нацрт-законот за измени и дополнувања на Законот за АВМУ не беа внесени сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација и говор на омраза, по што пратениците од ЛГБТИ групата поднесоа амандман и тој беше усвоен.

Со Законот се промени членот 48 „посебни забрани“ и експлицитно се забрани аудио и аудиовизуелните медиумски услуги да содржат програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во членот 147 се предвиде глоба од 1 000 до 5 000 евра за медиумот кои ќе емитува и создава програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Коалицијата Маргини побара висината на глобата за медиумите да варира зависно од гледаноста и финансиската моќ на медиумот, со цел да се постигне ефективно казнување. Но, бидејќи не постоеше волја за воведување на ваква реформа во начинот на одмерување на глобите, Коалицијата

71 Стенографски белешки од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28.12.2018.

побара од пратениците да поднесат амандман со кој наместо сумата да варира од 1 000 до 5 000 евра, секогаш да изнесува 5 000 евра.

Во образложението на Коалицијата се наведе дека „кога медиумите се извор на говор на омраза и дискриминација, нема оправдување за воведување на долна граница на глоба со која се овозможува прекршочниот орган да изрече значително помала казна од претходно предвидените. Односно, во практика, согласно Законот за прекршоците, сумата ќе се намали на половина и ќе биде 500 евра, што е незначителна сума за поголемите медиуми".

Но, барањето не наиде на поддршка и Законот се усвои со глоба за говор на омраза од 1 000 до 5 000 евра. Сепак, со воведувањето на глобата за говор на омраза се унапредува заштитата од оваа форма на насилство и дискриминација, додека имплементацијата и ефектите од неа допрва треба да се следат.

Коалиција Маргини го поздравува вклучувањето на експлицитна забрана на говор на омраза по основа на сексуална ориентација и родов идентитет во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и апелира за понатамошно унапредување на законската рамка за заштита од говор на омраза преку измени во Законот за медиуми и усвојување на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

# 4.

# ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА – ПАРАВАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ ЗА ОБВИНЕТИТЕ ВО СЛУЧАИТЕ НА СЈО

На 28 декември во Собранието се изгласаа измените на Кривичниот законик, во скратена постапка и без расправа во Собранието[72]. Со измените се унапреди заштитата од кривични дела мотивирани од омраза на неколку основи, помеѓу кои се и сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Секако оваа измена е позитивна сама по себе, но поверојатно е дека кривичните дела од омраза беа искористени како параван за воведување на измени во други членови и воведување нови кривични дела кои директно ќе се одразат врз намалување на казните или прекинување на кривичниот прогон со институтот застареност на обвинетите во предметите на Специјалното јавно обвинителство[73]. Иако овој извештај нема намера да се занимава со прашања надвор од сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници, сепак не можеме да поздравиме измени на ваков системски закон донесени „прекуноќ“, кои ќе имаат штетни последици за владеењето на правото. Вкупно 16 граѓански организации побараа да се повлече точката од дневниот ред на седницата за измените на Кривичниот закон и истакнаа дека: „Неприфатливо е да се менува Кривичниот законик и кој било друг закон за да се избегне правдата и да се продолжи со заробување на државата од политичките партии. На овој начин се амнестираат криминалот и корупцијата, и продолжува неказнивоста.“[74]

Кривичниот закон е системски закон и многу граѓани и граѓански организации се застапуваат за измени од различни аспекти. Препознавањето на

72 Ниту еден пратеник не се јави за дискусија по Законот. Стенографски белешки од Првото продолжение на Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 декември 2018 година.

73 Измени во Кривичниот законик – половина постапки на СЈО во вода, Радио „Слободна Европа“, 27.12.2018.

74 Кого ќе спасат измените во Кривичниот законик? Радио „Слободна Европа“, 28.12.2018.

делата од омраза и експлицитно внесување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет е барање на ЛГБТИ организациите кои се залагаат за ефикасна заштита од насилство и друг криминал мотивиран од омраза кон нив. Од друга страна, по ратификувањето на Истанбулската конвенција[75], потребно е КЗ да се усогласи, особено во Посебниот дел, со воведување на нови кривични дела и менување на дефиницијата за кривичното дело „силување". Заложби за измени на Законот има и од страна на организациите кои се залагаат за либерализација на политиките за употреба на дроги, организациите за борба против корупцијата и други заинтересирани страни. Потребата од измени во Кривичниот закон е неоспорна, но со донесување на делумни и сомнителни измени, во нетранспарентен процес и скратена постапка во законодавниот дом, јавноста оправдано се сомнева во намерата на законодавецот. Спротивно на стореното, во програмата на Владата за 2018 година се најави нов Кривичен закон кој ќе одговори на потребата од усогласување со меѓународните стандарди во повеќе области[76]. Измени на Кривичниот закон, но повторно преку закон за изменување и дополнување, се предвидени и за 2019 година, согласно програмата на Владата[77].

## 4.1. Измени на Кривичниот закон во однос на делата од омраза

Досега, во Кривичниот закон, криминалот мотивиран од омраза се сметаше за отежнувачка околност при одмерување на казната од страна на судиите кои имаа обврска да земат предвид дали „кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот непосредно или посредно, поради нивната припадност на одредена група"[78]. Притоа како заштитени карактеристики беа набројани основите од Законот за спречување и заштита од дискриминација[79], каде сексуалната ориентација и родовиот идентитет не се експлицитно набројани. Но, одредбата речиси и не се применуваше од страна на институциите[80]. Од една страна, причините за непр529менувањето

75 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство.

76 Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018 г.

77 Предлог-програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 г.

78 Член 5 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот закон, „Службен весник на РМ", бр. 27 од 5.2.2014.

79 Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010.

80 Македонија пријавила дека во 2016 г. имало само две, а во 2015 г. пет дела од омраза, регистрирани од полицијата, што укажува на непрепознавање на делата од омраза. Податоците се достапни во базата на податоци на ОБСЕ за дела на омраза hatecrime.osce.org

се лоцираа во недостигот на капацитети кај полицијата и обвинителството за препознавање на делата, но од друга страна, потребата за унапредување на законската рамка беше препорачана и од меѓународните и регионалните тела за човекови права[81].

Со измените на Законот се воведе следната дефиниција на дела од омраза: „Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот  кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување“[82].

Вториот дел од измените поврзани со дела од омраза се однесуваат на додавање на квалификаторен облик кај 18 кривични дела[83], со што, доколку делото е сторено од омраза, се предвидува построга казна.

Со измените се зголеми и заштитата од говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето со проширување на основите во ставот 2 од членот 407-а Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства, со што експлицитно се забрани негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето на злосторства сторени со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивниот родов идентитет или сексуална ориентација.

Иако промените се позитивни, сепак недостигаат сите заштитени карактеристики, па основите ќе треба дополнително да се усогласат со Нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација. Од една страна се додадоа сексуалната ориентација и родовиот идентитет, а од друга страна се отстрани родот како основа за дела од омраза.

КЗ содржи и посебни кривични дела кои се однесуваат на различни дејства мотивирани од предрасуди, како расна и друга дискриминација, ширење

81 OSCE/ODIHR Comments on Draft Amendments to Certain Provisions of the Criminal Code of the former Yugoslav Republic of Macedonia regarding Bias-Motivated Crimes (коментари и препораки од 2009 и 2016 година, при измени на КЗ во делот на делата од омраза).

82 Член 3 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на РМ“ бр. 248 од 31.12.2018.

83 Убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда, присилба, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечно или понижувачко постапување и казнување, загрозување на сигурноста, спречување или смеќавање на јавен собир, силување, обљуба на немоќно лице, полов напад врз дете кое не наполнило 14 години, неукажување медицинска помош, тешка кражба, разбојништво, разбојничка кражба, оштетување на туѓи предмети, изнуда, насилство и скврнавење на гроб.

на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост и други, кои е потребно да се дополнат со сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи.

Коалицијата Маргини препорачува Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи да преземат мерки за имплементација на измените од КЗ:

- Создавање програма за континуирана едукација на полициски службеници, јавни обвинители и судии за градење вештини за препознавање и соодветно постапување при дела од омраза, стекнување на знаења за праксата на Европскиот суд за човекови права и примена на меѓународните стандарди за заштита од дела од омраза.

- Спроведување континуирани обуки за сензибилизирање на полицајци, обвинители и судии за работа со маргинализираните групи и донесување на правилници, упатства и протоколи за постапување.

- Засилено набљудување над спроведувањето на законот од страна на надлежните институции.

- Редовно прибирање податоци за дела од омраза преку надоградба на системот АКМИС за судството и обновување на методологијата за прибирање на податоци од страна на полицијата.

# 5.

# ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛУЃЕТО

Во 2018 година во Коалицијата Маргини се документирани **84 случаи на прекршување на правата на ЛГБТИ луѓето.** Случаите се документирани од страна на жртвите, теренски работници[84], параправници и активисти од партнерски организации. Во сите случаи жртви се припадници на ЛГБТИ заедницата, од различни возрасни категории.

Табела бр. 5: **Документирани случаи поделени по градови каде што се случиле**

| | |
|---|---|
| Скопје | 57 |
| Гостивар | 1 |
| Струмица | 17 |
| Тетово | 2 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Куманово | 2 |
| Велес | 2 |
| Штип | 1 |
| **Вкупно** | **84** |

Документирани се случаи од повеќе градови во Македонија, **но доминираат случаи од главниот град (57), 17 случаи има во Струмица и по неколку случаи во Тетово, Гостивар, Струга, Охрид, Куманово, Велес и Штип.** Големиот број случаи во Скопје е очекуван, бидејќи повеќето граѓански организации

84 Луѓе од заедницата ангажирани во доброволно советување и тестирање за ХИВ.

дејствуваат во Скопје, а исто така во главниот град има повеќе крузинг-места[85] каде што се случува насилство и разбојништво. Поголемиот број на случаи во Струмица, за разлика од другите градови, се должи на интензивирани активности на граѓанските организации за градење на капацитетите на ЛГБТИ луѓето во овој град, каде што се формираше неформално активистичко јадро. Активностите на ЛГБТИ организациите се сконцентрирани во Скопје, но и генерално животот во Македонија е централизиран во главниот град. Од ова се наметнува потребата од засилени активности во останатите градови, како активности за едукација, еманципација, здравствени, правни и социјални услуги, мотивирање и поддршка за основање локални ЛГБТИ организации. Обидите на граѓанските организации во другите градови сè уште не даваат видливи резултати. Причината може да се лоцира во самите социјални карактеристики на помалите градови, помала можност за приватност, повеќе предрасуди кои резултираат со себестигматизирање, срам, неприфаќање на сопствената сексуална ориентација и живеење во плакар.[86]

**Табела бр. 6: Документирани случаи поделени по местото каде што се случиле**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Работно место | 4 |
| 2. | Угостителски објекти (кафулиња, ресторани, сендвичарници) | 7 |
| 3. | Крузинг-места | 24 |
| 4. | Сопствен дом | 9 |
| 5. | Јавни установи | 8 |
| 6. | Улица – јавен простор | 24 |
| 7. | Затворена сцена (поврзано со сексуална работа) | 3 |
| 8. | Друго | 5 |
| | **Вкупно** | **84** |

**Вкупно 24 од случаите на повреди на права (доминантно насилство и други дела од омраза) се случиле на улица, односно на јавни отворени простори, и исто толку на крузинг-местата.** На крузинг-местата најчесто се работи за разбојништво, кражби проследени со физичко насилство, уцени и закани. Документирани се **7 случаи во угостителски објекти** каде ЛГБТ луѓето како

85 Крузинг-места се јавни простори на отворено, најчесто паркови или други поизолирани места каде геј-мажи (и други мажи кои имаат секс со мажи) шетаат за да најдат партнери за секс. Вообичаено се работи за еднократен секс, помеѓу мажи кои не се познаваат или малку се познаваат. На овие места се спроведуваат активности за превенција од ХИВ и СПИ, како тестирање, делење на бесплатни кондоми и лубриканти.

86 Израз кој се употребува за ЛГБТ луѓе кои сè уште ја немаат соопштено различната сексуална ориентација или родов идентитет во средината во која живеат, поради што се принудени да се однесуваат како хетеросексуалци или цисродови пред роднините, пријателите и другите луѓе во околината.

гости се соочиле со навреди, вознемирување и дискриминација. Во домот на жртвите документирани се **9 случаи, од кои 2 се семејно насилство, а останатите се кражби** од страна на лица со кои геј-луѓето договориле средба. Во **јавни установи, како полиција, банки, болници и државни институции, се документирани 8 случаи**, кои се однесуваат на вербално насилство од омраза, како коментирање за изгледот, исмевање, префрлање и дискриминација. На **работното место на жртвата се документирани 4 случаи**, од кои еден при интервју за работа. Случаите (3) документирани на затворена сцена, во најмени станови во кои се одвива сексуалната работа, се однесуваат на вербално и психолошко насилство од страна на клиентите на трансжените сексуални работници, како навреди и закани поврзани со сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

**Табела бр. 7: Видови повреди на права на ЛГБТИ луѓето поделени според карактеристиките на жртвите**

| Вид на повреда на права[87] | | Карактеристики на жртва/жртви | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Геј | Трансжени[88] | Трансмажи | Друго[89] | ЛГБТ вкупно |
| 1.1. | Вербално и психолошко насилство од трети лица[90] (од омраза) | 10 | 14 | | | 24 |
| 1.2. | Физичко насилство од трети лица вклучително и обид (од омраза) | 11 | 5 | | | 16 |
| 1.3. | Насилство од клиенти поврзано со сексуална ориентација/ родов идентитет | 1 | 7 | | | 8 |
| 1.4. | Силување | 1 | | | | 1 |
| **1.0.** | **Насилство вкупно** | **23** | **26** | | | **49** |
| 2.1. | Дискриминација во пристап до добра и услуги (приватен сектор) | 1 | 3 | 1 | | 5 |
| 2.2. | Дискриминација во здравство поради ЛГБТИ статус | 1 | 1 | | | 2 |
| 2.3. | Дискриминација во здравство на ЛГБТИ поради ХИВ-статус | | | | | |
| 2.4. | Дискриминација во работни односи | | 1 | 1 | | 2 |
| 2.5. | Дискриминација во други државни институции | | 1 | | | 1 |
| **2.0.** | **Дискриминација вкупно** | **2** | **6** | **2** | **0** | **10** |
| 3.1. | Вербално и психолошко насилство од полиција | 3 | 2 | | 1 | 6 |
| 3.2. | Физичко насилство од полиција | 1 | | | | 1 |
| 3.3. | Одбивање на заштита на права од полиција (непостапување) | | 2 | | | 2 |
| **3.0.** | **Повреди на права од полиција вкупно** | **4** | **4** | | **1** | **9** |
| 4.1. | Кражби | 6 | | | | 6 |
| 4.2. | Кражби на крузинг-места | 2 | | | | 2 |
| **4.0.** | **Кражби вкупно** | **8** | | | | **8** |
| 5.1. | Разбојништво | 3 | | | | 3 |
| 5.2. | Разбојништво на крузинг-места | 20 | | | | 20 |
| **5.0.** | **Разбојништво вкупно** | **23** | | | | **23** |
| **6.0.** | **Изнуда и уцена** | **11** | | | | **11** |
| **7.0.** | **Семејно насилство (сите форми)** | **1** | **1** | | | **2** |
| **8.0.** | **Насилство во затвор (сите форми)** | **1** | | | | **1** |
| | **Вкупно** | **73** | **37** | **2** | **1** | **113** |

87 Во дел од случаите има обележја на повеќе повреди на права или повеќе форми на насилство. Овие случаи се евидентирани во повеќе од една повреда (на пр., жртвата преживеала насилство, па отишла во полиција, каде што се соочила со деградирачки третман).

88 Не се вклучени случаите во кои трансжени сексуални работнички се жртви само поради статусот на сексуална работничка (на пр., неплаќање од клиенти или насилство од клиенти што нема поврзаност со трансродовоста).

89 Во случајот жртва е  вработена во граѓанска организација која била вербално и психолошки малтретирана од страна на полициски службеник откако дознал каде работи.

90 Лица непознати за жртвата, случајни минувачи, соседи, познајници и др.

Во сите документирани случаи **жртви се геј-мажите (73) и трансжените (37), со исклучок на 2 случаја во кои жртви биле трансмажи и 1 случај во кој жртва е активистка на граѓанска** организација која меѓу другото работи на ЛГБТИ прашања. Овие бројки не значат дека трансмажите и лезбијките не се соочуваат со хомофобично и трансфобично насилство. Постојат повеќе причини за недокументирање на случаи на повреда на права на лезбијките и трансмажите. Активностите на граѓанските организации, особено оние кои се занимаваат со превенција од ХИВ, се повеќе насочени кон геј-мажите и трансжените како клучни популации, преку кои се остварува секојдневен контакт со овие заедници, а од друга страна сѐ уште не постои посериозна лезбијска организација[91] која ќе работи на еманципација и развој на капацитетите за препознавање и пријавување на повредите на правата.

Од друга страна, во патријархалното општество поголем престап, предмет на морални санкции кои ескалираат во физичко насилство, е „изневерувањето на мажественоста“, па првообвинети за непочитување на родовите улоги се секако геј-мажите и трансжените. Поради ова трансжените и геј-мажите се повидливи за околината и се поизложени на насилство. Исто така, лезбијките и трансмажите во детството се воспитувани согласно родовите норми наменети за жените и од нив се бара да бидат тивки, послушни, пасивни, а слободното изразување на сексуалноста е недозволено и срамно. Понатаму, двојните родови стандарди влијаат геј-мажите и трансжените пословодно да влегуваат во сексуални односи, како главно обележје на културата на овие заедници видливо и преку крузинг-сцената, каде дополнително се изложуваат на ризик од насилство. Секако ова не значи дека лезбијките и трансмажите не се изложени на насилство од страна на околината, туку истото е поневидливо и доаѓа во поразлични форми. Од истражувањето меѓу трансзаедницата[92] ќе видиме и дека сите интервјуирани трансмажи преживеале насилство поради родовиот идентитет. Лезбијките и трансмажите исто така се соочуваат и со непризнавање на својот идентитет, врз што влијае и мизогинијата, покрај хомофобијата. Патријархатот често ќе каже дека тие се жени кои сѐ уште не го нашле вистинскиот маж, се објективизира нивната сексуалност, а во „најдобар“ случај подлежат на социјализирање преку мажественоста како „еден од момчињата“. Поради родовото дисциплинирање, лезбијките и трансмажите (особено хетеросексуалните), имаат пониска самодоверба, а сексуалноста често се изразува согласно традиционалните машко-женски односи.

91 Во рамки на ЛГБТИ Центарот функционира „ЛезФем“, група за поддршка на лезбијките која повремено спроведува активности за зголемување на видливоста на оваа заедница.

92 Види точка 6.3. Истражување во заедницата: Трансродово искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација.

На крај, поделбата согласно сексуалната ориентација и родовиот идентитет на жртвите треба да се земе со резерва, бидејќи е направена согласно податоците во документираните случаи. Секако и самата категоризација на случаите по карактеристиките на жртвите не ги опфаќа, ниту може да ги опфати сите родови и сексуални идентитети, кои се многу различни, а некогаш се и флуидни. Друга причина е тоа што дел од луѓето сè уште јасно не се идентификуваат како дел од една наспроти друга заедница, како последица на стигма и предрасуди од околината. Во самата ЛГБТИ заедница постои недостиг од знаења, но и предрасуди кон трансродовоста, па често трансжените се перципирани како геј-мажи. Трансжените кои потекнуваат од посиромашни семејства и немаат доволно образование се идентификуваат како хомосексуалци бидејќи немаат информации за трансродовоста како засебна идентитетска позиција, а средината ги нарекувала и ги перципирала како геј-мажи. Во случаите кои се документирани од страна на теренски работници и параправници се наведува припадноста на лицето во една група согласно перцепцијата на документирачот. Така, на пример, меѓу случаите на крузинг-местата има жртви кои се означени како хомосексуалци, а од друга страна имаат сопруги и традиционални семејства, па тука не може секогаш да се разграничи дали станува збор за бисексуален маж или за геј-маж кој живее во плакар.

Во најголем дел **(49) е документирано насилство од омраза кон ЛГБТИ луѓето (види табела бр. 7). Во два случаја е документирано семејно насилство**, кон геј-маж и трансродова жена. Потоа следуваат случаите на **разбојништво (23)** кон геј-луѓето, во кои исто така има насилство, но се одвоени како посебна категорија бидејќи во овие случаи освен насилство има и кражба. Следни по бројност се случаите во кои има **изнуда и уцена (11), дискриминација (10) и кражби (8)**. Документирани се **9 случаи во кои има прекршување на права од страна на полиција**, како психичко, вербално и физичко насилство и непостапување. Документиран е и **еден случај на насилство кон геј-маж во затвор**. Во случајот жртвата издржувала казна затвор во Струмица, но откако другите затворени лица дознале дека е геј почнале континуирано да го малтретираат: да го тепаат, навредуваат, исмеваат и омаловажуваат, го принудувале да чисти и му ги земале личните предмети и храната. Поради видливите физички повреди, жртвата се обраќала кај докторот во затворот, но тој заклучувал дека затвореното лице само паѓало по влажниот под или се удирало при спиење од железниот кревет. Лицето излезе од затвор во текот на 2018 година, но се соочува со сериозни последици за менталното здравје, па дури и со сериозни самоубиствени мисли. Сè уште е истрауматизиран од искуството, уште се плаши од сторителите и не сака да преземе никакви правни дејства.

Во делот кој следува ќе бидат прикажани случаите на повреди на правата на геј-луѓето, додека случаите на трансродовите луѓе се обработени во делот 6.2. Повреда на човековите права на транслуѓето.

## 5.1. Насилство од омраза кон геј-мажи

Документирани се **23 случаи на различни форми на насилство од омраза** кон геј-мажи. Во најголем дел од документираните случаи има **физичко насилство (11) и вербално и психолошко насилство (10)**. Во сите овие случаи се работи за насилство од омраза, а сторители се трети лица, непознати за жртвите или лица со кои малку се познаваат од околината во која живеат. Исклучок е **еден случај на насилство кон геј-маж сексуален работник од страна на клиент.** Понекогаш сторителите континуирано малтретираат и вознемируваат една жртва и притоа применуваат различни облици на насилство. Во еден случај се работи за геј-маж кој, откако слегол од автобус во селото во кое живее, група млади луѓе кои ги познава од околината почнале да му дофрлаат и да му се закануваат со зборовите „таквите како тебе се само за во логор“. Жртвата почнала да бега, но за кратко време го стигнале и почнале да применуваат физичко насилство – го претепале и му скршиле два заба. Жртвата не отишла ниту на лекар, а не сака да ги пријави бидејќи се плаши дека насилството ќе се повтори.

**Во еден случај е документирано силување на геј-маж** од страна на тројца млади мажи. Мажите му се претставиле како „Алфи“, му извршиле претрес по џебовите и му пронашле кондоми и лубриканти. Потоа му кажале да влезе во колата за да го однесат за проверка на лични документи. Откако го однеле на затскриено и темно место во центарот на градот, почнале да го навредуваат, да го тепаат и да го силуваат. На крај го исфрлиле речиси гол од колата и му се заканиле дека не смее да пријави. Жртвата не отишла ниту на лекар ниту во полиција.

Документирани се **уште три случаи во кои насилниците употребуваат и некаков облик на сексуално насилство**. Во друг случај, жртва е млад маж кој бил принудуван на сексуален однос, а откако одбил, насилникот почнал да го тепа и извадил нож. Во другите два случаја има елементи на сексуално насилство, а насилниците пред физички да ја нападнат жртвата ја провоцираат и ѝ го покажуваат пенисот.

## 5.2. Разбојништво, кражби, уцени и изнуди

Документирани се **23 случаи на разбојништво, од кои 20 се случиле на крузинг-места.** Оваа форма на насилство е документирана исклучиво кај геј-мажите, а зборува за безбедноста на геј-мажите на крузинг-местата. Овие места во Скопје се лоцирани на затскриени и неосветлени делови во градот и сами по себе се небезбедни. Крузинг-местата ги користат различни идентитети на мажи кои имаат секс со мажи (МСМ), кои имаат различен однос кон својата сексуална ориентација. Некои од овие мажи се идентификуваат како геј и се отворени за својата сексуална ориентација во поблиската околина, додека други се идентификуваат како геј, но живеат во плакар. Постојат и бисексуални мажи и мажи што се идентификуваат како стрејт, а дел од нив имаат и традиционални семејства без разлика како се идентификуваат. Дел од мажите што одат на крузинг се занимаваат и со сексуална работа. Геј-мажи што живеат во плакар речиси никогаш не пријавуваат насилство, особено ако е поврзано со место каде што одат да запознаваат сексуални партнери. Секако, во услови на цврсти и сеприсутни патријархални норми, хомосексуалноста е неморална и штетна, така што најголем дел од геј-мажите сѐ уште живеат во плакар.

Оваа состојба ги прави геј-мажите ранливи на насилство од омраза, но тие, исто така, стануваат лесна цел на насилници кои ги посетуваат крузинг-местата. Голем дел од насилниците и самите се мажи кои имаат секс со мажи, но не се идентификуваат како такви. Интернизираната хомофобија оди дотаму што овие мажи мразат геј-мажи, ги тепаат, ги ограбуваат и притоа вербално ги малтретираат и понижуваат. Во еден случај сторителите се група од млади мажи од албанската етничка заедница, кои и самите се МСМ, а познати се на крузинг-местата како насилници и ограбувачи кои наплаќаат за сексуални услуги. Групата пресретнала млад геј-маж, исто така Албанец, и физички го нападнале бидејќи како геј ги срамотел Албанците. Притоа му ја пукнале аркадата и му се заканиле дека ќе го издадат на семејството ако уште еднаш го видат на крузинг-местата.

Во еден од овие случаи жртва е теренскиот работник при спроведување на програмата за доверливо советување и тестирање за ХИВ на крузинг-местата. Теренскиот работник шетал за да најде луѓе за тестирање кога двајца непознати млади мажи го нападнале од зад грб, го клоцале и му го зеле ранецот. Теренскиот работник пријавил во полиција, но сторителите не се пронајдени.

**Само четири од случаите на насилство и разбојништво се пријавени во полиција,** од кои едниот е гореопишаниот. Во другиот случај се работи за брутално насилство кон геј-маж, од страна на двајца млади мажи. Најпрво сторителите му пришле и се договориле за сексуална услуга, но потоа го

прободеле со нож, му ја зеле чантата и го фрлиле во една мала дупка. Жртвата завршила во болница со сериозни физички последици, но во исказот пред полицијата не ја споменал сексуалната ориентација. **Само во еден од пријавените случаи полицијата постапила и го казнила сторителот,** но во случајот не се работи за непознат сторител.

Освен случаите на разбојништво, документирани се и **осум кражби, од кои два случаја на кражби на крузинг-места.** За разлика од случаите на разбојништво, во овие случаи нема физичко насилство. Четири од случаите се во домот на жртвата. Најчесто сторителите се еднократни сексуални партнери, со кои жртвата не се познава или многу малку се познава, ги кани во својот дом во кој се случуваат кражбите. Ниту еден од овие случаи не е пријавен во полиција, бидејќи пријавувањето значи откривање на сексуалната ориентација.

Во 2018 година се документирани **11 случаи на изнуда и уцена во кои жртви се геј-мажи.** Во еден случај на уцена жртва е средовечен геј-маж, кој живее во плакар и има сопруга и деца. Откако платил за сексуална услуга, сторителите направиле фотографии со кои постојано го уценуваат дека ќе ги објават ако не им дава пари. Во еден случај на изнуда, по сексуалниот однос насилникот и му се заканил дека ќе го повреди со шрафцигер и му ги зел паричникот и мобилниот телефон.

Случаите на различни форми на насилство, особено на крузинг-местата, можат да се превенираат преку охрабрување на жртвите и пријавување во полиција, за што е неоходно полицијата да постапува професионално и да изгради доверба кај геј-заедницата. Воедно, потребна е поддршка од страна на околината за геј-мажите да можат да излезат од плакарот, бидејќи таму се најранливи.

## 5.3. Дискриминација кон геј-мажи

Документирани се **два случаја на дискриминација кон геј-мажи,** од кои во едниот се работи за дискриминација во здравството, а во другиот за дискриминација во пристапот до добра и услуги. Случаите не се пријавени во надлежните институции. Во случајот на дискриминација во здравството жртвата е Ром, геј-маж, така што најверојатно и етничката припадност придонела кон дискриминацијата. Пациентот имал закажано термин во јавна здравствена установа во Струга бидејќи имал потреба од помала хируршка интервенција. Откако се појавил на закажаниот термин, со уредна

медицинска документација, медицинскиот персонал се обидел да го одбие со образложение дека треба да направи дополнителни анализи, бидејќи можеле да „се заразат“ од него како од геј. Откако параправничката отишла во болницата, им ги покажала повторно сите документи и им укажала на правата на пациентот, тој ја добил услугата.

Во другиот случај се работи за дискриминација во угостителски објект во Струмица, каде лицето порано во текот на денот резервирало маса. Кога дошол во објектот, еден од келнерите му рекол „не знаевме дека за тебе е масата, немаме маса“.

## 5.4. Повреда на правата на геј-мажите од страна на полицијата

Документирани се **4 случаи во кои сторители на насилството се полициски службеници.** Во три случаи се работи за вербално и психолошко насилство од страна на полицијата, а во еден случај за физичко насилство. Во еден од случаите геј-маж се обратил во полициска станица за да однесе потврда за платена казна за сообраќаен прекршок. Полициските службеници се однесувале непристојно и грубо со него, му ги фрлале документите по подот и не сакале да му кажат што треба да направи, притоа се обидувале да го избркаат и му се заканувале дека, ако не си оди, ќе го затворат. Откако конечно ја добил потребната информација, тргнал да си оди, а полициските службеници од зад грб му дофрлале: „Ц-ц-ц-ц... види го педерчево“.

Во друг случај жртвата е вработена во граѓанска организација која меѓу другото работи на унапредување на ЛГБТИ правата. Откако ја привеле во полициска станица, полицискиот службеник со кого ја оставиле да го чека инспекторот, штом дознал каде е вработена, почнал да ја вознемирува и да ѝ ги кажува своите предрасуди за ЛГБТИ луѓето. Полицискиот службеник се исмевал со нејзината работа и со концептот на човекови права, ги споредувал ЛГБТИ луѓето со педофилите и ѝ го пуштал пропагандниот филм „Содом“, кој промовира предрасуди кон ЛГБТ луѓето и ги портретира како штетни и неморални. Полицискиот службеник сторил и сексуално вознемирување со тоа што ѝ раскажувал детали од својот љубовен живот и ѝ кажал дека тој не е како другите мажи. Случајот е пријавен во Секторот за внатрешна контрола и кај Народниот правобранител.

Во случајот на физичко насилство се работи за полициски службеник кој е сосед на жртвата. Полицискиот службеник постојано го малтретирал, го исмевал во јавноста поради сексуалната ориентација нарекувајќи го „педер“

и „сидаш“. Еднаш, додека шетал во парк со некој свој пријател, полицискиот службеник прво вербално го нападнал, а потоа го удрил со клоца во градите, по што жртвата паднала на земја. Ниту овој пат не го пријавил насилството, бидејќи се плаши од сторителот.

Коалицијата Маргини бара од Министерството за внатрешни работи под итно да започне да презема мерки за градење на довербата со заедницата на геј-мажите, преку јакнење на сопствените капацитети за препознавање и разрешување на делата од омраза врз основа на сексуална ориентација, казнување на полициските службеници сторители на дела од омраза и казнување на полициските службеници кои постапуваат непрофесионално и ги вознемируваат ЛГБТИ луѓето.

Коалицијата Маргини бара од Министерството за внатрешни работи да започне да прибира сеопфатни статистички податоци за делата од омраза и активно да ја следи состојбата.

# 6.

# СОСТОЈБИТЕ СО ПРАВАТА НА ТРАНСЛУЃЕТО

Во текот на 2018 година продолжи застапувањето за унапредување на правата на транслуѓето, со фокус на правното признавање на родот и медицинското потврдување на родот. Во текот на 2018 година Коалицијата обезбеди правна помош и застапување за 11 трансродови луѓе за правно признавање на родот. Коалицијата Маргини, заедно со луѓето од трансзаедницата, започна поинтензивно да се застапува за унапредување на состојбите, преку состаноци со претставници од Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за здравство и пратеници од ЛГБТИ интер-партиската група. Во текот на годината институциите покажаа политичка волја за решавање на проблемите на транслуѓето, но допрва се отвораат процесите за подготовка на конкретни законски решенија и овозможување на пристапни здравствени сервиси за медицинско потврдување на родот.

Во 2018 година немаше поместување во законската рамка и во практиката на институциите. Проблемите мапирани со претходните извештаи и во 2018 г. се потврдуваа преку практиката на институциите, особено во Управата за водење на матичните книги. Проблемот на правно признавање на родот, поконкретно промената на ознаката за пол и матичниот број во личните документи на транслуѓето, остана неизвесен, макотрпен и долг процес. За разлика од 2017 г., во оваа година ниту едно транслице не успеа да ја заврши постапката за правно признавање на родот.

Сепак, 2018 г. ја одбележаа засилени активности за застапување и за мобилизирање на трансзаедницата, јакнење на нивните капацитети и видливоста на самата заедница во јавноста. Исто така, се спроведе истражување меѓу трансзаедницата кое дополнително ја кристализираше сликата за проблемите со кои се соочува оваа маргинализирана заедница. Најзначајно постигнување е **позитивна пресуда од Европскиот суд за човекови права во случај на правно признавање на родот,** застапуван од страна на Коалицијата Маргини.

## 6.1. Позитивна пресуда на Европскиот суд за човекови права за правно признавање на родот во случајот „Икс против Македонија“

На 17 јануари 2019 година Судот во Стразбур донесе позитивна пресуда[93] во корист на трансродов маж, во случајот 'Икс против Македонија', со која Судот утврди дека постојната законска рамка има јазови и сериозни недостатоци кои го довеле транслицето во ситуација на стрес и несигурност во признавањето на неговиот родов идентитет.

Подносителот на тужбата е трансродов маж кој речиси цела деценија не успеа да ги промени ознаката за пол и матичниот број во личните документи. Поради оваа состојба тужителот се соочуваше со неусогласеност на документите со родовиот идентитет, но и со физичкиот изглед, и сите ограничувања и проблеми кои произлегуваат од оваа состојба, како што се: правна несигурност за решавање на проблемот; неможност под еднакви услови да учествува во јавниот живот (да бара работа, услуги од институциите од јавниот и приватниот сектор); повреда на правото на приватен и семеен живот, кое се однесува и на родовиот идентитет како дел од личниот идентитет; но и нарушување на здравјето поради стресот на кој беше изложено лицето сите овие години барајќи и чекајќи решение.

Тужителот ја поднесе тужбата[94] против Македонија во 2016 година, поради немање законска рамка и ефективен правен лек за правно признавање на родот, и арбитрарно и неоправдано наметнување на барање за генитална операција од страна на институциите како услов за промена на ознаките за пол во личните документи.

Битката за промена на документите почна уште во 2011 година, кога транслицето доби одобрение од Министерството за внатрешни работи за промена на името и презимето во личните документи, но Управата за водење на матични книги го одби неговото барање за промена на ознаките за пол и матичниот број, давајќи објаснување дека лицето нема извршено операција за потврда на родот. Обврската што Управата му ја наметна на лицето за доставување на медицинска документација не беше заснована врз ниту една законска одредба, поради што лицето ја обжали одлуката на Управата пред Министерството за правда, а потоа и до Управниот суд. Од 2011 година сè до денес, случајот трипати се најде пред Управниот суд, при што Управниот суд во два наврата

93 Judgment, CASE OF X v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia (Application no. 29683/16), Strasbourg, 17.1.2019.

94 Адвокатката Наташа Бошкова од Коалиција МАРГИНИ и адвокатот Константин Кожокариу од Велика Британија го застапуваат случајот 'Икс против Македонија' пред ЕСЧП.

ја усвои тужбата на транслицето и ја задолжи Управата да донесе законито решение врз основа на домашното законодавство и практиката на Европскиот суд за човекови права. И покрај ваквите одлуки на Управниот суд, Управата во последната своја одлука се прогласи за ненадлежна да постапува по случајот, иако во меѓувреме изврши промена во други два случаја[95], исто така врз основа на одлуки и задолжување од страна на Управниот суд.

Сето ова беше доволно за Европскиот суд да утврди дека државата го прекршила членот 8 од Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи, со што му го прекршила правото на приватен и семеен живот, а кое се однесува и на родовиот идентитет како дел од личниот идентитет. Судот потврди дека основна цел на членот 8 е да ги заштити индивидуалците од арбитрарно вмешување на јавните институции во нивниот приватен живот, како наметнувањето на условот за генитална операција. Државите имаат обврска да обезбедат ефективна заштита на физичкиот и менталниот интегритет на луѓето, од каде произлегува обврската државата да обезбеди транспарентна, пристапна и брза постапка за правно признавање на родот.

Судот утврди дека постојната законска рамка за правно признавање на родот има сериозни празнини и недостатоци кои ги доведуваат транслуѓето во несигурност во однос на нивниот приватен живот и во однос на признавањето на нивниот идентитет.  Судот јасно нагласува дека ова се однесува „на сите индивидуи, вклучувајќи ги и трансродовите луѓе, како апликантот, кои немаат извршено операција за промена на родот, или кои не сакаат да се подложат на таков третман". Со пресудата Судот на транслицето му додели 9 000 евра нематеријална штета за претрпен стрес во изминатиот период.

Пресудата е правно обврзувачка за институциите во Република Македонија, така што врз основа на пресудата конечно ќе се овозможи промена на личните документи на тужителот. Пресудата е прва од ваков тип во Македонија и е несомнено многу значаен чекор кон донесување на законско решение за правното признавање на родот кое во преден план ќе го има достоинството и интегритетот на транслуѓето[96]. Со оваа одлука Македонија има обврска да донесе закон кој ќе им овозможи на сите трансродови луѓе брза, транспарентна и пристапна постапка за правно признавање на родот.

**Коалицијата Маргини препорачува во најскор можен рок да се изврши пресудата, односно да се променат личните документи на тужителот.**

95 „Одлуките на Управниот суд се спроведени и две трансжени добија извод од матичната книга на родени и документи за лична идентификација што го одразуваат нивниот родов идентитет." Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Годишен извештај 2017, стр. 118.

96 За да се задоволи овој критериум, законското решение не смее да го условува правното признавање на родот со медицински критериуми, како во случајот на Х со барањето за генитална хирургија.

Со брзо извршување на пресудата Македонија ќе покаже одговорност и грижа за човековите права на транслуѓето, но и ќе го поштеди тужителот од дополнителен стрес при чекањето државата конечно да овозможи признавање на неговиот идентитет.

Коалицијата Маргини препорачува Владата на Република Македонија во најскор можен рок да донесе законско решение за брзо, транспарентно и пристапно правно признавање на родот, засновано врз достоинството и интегритетот на луѓето.

## 6.2. Повреда на човековите права на транслуѓето

Освен генералните проблеми поврзани со правното признавање на родот и медицинското приспособување на родот со кои се соочуваат сите трансродови луѓе во Македонија, во 2018 г. продолжија насилството и дискриминацијата кон оваа заедница.

## Табела бр. 8: Видови повреди на правата на транслуѓето

| Вид на повреда на права[97] | | Карактеристики на жртва/жртви | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Трансжени[98] | Трансмажи | Транс вкупно |
| 1.1. | Вербално и психолошко насилство од трети лица99 (од омраза) | 14 | | 14 |
| 1.2. | Физичко насилство од трети лица, вклучително и обид (од омраза) | 5 | | 5 |
| 1.3. | Насилство од клиенти поврзано со СОРИ | 7 | | 7 |
| 1.4. | Семејно насилство (сите форми) | 1 | | 1 |
| **1.0.** | **Насилство вкупно** | **27** | | **27** |
| 2.1. | Дискриминација во пристапот до добра и услуги (приватен сектор) | 3 | 1 | 4 |
| 2.2. | Дискриминација во здравство поради ЛГБТИ статус | 1 | | 1 |
| 2.3. | Дискриминација во работни односи | 1 | 1 | 2 |
| 2.4. | Дискриминација во други државни институции | 1 | | 1 |
| **2.0.** | **Дискриминација вкупно** | **6** | **2** | **8** |
| 3.1. | Вербално и психолошко насилство од полиција | 2 | | 2 |
| 3.2. | Одбивање на заштита на права од полиција (непостапување) | 2 | | 2 |
| **3.0.** | **Повреди на права од полиција вкупно** | **4** | | **4** |
| | **Вкупно** | **37** | **2** | **49** |

97 Во дел од случаите има обележја на повеќе повреди на права или повеќе форми на насилство. Овие случаи се евидентирани во повеќе од една повреда (на пример, жртвата преживеала насилство, па отишла во полиција, каде што се соочила со деградирачки третман).

98 Не се вклучени случаите во кои трансжени сексуални работнички се жртви само поради статусот на сексуална работничка (на пример, неплаќање од клиенти или насилство од клиенти што нема поврзаност со трансродовоста).

99 Лица непознати за жртвата, случајни минувачи, соседи, познајници и др.

### 6.2.1. Насилство кон трансродови луѓе

Во 2018 година се документирани **27 случаи во кои трансродовите жени биле жртви на различни форми на насилство.** Најбројни се случаите на **вербално и психолошко насилство (14)**, каде трансжените биле навредувани на улица, се коментирал нивниот изглед или им биле упатувани закани за насилство. Во еден случај трансжени на автобуската станица во Штип биле застрашувани од страна на обезбедувањето со зборовите „за ваквите треба само ќотек, да се фрлат во ѓубре". Во друг случај на една трансжена и еден геј-маж, додека седеле во кафуле во Скопје, мажите од соседната маса почнале да им дофрлаат и визуелно, со гестикулации, им покажувале дека ќе ги убијат. Понатаму следуваат случаите на **насилство од страна на клиенти (7) кон трансродовите жени, сексуални работнички.** Во овие случаи клиентите најчесто користат вербално и психолошко насилство кон трансжените, ги навредуваат поради родовиот идентитет или сексуалната ориентација[100], а притоа ги користат нивните услуги. На пример, во еден случај поранешен клиент ја сретнал трансжената на улица и ја исмевал нарекувајќи ја „педер", а притоа потенцирал дека имале сексуален однос.

Документирани се **5 случаи во кои има и физичко насилство или обид за физичко насилство од омраза од страна на трети лица.** Сите жртви се трансродови жени, а најголем дел од случаите се документирани во Скопје и во Струмица. Во сите случаи сторители се мажи или групи од мажи кои најчесто прво вербално ги навредуваат и исмеваат трансжените, а потоа и физички ги напаѓаат. Во еден случај, сосед ѝ се доближил на трансродова жена и почнал да ја нарекува „педер", ѝ удрил бокс и шлаканица и се обидел да ѝ го одземе чоколадото што го носела в раце. Во друг случај, група помлади мажи ѝ се приближиле на една трансжена која седела на клупа, почнале да ја навредуваат и да ѝ се закануваат дека ќе применат насилство, по што почнале да ја плукаат и да ја маваат со лименки. Жртвата успеала да избега и се засолнила во едно такси-возило.

Во 2018 година документиран е и **еден случај на семејно насилство** кон трансродова жена. Откако семејството дознало за нејзиниот родов идентитет, трансжената се соочила со неприфаќање, уцени, навреди и бркање од домот.

100 Трансжените често се нарекуваат „педери" од страна на околината, бидејќи не се препознава, ниту пак се признава нивниот родов идентитет. Од друга страна, поради доминантната и вкоренета патријархална мачо култура, и во самата заедница сè уште постои ставот дека геј е само „пофеминизираниот" партнер, најчесто што има пасивна улога во сексуалниот однос. Оваа состојба зборува за интернизираната хомофобија во самата ЛГБТ заедница.

### 6.2.2. Случаи на дискриминација кон трансродовите луѓе и неефикасност на механизмите за заштита од дискриминација

Во 2018 година се документирани **8 случаи на дискриминација кон трансродовите луѓе, од кои во 6 случаи жртви се трансжените, а во 2 трансмажите.**

Најголем дел од случаите **(4) се однесуваат на дискриминација во пристапот до добра и услуги во приватниот сектор.** Во 3 случаи на транслуѓето им било одбиено да влезат во кафуле или ресторан, а во еден случај на трансжената ѝ била одбиена услуга од агенција која посредува за вадење на бугарско државјанство. Кога ѝ ја побарале личната карта, виделе дека има типично машко име и ознака за пол, по што ѝ рекле да одлучи дали е машко или женско, па потоа да дојде. Карактеристично е дека сите овие случаи се од Струмица, транслуѓето жртви во случаите се исто така од Струмица, со исклучок на еден случај во кој жртвите се од Скопје. Жртви во случаите се транслуѓе чие родово изразување не одговара на полот назначен при раѓање, или веќе започнале со транзицијата[101]. Ова зборува дека во Струмица трансродовите луѓе се видливи, а бидејќи се работи за помал град, во околината сите луѓе ги препознаваат и на лик, а потоа ги исклучуваат и вознемируваат.

Документиран е и **еден случај на дискриминација во пристапот до здравствени услуги**, исто така во Струмица. Во случајот се работи за трансжена и сексуална работничка, која отишла во Општата болница во Струмица и со уреден упат се упатила на преглед кај специјалистот по орална хирургија. Најнапред медицинската сестра ја примила, го видела упатот и кажала дека сѐ е уредно, само да го почека докторот да се врати. Откако се вратил, докторот ја видел дека го чека, но наместо да ја прими, медицинската сестра дошла и ѝ кажала на пациентката дека машината не работи. Во случајот, докторот бил запознат со сексуалната ориентација/родовиот идентитет на трансжената, бидејќи самата трансжена е позната во Струмица и често е цел на исмевање, зјапање, коментирање и други форми на насилство.

Документирани се **два случаја на дискриминација во работните односи.** Во едниот случај трансмаж бил вербално вознемируван уште при разговор за работа. Во случајот се работи за трансмаж кој неодамна го има променето името во личните документи, додека ознаката за пол и матичниот број му се непроменети. Поради оваа ситуација лицето на сите разговори за работа е принудено да ја објаснува својата родова историја, со што се повредува

101 Транзиција е процес на преминување на транслицето од улогата што му е назначена во улогата што е во согласност со неговиот род. Ова обично почнува со т.н. каминг аут, а понатаму може да вклучува различни опции зависно од потребите: промена на родот на обраќање, облеката, говорот, промена на документите, медицински промени и слично. Ова во целост зависи од личните потреби на поединецот и е различно за секого.

правото на приватност и се смалуваат можностите за да дојде до вработување. При разговорот за работа, работодавецот му поставувал приватни прашања што не се важни за работата, го навредувал трансмажот и не се воздржувал да ги искаже своите предрасуди кон ЛГБТИ луѓето. На трансродовиот маж му била понудена пробна работа, но поради доживеаните навреди и предрасуди сфатил дека тоа нема да биде здрава работна средина за него и одлучил да не ја прифати. Во другиот случај се работи за трансжена која во јавниот живот го крие својот родов идентитет. Работела еден месец на сиво (без договор за работа), но кога дошол денот за исплата сопственикот само нејзе не ѝ дал плата, при што ѝ рекол дека нема намера да дава пари на „педери“.

Во последниот документиран случај се работи за **вознемирување врз основа на родовиот идентитет во Управата за водење на матични книги.** Трансжената го променила личното име и отишла во Управата за да ѝ издадат нов извод. Најнапред службениците примиле копија од решението за промена на име и ѝ кажале да дојде за три дена за да го земе изводот. Откако отишла по три дена, ѝ кажале дека треба да поднесе оргинал од решението или копија заверена на нотар. Трансжената однела и копија заверена на нотар, но кога повторно отишла да го земе изводот ѝ рекле дека морала да однесе оргинал. Изреволтирана од ваквиот непрофесионален однос, трансжената го побарала раководителот на одделот и му го кажала проблемот. Раководителот исто така се однесувал непрофесионално и дрско со трансродовата жена. Меѓу другото, откако ѝ ја побарал личната карта, гласно почнал да се смее и почнал да им ја покажува на колегите, по што сите гласно ѝ се смееле. Откако ја избркал од просторијата и ја заклучил вратата, трансжената продолжила да слуша гласно смеење, но за кратко време го добила новиот извод.

Карактеристично за овие случаи на дискриминација е што трансродовите луѓе за нив бараат правна помош и сакаат да ги пријават до надлежните институции. **Четири од осум случаи се пријавени со претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, но за нив сѐ уште нема одговор. Комисијата доцни со одговорот во 3 од 4 претставки.** Еден од случаите е пријавен и во Државниот инспекторат за труд, а случајот на дискриминација во Управата за водење на матичните книги беше пријавен и кај Народниот правобранител. Но, за Народниот правобранител било доволно тоа што изводот е издаден за да заклучи дека немало дискриминација, а не обрнал многу внимание на вознемирувањето и непрофесионалниот третман на службениците кон трансродовата жена. Од самото известување на Народниот правобранител не е јасно дали е или не е утврдено вознемирување, туку само се пренесува одговорот од Управата и се наведува дека му укажале на директорот на институцијата да ги предупреди вработените да се однесуваат соодветно. И во овој случај **Народниот правобранител се покажа како институција која нема доволно капацитети и волја да ги штити ЛГБТИ**

**луѓето** од повреди на нивните права од страна на институциите. Наместо да утврди вознемирување и да препорача конкретни мерки за да се превенира во иднина ваквото однесување, Правобранителот само ги пренесува исказите на Управата.

Коалицијата Маргини препорачува итно да се реформира институцијата Народен правобранител. Освен унапредување на самата законска и институционална рамка во која функционира институцијата согласно меѓународните стандарди за тела за еднаквост, неопходно е да се зајакнат човечките капацитети преку обука на кадарот, но и назначување соодветен кадар на клучните позиции во институцијата. Народниот правобранител и неговите заменици мора да имаат соодветни знаења и работно искуство во областа на човековите права, но и да бидат сензибилизирани за проблемите со кои се соочуваат различните групи граѓани.

### 6.2.3. Повреди на правата на трансродовите луѓе од страна на полицијата

**Во полиција се пријавени** само **три случаи на насилство од омраза кон транслуѓето.** Во едниот случај, во кој се работеше за познат сторител, полицијата реагирала и се покренала прекршочна постапка, по што парично се казнил сторителот. Дури и во овој случај, кој има најпозитивна разрешница, не можеме да кажеме дека полицијата соодветно реагирала, бидејќи воопшто не го препознала делото како дело од омраза, туку сторителот е казнет согласно Законот за прекршоци.

Во **два од пријавените случаи жртвите се соочиле со непостапување од страна на полицијата, проследено со вербално насилство**. Во еден случај трансродова жена, жртва на насилство од омраза, отишла во Полициска станица Струмица да пријави насилство, придружена од својата пријателка, исто трансродова жена, и од параправничката која воедно е и сексуална работничка. Полицискиот службеник на портирницата ја познавал параправничката и сексуална работничка и упорно одбивал да ги прими за да го пријават случајот, додека други луѓе влегувале без дополнително чекање. Откако се побуниле, полицискиот службеник почнал да ја навредува параправничката, а во еден момент излегол надвор од портирницата и ја буткал накај излезот. По извесно време, откако повторно се побуниле, полицискиот службеник почнал дрско да се однесува и кон трансродовата жена, ѝ викал зошто не дошла претходниот ден да пријави, а кога дознал дека се непознати сторителите, искоментирал дека не можат да се најдат. Пред да ѝ ја побара личната карта на трансродовата жена, гласно искомен-

тирал: „А ти што си, маж, жена или нешто помеѓу, дај лична карта да видам што си“. На крај, ја пуштил трансродовата жена сама да пријави, а полицискиот службеник ѝ го зел телефонскиот број за да ја побараат, но досега не ја побарале и нема информација дека сторителите се пронајдени. Додека чекале пред полициската станица, другата трансродова жена решила да си замине, по што непосредно пред станицата ја сопреле полициски службеници од возило. Полициските службеници ја прашувале зошто дошла во станицата и почнале да ја исмеваат. Случајот е пријавен во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР и кај Народниот правобранител, но сè уште се чека резултат од постапката.

Коалицијата Маргини бара итно да се промени непрофесионалниот и деградирачки третман од страна на полицијата кон трансродовите луѓе. Со ваквиот третман трансжените кои пријавуваат насилство дополнително се виктимизираат, па полициските службеници, наместо да ги заштитуваат од насилници, дејствуваат како сторители на насилство.

Коалицијата Маргини бара Секторот за внатрешна контрола и Народниот правобранител да ги зајакнат сопствените капацитети, да пристапуваат со доверба во исказите на жртвите и ефективно да ги казнуваат полицајците кои постапуваат непрофесионално и понижувачки кон трансродовите луѓе.

Со цел зголемување на довербата во полицијата и пријавување на кривични дела од омраза, неопходно е заедницата да види успешно казнување на сторителите, препознавање на делата од омраза и еднаков третман во полициските станици.

## 6.3. Истражување во заедницата – Трансродово искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација

Во 2018 година беше промовирано истражувањето во заедницата: Трансродово искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација[102]. Целта на ова истражување беше да овозможи увид и знаење за искуството на трансродовите луѓе низ неколкукратна перспектива. Од една страна, предмет на истражувањето беа главните обележја, теми и упоришни точки на трансродовото искуство на формирање на идентитетот, како родовиот така и сексуалниот, притоа земајќи ги предвид комплексните социјални динамики и интерсубјективни релации во кои, преку кои и наспроти кои се формира трансродовиот идентитет. Од друга страна, истражувањето имаше цел и да им даде глас и да ги земе предвид наративите и приказните на трансродовите лица преку анализа и претставување на клучните проблеми и потреби што ги идентификуваат тие, а врз основа на специфичноста на нивното искуство.

Беа интервјуирани вкупно 23 лица, со различни родови идентификации, а беше направен напор да се овозможи и разнообразност во етничката припадност, степенот на образование, социјалниот статус и возраста на учесниците.

Дваесет и трите лица кои беа интервјуирани за целите на истражувањето потврдуваат диверзитет во идентитетските позиции, идентификување и родово изразување помеѓу трансродовата заедница. Спектарот, односно континуумот на родово идентификување во истражувањето покажува уште понагласени разлики кога станува збор за родовото изразување на испитаниците, каде што нормативната бинарна рамка е значително доведена под прашање.

Исказите на учесниците во ова истражување сведочат за регулативната, присилна и насилна операција на симболичкиот поредок и половото позиционирање во него. Надзорниот поглед на значајните други фактори станува извор на чувствата на несигурност, двоумења, себеиспитување, себедвоумење и навнатре свртена рефлексија за сопствениот род и неговата дисонанција со претпоставеното родово „соодветно“ тело. Честопати, цената што морале да ја платат за обидот да живеат во родот различен од назначениот род, била изолацијата и постојаното малтретирање, како и самоизолацијата како стратегија за самозаштита и преживување

102 Трансродово искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација. Истражување во заедницата. Славчо Димитров. Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, 2018.

среде непријателската околина. Врсничкото насилство и насилството во семејството, како и следствената изолација, кај многумина од учесниците во истражувањето станува извор на несигурност за сопствениот родов идентитет, себепреиспитување, како и причина за развој на анксиозност, панични напади и депресивни чувства, а во два случаја во ова истражување беше нагласена и желбата за самоубиство.

Од интервјуираните трансродови мажи само две лица во моментот на спроведување на интервјуата почнале со некакви процедури за промена на своите тела, од кои едното лице почнало со примање на хормонска терапија за „маскулинизација“, додека другото лице веќе неколку години прима хормонска терапија и веќе има извршено мастектомија. Едно лице имало искуство на земање хормонска терапија, но престанало со тоа. Сите други или посакуваат или планираат во догледно или неодредено време да го направат тоа. Согласно нивните различни телесни слики, интеркорпореални и социјални искуства и замисли, телесните проекти на трансродовите мажи покажуваат разлики во обемот, видот, интензитетот на посакуваните промени.

Кај трансродовите жени телесните проекти и желбите за промена на телото се исто така различни. Од интервјуираните 14 лица, само една учесничка има завршено целосна операција за потврдување на родот и веќе се идентификува како жена, две (2) во моментот на спроведување на интервјуата се на хормонска терапија, додека едно (1) лице имало искуство со примање на хормонска терапија, но прекинало поради проблемите со менталното здравје причинети од хормонската терапија. Само четири лица од интервјуираните посакуваат или планираат целосна операција за потврдување на родот, шест лица посакуваат и планираат парцијални промени, додека три лица не планираат и не сакаат ниту хормонска терапија ниту хируршки интервенции.

Сите учесници во ова истражување, без исклучок, имаат искуство на присилно изведување на родовите норми, вербално или психолошко насилство поради прекршувањето на нормата, а во неколку случаи и физичко насилство. Просторите на дисциплинарните технологии на родот се распространети низ различни сегменти на општественото поле, почнувајќи од а) навидум приватниот простор на семејството, па б) училиштата, во кои просторите на социјализација и методите на односот наставник–ученик се организирани согласно бинарната родова рамка и сегрегација, в) улицата и јавниот простор, г) болницата и јавните установи, ѓ) поширокото семејство загрижено за „нормалната“ репродукција на потомството и наследството, сè до е) сите културни агенти, вклучувајќи ги и медиумите. Исклучително важно е дека мерките на „исправување“, на насочување кон „правилниот пат“ за постигнување на родово „нормалното“ отелотворување, имаат и

долгорочни последици, како врз целокупниот развој, менталното здравје и продукцијата на личноста обележана со срам, така и врз понатамошните животни можности и нивната достапност за развој на личноста и нејзиното социјално исполнување.

Изложеноста и ранливоста на насилство кај трансродовите жени кои се занимаваат со сексуална работа се покажа значително повисока, како резултат на испреплетувањето и на двата статуса, и трансродовиот статус и статусот на сексуална работничка.

Еден од најчестите проблеми што беше посочен од учесниците во ова истражување, барем оние што се отворени во своето родово изразување, беше проблемот со личните документи и погрешното препознавање до кое води неусогласеноста на податоците за нивниот пол, со нивниот родов израз и прикажувањето во јавноста. Речиси без исклучок ваквите ситуации се стресни и понижувачки за испитаниците, бидејќи мора континуирано да го објаснуваат својот идентитет и да ја бранат својата идентификација пред непознати службеници и непознати лица. Уште еден домен во кој јасно оперираат биополитичките регулаторни механизми е доменот на здравствените услуги и здравственото осигурување за различен тип на здравствени услуги. Биополитичката регулација на половоста изгледа како една од клучните пречки во овозможувањето на соодветна и потребна здравствена нега за трансродовите лица во Македонија. Проблемот не се толку разликите во биотехнологиите за телото сами по себе, туку административниот апарат и регулација што го сортира и ги диференцира пристапот и достапноста на овие биотехнологии за различните тела, а согласно иницијалните претпоставки и параноидни императиви за половоста.

Освен малиот број учесници кои добиле поддршка во процесот наородување или потврдување на родот од своите родители и најблиски, речиси сите учесници истакнаа дека најголем извор на поддршка им биле други транслица и поретко геј или лезбијки пријатели/ки. Запознавањето, дружењето и континуираната комуникација со други транслица за учесниците значат извори на поддршка, разбирање на проживеаното искуство, безбеден простор во кој можат слободно и отворено да зборуваат за своите проблеми и место каде што можат слободно да го изразуваат својот родов идентитет. За оние учесници кои имаат селектирана публика за изразување на својот идентитет, социјалните кругови на ЛГБТ се едни од ретките топоси во кои можат воопшто да го изразат својот родов идентитет. Пријателствата и комуникацијата со други транслица создаваат и неформални мрежи за размена на информации и стекнување на родов капитал и добивање информации поврзани со сите различни аспекти на транзицијата.

## 6.4. ТрансФормА – Иницијатива за права на трансродовите луѓе во Македонија

Заедницата на транслуѓето ја формираше првата неформална организација за права на транслуѓето наречена „Трансформа“. Активистите од оваа група работеа на подигање на капацитетите на самата трансзаедница преку обуки за правното признавање на родот, медицинското потврдување на родот, заштита на правата на транслуѓето, како и за стекнување со комуникациски и социјални вештини. Групата спроведе и обука за активистите од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, со цел подобро запознавање со правното признавање на родот и дефинирање следни чекори во застапувањето за новото законско решение. „Трансформа“ подготви прирачник[103] со практични информации за трансзаедницата за постапката за правно признавање на родот, здравствените права и ХИВ-превенцијата.

Фокусот на оваа група е унапредување на заштитата од дискриминација и насилство на транслуѓето, унапредување на здравствените права на транслуѓето, како и застапување за законска рамка за правно признавање на родот со почит на правото на самоопределување, без наметнување медицински интервенции како услов за остварување на ова право. Активистите од групата се појавија и на неколку медиуми[104], каде зборуваа за проблемите и потребите на трансзаедницата со цел зголемување на видливоста на транслуѓето во Република Македонија.

103 Информативен прирачник за остварување на правата на транслуѓето во Македонија, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ, 2018.

104 Студио 1 дебата: Дискриминација на трансродовите луѓе во Македонија, 17.12.2018, „ТВ1“.

# 7.

# СОСТОЈБАТА ВО МЕДИУМИТЕ

Генерално, по промената на власта, состојбата во медиумите има тенденција на ослободување. За првпат по многу години Македонија е надвор од црвената зона за слобода на медиумите.[105]

И покрај оваа тенденција, во медиумите ретко се среќаваат медиумски содржини на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата, со исклучок на пренесувањето на голи информации[106] (најчесто соопштенија на граѓански организации и известување за настани) и известувањето одозгора надолу, односно вестите кои се дефинирани од темите со кои се занимаваат политичките актери.[107] Медиумите генерално остануваат реактивни и пасивни во однос на темите кои ја засегаат ЛГБТИ заедницата.

Во текот на 2018 година се спроведоа истражувања и иницијативи за етичко известување за правата на ЛГБТИ луѓето. Иако е намален бројот на хомофобични и трансфобични објави, сепак, во 2018 година беа документирани четири случаи. Три од случаите се прикажани подолу во текстот, додека еден случај е претставен во делот за ХИВ[108].

105 Според светскиот индекс за слобода на медиумите, Македонија од 123 место во 2014 година се искачила на 109 место, подготвен од „Репортери без граници“, 2018.

106 Викенд на гордоста Скопје 2018, „Либертас“ 06.06.2018.

107 Царовска: Се залагаме за едно општество за сите, „Сител“, 04.10.2018. Премиерот Заев со отворена поддршка на ЛГБТИ заедницата, 31.10.2017.Во Собранието ќе се основа парламентарна група за правата на ЛГБТ лицата, „Макфакс“, 23.02.2018.

108 Види наслов „Спинување на информации поврзани со Националната програма за ХИВ и ЛГБТИ луѓето за партиски цели“

## 7.1. Истражување на ставовите на публиката во Република Македонија од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во 2018 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го промовираше своето истражување на мислењето на публиката во Република Македонија од 2017 година[109]. За првпат со посебен дел на истражувањето беа измерени ставовите на публиката за претставувањето на ЛГБТИ луѓето во медиумите.

Истражувањето е имплементирано преку спроведена Анкета на 1.030 испитаници од 8 географски региони во Република Македонија. на возраст од 16 и повеќе години. Една од целите е и обезбедување на податоци за ставовите и начинот на кој се прикажува хомосексуалноста во медиумите.

Вкупно 26 % од испитаниците сметаат дека хомосексуалноста на ТВ-програмите на домашните телевизии е претставена како болест и опасност за наталитетот; 44 % сметаат дека таа не е претставена како нормална сексуална ориентација, а 28 % сметаат дека е претставена како опасност за општествените вредности.

**На 32 % од испитаниците не им пречи доколку хомосексуалците се претставени во ТВ-програмите како психички болни,** на 33 % не им пречи доколку се претставени како опасност за семејните вредности, додека на **24 % им пречи доколку се претставени како нормални личности.**

На прашањата, пак, за тоа колку им пречат различни сцени, испитаниците се изјасниле на следниот начин:

На 82 % воопшто не им пречат сцени во кои маж и жена се држат за рака, на 73 % воопшто не им пречат сцени во кои се бакнуваат, а на 47 % воопшто не им пречи доколку се интимни. За разлика од тоа, на 18 % воопшто не им пречи, а на **44 % многу им пречат сцени во кои двајца мажи се држат за рака,** на 25 % воопшто не им пречи, а на **35 % многу им пречат сцени во кои две жени се држат за рака.** Понатаму, на 10 % воопшто не им пречи, а на **56 % многу им пречат сцени во кои двајца мажи се бакнуваат,** на 15 % воопшто не им пречи, а на **49 % многу им пречат сцени во кои две жени се бакнуваат.** Во однос на интимни сцени на програмите, на 8 % воопшто не им пречи, а на **64 % многу им пречат сцени во кои двајца мажи се интимни,**

109 Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија, АВМУ, декември 2017, достапно на www.avmu.mk

и на 14 % воопшто не им пречи, а на **55 % многу им пречат сцени во кои две жени се интимни.**

За крај, на 36 % од испитаниците многу им пречи хомосексуалец/ка како главен лик во серија, на 38 % многу им пречи хомосексуална двојка во серија, на 31 % многу им пречи хомосексуалец/ка како презентер на вести и на 30 % многу им пречи ТВ-дебата посветена на правата на хомосексуалците.

Резултатите од истражувањето покажуваат загрижувачки степен на предрасуди и нетолеранција кон ЛГБТИ луѓето. Имено, само 8 % одговориле дека воопшто не им пречат интимни сцени со двајца мажи, додека на другите им пречат во различен обем. Самиот факт дека поголем процент од публиката воопшто не сака ни да гледа хомосексуалци на медиумите, кажува колку нашето општество останува затворено.

Коалицијата Маргини апелира до Владата на Република Македонија да иницира кампањи и други активности за подигнување на јавната свест, преку промоција на позитивни пораки и ставови од страна на носителите на власта, а со цел надминување на стереотипите и предрасудите за ЛГБТ луѓето.

Коалицијата Маргини ја повикува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го повтори истражувањето за неколку години, со цел мерење на состојбите и промената на ставовите во јавноста.

## 7.2. Декларација за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ

Поттикнувањето на насилство и дискриминација не ретко потекнува од говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето. Говорот на омраза е присутен во медиумите, на што посочуваат и меѓународните[110] и националните извештаи[111], додека од друга страна, медиумите многу малку известуваат за ЛГБТИ луѓето

110 „…општествените предрасуди продолжуваат и говорот на омраза е распространет против ЛГБТИ лицата во медиумите, на Интернет и социјалните мрежи." Извештај на Европската комисија за Република Македонија, 2018.

111 „Особено загрижува и тоа што 49 или 28,8 % од вкупниот број поплаки се однесувале на медиуми кои во јавноста ширеле говор на омраза, употребувале дискриминирачки искази или поттикнувале стереотипи, и на тој начин им нанесувале сериозна штета на припадниците на одделни групи", соопштение до медиумите од 05.03.2018, Совет за етика во медиумите, 05.03.2018.

од аспект на човековите права. Медиумите се творци на јавното мислење и промотори на демократските вредности, и како такви имаат исклучително важна улога во промоцијата и заштитата на човековите права, потврдувајќи го плурализмот во општеството низ почит кон различностите и еднаквоста. Со цел надминување на нееднаквоста и повредите на човековите права, медиумите имаат важна улога во препознавањето и осудата на дискриминацијата, говорот на омраза и насилството кон маргинализираните групи.

Иако професионалните новинарски стандарди налагаат почитување на човековото достоинство, осуда на говорот на омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, во последната деценија овие стандарди постоеја само на хартија, додека медиумите изобилуваа со говор на омраза, дискриминација и сензационализам во објавите поврзани со ЛГБТИ луѓето.[112]

Коалицијата Маргини, заедно со Советот за етика во медиумите, Здружението на новинари на Македонија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, иницираше Декларација за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ[113]. Декларацијата ја потпишаа 24 медиуми и медиумски здруженија.

На промоцијата[114] на Декларацијата се обратија директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорката на Советот за етика во медиумите, претставници од Здружението на новинари на Македонија и од Коалицијата Маргини[115]. Говорниците ја промовираа Декларацијата и ги повикаа медиумите да ја почитуваат и да не употребуваат говор на омраза кога известуваат за ЛГБТИ луѓето.

Медиумите потписници[116] се обврзаа во рамките на сопствените одговорности и надлежности да ги почитуваат следните принципи: да се воздржат од и да го осудат говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација и родов идентитет; да известуваат за жртвите на насилството и дискри-

112 „Не прекинува тој тренд доставување жалби по основа за говор на омраза, се обидуваме да преземеме дополнителни мерки, во смисла да реагираме како Совет за етика и во случаите кога не сме добиле претставки од претставници на јавноста, сè со цел да ги разобличиме овие појави", вели Тунева, „Институциите глуви за говорот на омраза", Радио „Слободна Европа", 12.07.2016.

113 Декларацијата е достапна на www.avmu.mk

114 „Промовирана Декларација за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ заедницата", АВМУ, 20.03.2018.

115 „Промовирана Декларација за известување за ЛГБТИ во медиумите", „Нова ТВ", 20.03.2018.

116 Потписници на оваа Декларација се: Здружение на печатени медиуми; Здружение за електронски медиуми – „Медиум ОБЈЕКТИВ"; Центар за истражувачко новинарство „СКУП" Македонија; дневен весник „КОХА"; „ПОРТРЕТ магазин"; „Телевизија 24"; „ТВ21"; видеопортал „НОВА ТВ"; телевизија „Телма"; „ТРД ТВ Морис" – Охрид; Дигитална редакција „Сакам да кажам"; „MKD.mk"; Телевизија „МТМ – Прва скопска"; „Слободен печат"; портал „Плусинфо.мк"; „ТРД Capitol FM"; ТРД Телевизија Кочани „ЛД"; „Глобус магазин"; портал „Telegrafi.com"; ТРД „СИТИ радио"; Радио „Голди" – Велес; ТРД „Лајф радио"; ТРД „Модеа радио" – Свети Николе; и РД „КЛУБ ФМ".

минација низ емпатија и солидарност; да не известуваат парцијално за активностите релевантни за ЛГБТ; да го вклучуваат гласот и перспективите на ЛГБТИ луѓето; да се сензитивизираат медиумските работници за известување на теми поврзани со ЛГБТ, како и да соработуваат со граѓанските организации кои се застапуваат за правата на ЛГБТИ луѓето.

Коалицијата Маргини ги поздравува медиумите потписници на Декларацијата и ги повикува сите други медиуми да ја почитуваат. Коалицијата Маргини ги повикува медиумите проактивно да известуваат за теми поврзани со ЛГБТИ заедницата, да ги вклучуваат нивните гласови во објавите и да создаваат посериозни содржини на теми поврзани со човековите права на ЛГБТИ луѓето.

## 7.3. Случаи на неетичко известување и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

### 7.3.1. Случај „Геј-парада во Скопје поддржана од Министерство за култура“

На ден 12.2.2018 година на порталот „Курир“ беше објавена вест со наслов: „Геј-парада во Скопје поддржана од Министерство за култура“, без потпишан автор. Веста беше пренесена на повеќе онлајн медиуми.

Насловот на веста најавува парада, иако понатаму во самата содржина на текстот повеќе не се споменува поимот парада. Насловот е неточен, сензационалистички и тенденциозен, додека во содржината се прикажани половични и селективни информации кои се извадени од контекст. Ваквото известување има за цел сеење на страв и морална паника, ја дезинформира публиката и сака да предизвика неодобрување, револт и омраза кај публиката за ваквиот начин на алоцирање на народните пари. Со ваквото известување се прекршува Етичкиот кодекс на новинарите[117], додека пак насловот сам по себе е клевета.

117 Член 10 од Етичкиот кодекс на новинарите, забрана за говор на омраза и свесно создавање информации кои ги загрозуваат човековите права.

> „Претходно во 2017 година, министерот за култура Роберт Алаѓозоски го отвори ’Скопје прајд викенд‘ кој се одржа од 22 до 25 јуни.
>
> Настан на кој свое обраќање имаше и Никола Шиндре, кој јавноста ја брануваше со својата колумна во која се релативизираше педофилијата.
>
> Тогаш медиумите пишуваа и како ЛГБТ центарот одликуваше промотор на педофилија, настан на кој учествуваше и Зоран Заев.“[118]

Повторно може да се забележи злоупотребата на ЛГБТИ заедницата, активистите за човекови права и културните работници, со цел девалвација на политички противници и меѓупартиски пресметки. Коалицијата Маргини демантираше дека одобрените средства од Министерството за култура се за одржување на парада. До седум медиуми беше пратено **барање за објава на одговор на објавена информација, а медиумите го објавија одговорот.**[119]

Во одговорот Коалицијата Маргини објасни дека:

> „Одобрениот грант на Коалицијата, како што и самите овие ’медиуми‘ укажуваат, за да го игнорираат и преврtat манипулативно во насловите на објавите, е за одржување на Скопскиот викенд на гордоста 2018, што ќе се одржи по шести пат годинава. Скопскиот викенд на гордоста е културен и уметнички фестивал, на кој со години по ред се претставуваат и земаат учество некои од најзначајните современи уметници, теоретичари и културни работници од регионот, Европа и светот, и за кој публиката со години по ред покажува интерес, видливо во континуираната и огромна посетеност на перформансите, изложбите и предавањата во склоп на Викендот.“[120]

Коалиција Маргини побара од порталите и медиумите да ја почитуваат обврската за одговорно известување и ги потсети дека во 2013 година, кога медиумите дезинформираа со истите тенденции, се случи и напад на ЛГБТИ Центарот за поддршка додека се одржуваше „Неделата на гордоста“.

118 „Геј-парада во Скопје поддржана од Министерство за култура“, „Курир“, 12.2.2018.

119 „Коалицијата МАРГИНИ демантира дека одобрените средства од Министерството за култура се за одржување на геј-парада“, „Курир“ 13.2.2018.

120 Демант, „Коалиција Маргини: Згрозени сме од повторната злоупотребата на ЛГБТ заедницата и лажните вести“, „Либертас“, 13.2.2018.

### 7.3.2. Случај „Културниот марксизам на Алаѓозовски: ЛГБТ + УЧК + исламисти“

Една недела по веста за финансирање на наводна парада на гордоста од страна на Министерството за култура, порталот и неделник „Република“ објави колумна на Љупчо Златев, со наслов „Културниот марксизам на Алѓозовски: ЛГБТ + УЧК + исламисти“. Оваа колумна, како и голем број текстови напишани од овој автор, изобилува со хомофобија, албанофобија и национализам. Преку ваквата реторика се поттикнува нетрпеливост, омраза, дискриминација и насилство кон цели групи граѓани.

Во колумната малцинствата се портретирани како непријатели кои во заговор работат против македонското, христијанско мнозинство.

> „Се соочуваме со ситуација во која пари од Министерството добиле: хомосексуалци, исламисти, албански националисти и комунисти како Никола Гелевски! А ништо не добиле само оние кои мнозински партиципираат во полнењето на Буџетот на Република Македонија – тоа се Македонците, христијани“[121] – се вели во колумната.

Понатаму, авторот не ја признава нити препознава културата на ЛГБТИ луѓето, а нивните животни искуства ги сведува на сексуланите односи на геј-мажите, кои ги вулгаризира и исмева.

> „Простете на бизарниот речник, но тоа што на некој му е убаво да прима машки полов орган во неговиот анален отвор нема никаква врска со култура, дразнењето на неговата простата кое создава ерекција е чиста биологија.“

Според Прирачникот за етика во новинарството, „медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.“[122]

121 „Културниот марксизам на Алаѓозовски: ЛГБТ + УЧК + исламисти“, „Република“, 19.02.2018.

122 Прирачник за етиката во новинарството, Тамара Чаусидис и Зоран Бојаровски. Здружение на новинарите на Македонија, 2012.

По поднесена жалба, **Советот за етика во медиумите ја усвои жалбата и констатираше дека авторот ги прекршил членот 10 и членот 11 од Кодексот на новинарите.**[123]

> „Слободата на говорот е неприкосновена и секако дека го вклучува правото на новинарите да критикуваат одлуки на власта, во случајов, одлуката на Министерството за култура да поддржи проекти на одредени заедници. Но јазикот на новинарот никако не смее да излезе од границите на слободата на изразување, на начин што преку проблематизирање на политички одлуки ќе наметнува сугестивно мислење, кое во себе содржи елементи што можат да поттикнат дискриминација по различна основа (во случајов, сексуална, полова, верска)" – истакна Советот за етика.[124]

### 7.3.3. Случај кампања „Не суди кој кого љуби"

На крајот на 2018 година беше промовирана националната кампања против дискриминација и насилство на ЛГБТ луѓето „Не суди кој кого љуби". [125]Кампањата е подготвена од страна на граѓанските организации[126] и е поддржана од Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, а во неа учествуваат девет пратеници. Снимените три видеа беа промовирани на три национални телевизии и на социјалните медиуми, на македонски и албански јазик.

За кампањата само на Фејсбук се појавуваат над 3.500 коментари на 27 постови кои ги опфаќаат видеата и слики со изјави на сите пратеници на македонски и албански јазик. Најголем дел од коментарите во себе содржат говор на омраза, навреди и предрасуди кон ЛГБТИ луѓето. Голем дел од коментарите се заканувачки и повикуваат на насилство.

Во регистрираните коментари се забележува огромна омраза и осуда кон ЛГБТИ луѓето и нивна споредба со болни луѓе кои никогаш нема да бидат

123 Одлука на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, 4.5.2018.

124 Комисијата при своето одлучување ја зеде предвид Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „ Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбијки, геј, бисексуалци и трансродови лица".

125 Кампања „Не суди кој кого љуби", „Сител", 30.11.2018.
Кампања „Не суди кој кого љуби", МИА, 30.11.2018

126 ХЕРА во соработка со Коалиција Маргини и ЛГБТИ Центарот за поддршка.

прифатени од општеството. Еден од коментарите повикува на „правење сапун“ од ЛГБТИ луѓето, повикувајќи се на логорите кои се користеле за време на холокаустот.[127]

Најексплицитните коментари беа пропратени со пријава до Одделението за електронски криминал при Министерството за внатрешни работи. Имајќи предвид дека бројката на коментари со говор на омраза секојдневно се зголемуваше, освен дел од коментарите, беше пратена и целата фејсбук-страница на кампањата на која изворно се објавуваа сите видеа и фотографии. За жал, **од Министерството сè уште нема одговор или информација за какво било постапување.**

Оваа ситуација повторно покажува дека освен изразување на политичка волја, практиката на институциите не е променета. Практиката на неказнување на сторителите е огромен недостаток кој продолжува да се случува и доколку таа не се промени, не можеме да зборуваме за унапредување на заштитата на правата и слободите на ЛГБТИ луѓето.

Коалицијата Маргини потсетува дека медиумите имаат клучна улога за заштита на демократските вредности; за надзор на процесите во општеството со цел заштита на јавниот интерес од злоупотреби; како и за создавање на јавната свест.

Коалицијата Маргини апелира до медиумите да обезбедат плурализам на родовите и сексуалните идентитети, во своите содржини да не користат говор на омраза и да не ги злоупотребуваат ЛГБТИ луѓето за дневнопартиски пресметки.

Коалицијата бара од Министерството за внатрешни работи активно да ги следи состојбите со говорот на омраза, да прибира статистички податоци, да спроведува истраги и да ги казнува сторителите согласно закон.

127 Месечен извештај за состојбите со човековите права на ЛГБТИ луѓето, ноември 2018, ЛГБТИ Центар за поддршка, Хелсиншки комитет и Национална мрежа против хомофобија и трансфобија.

# 8.

# ВО СКОПЈЕ СЕ ОДРЖА РЕГИОНАЛНА ЛГБТИ КОНФЕРЕНЦИЈА „НАСПРОТИ СÈ, ИДНИНАТА Е НАША“

Во октомври, во Скопје, се одржа Третата регионална ЛГБТИ конференција „Наспроти сè, иднината е наша“[128] организирана од регионалната мрежа на ЛГБТИ организации – ЕРА[129], во соработка со локалните ЛГБТИ организации од Македонија.

Овој настан имаше за цел: зголемување на политичката волја и ангажирање на владите на Македонија и регионот за ЛГБТИ правата; зголемување на дијалогот и соработката помеѓу државните институции во регионот со ЛГБТИ организациите и активистите; зајакнување на капацитетите на ЛГБТИ активистите; регионален дијалог и соработка на ЛГБТИ организациите; и придонес кон зголемена и подобрена видливост и позиција на ЛГБТИ луѓето во Македонија.

Она што е значајно за оваа конференција е дека беше организирана во соработка со Министерството за труд и социјална политика, како и Министерството за надворешни работи, кои беа и домаќини на свечениот прием на ЛГБТИ активистите од регионот, со што и официјално се отвори самата конференција.[130] На приемот се обратија министерката за труд и социјална политика, заменик-министерот за надворешни работи и претставници од дипломатскиот кор. Настанот доби поддршка и од Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Годишното собрание

128 „Во Скопје регионална конференција за правата на ЛГБТ луѓето“, МИА (Македонска информативна агенција), 03.10.2018.

129 ЕРА е регионална мрежа на ЛГБТИ организации, формирана од 57 членки кои работат во девет држави во Западен Балкан и Турција.

130 Споредено со Регионалната конференција на ЕРА во 2015 година, на која ниту еден претставник од тогашната власт на Македонија не беше заинтересиран да учествува, оваа година претставници од МТСП, МНР, МОН и пратениците беа говорници и директно учествуваа во организација на конференцијата.

на регионалната мрежа се одржа во сала на Собранието на Република Македонија, за што беше обезбедена и логистичка поддршка од службите на Собранието.

На конференцијата ѝ претходеше и министерски состанок, на кој освен министри од Македонија, присуствуваа и министри од Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Претставниците на министерствата се заложија за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во своите држави и во регионот, во соработка со граѓанските организации  и во рамки на формираната интервладина група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Министерката Мила Царовска на овој состанок беше избрана за претседавач на регионалната интервладина група.

Конференцијата имаше фокус на три приоритетни теми кои ја засегаат ЛГБТИ заедницата во Македонија, Западен Балкан и Турција: заштита од дискриминација, правата на трансродовите и небинарните луѓе и ЛГБТИ младите во образованието.[131]

Поддршката и демонстрирањето на политички интерес за унапредување на состојбата на ЛГБТИ луѓето беа јасно изразени на оваа конференција од страна на претставниците на институциите.[132] Споредено со минатите години, на ова поле има значителни поместувања, но сепак политичката волја мора да ја следат промени на законската рамка и промени во постапувањето на институциите, со кои ќе се покаже зголемување на почитувањето и остварувањето на правата на ЛГБТИ луѓето во практиката. Овие наоди беа истакнати и во Извештајот на Европската комисија за Република Македонија. [133]

131 „Клучни области на кои ќе се фокусира дијалогот меѓу граѓанското општество и властите од регионот и Турција се образованието и правата на трансродовите лица. Властите и активистите ќе изнаоѓаат решенија за инклузивно образование и безбедни училишта за ЛГБТИ младите, како и законски решенија за правно признавање на родот, односно можноста трансродово лице да ја промени ознаката за пол во матичната евиденција и на тој начин државата да го признае неговиот вистински род“, „Прес 24“, 2.10.2018.

132 „Заложбите на македонската Влада се да создадеме едно општество за сите, во кое секој ќе има еднаков пристап до образование, вработување, здравство и заштита од какво било насилство и во ова имаме напредок изминатата година.“ – Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Соопштение на МТСП, октомври 2018.

133 „За правата на лезбијките, геј, бисексуалните, трансродовите и интерполовите (ЛГБТИ) лица, во 2017 година беше направен важен напредок. Новиот премиер и политичкото раководство јавно изразија поддршка за правата на ЛГБТИ лицата и се заложија за напредок во оваа област. Во парламентот беше формирана интерпарламентарна група во февруари 2018 година, составена од 13 пратеници, која има за цел да ги застапува правата на ЛГБТИ лицата. Меѓутоа, општествените предрасуди продолжуваат и говорот на омраза е распространет против ЛГБТИ лицата во медиумите, на Интернет и социјалните мрежи. Поттикнувањето на хомофобична/трансфобична омраза и насилство не е ефикасно спречено или казнето од страна на властите. Претходните напади врз ЛБТИ Центарот за поддршка сè уште не се ефективно истражени.“ Извештај на Европската комисија за Република Македонија, стр. 32.

# 9.

# ВИКЕНД НА ГОРДОСТА „НАСТРАНО. ПОЛИТИЧКО.“

Овогодишниот „Викенд на гордоста Скопје“ се одржа од 7 до 10 јуни, по шести пат во Скопје, во организација на Коалицијата Маргини и ЛГБТИ Центарот за поддршка при Хелсиншкиот комитет на Република Македонија.[134]

Носечката идеја на „Викендот на гордоста 2018“ беше „НАСТРАНО. ПОЛИТИЧКО.“ Со оваа идеја, од една страна, Фестивалот ги истражуваше и проблематизираше многустраните начини на кои хегемониските имагинации за родот и сексуалноста се вкоренети во главните политички поими и ги обликуваат, како критички потфат кој веќе подолго време е започнат од страна на феминистичките филозофи, уметници и активистки, а кои укажуваат на рефлексијата на сликите за машкоста и маскулинизмот во проектите за градење на политички заедници. Од друга страна, „Викендот на гордоста“ ги претстави алтернативните можности кои произлегуваат од многукратните, ненормативни и маргинализирани практики на пријателство, грижа, љубов, секс, заедници и правда, а кои се создаваат и циркулираат во колективите и историите на „настраните“ и жените.

Фестивалската програма беше најавена, како и минатата година, со настан „СРАМОТА! – Вечер на раскажување квир-приказни“, организиран во партнерство со иницијативата „Пич Прич“.[135]

Официјалната програма на Фестивалот беше отворена со изложбата „CORPUS QUEER: Тела на отпор 1980 – 2018“, на антологискиот фотограф Дел Лагрејс Волкено, во Музејот на современа уметност.[136] Како и најавниот настан, и отворањето на Фестивалот со оваа изложба го обележа огромен интерес на публиката, со околу 350 посетители на отворањето на изложбата.

134 „Викенд на гордоста Скопје 2018: Политиката да биде настрана“, Радио „Слободна Европа“, 7.6.2018.

135 „Срамота! Вечер на раскажување квир-приказни“, „Reborn“, 14.6.2018.

136 „CORPUS QUEER: Тела на отпор го отвора Викендот на гордоста“, „Либертас“, 6.6.2018.

Фестивалот продолжи со музичкиот перформанс на светски реномираниот изведувач Иво Димчев, со кој се наполни салата во Кино „Култура“. Третиот ден од Фестивалот беше одржана видеопроекцијата на филмот „Жената лубеница“, и се изведе претставата „Дијамант“ на легендата на авангардниот театар и кабере од Велика Британија – Дејвид Хојл, со гостување на The Lipsinkers. На последниот ден од Фестивалот со свој перформанс се претстави Травис Алабанза, уметник за кој британските реномирани медиуми пишуваат дека ја претставува иднината на квир-перформансот. Фестивалот затвори со диџеј сет на музичарката и продуцентка Соња Сајзор од Србија, во придружба на дрег-шоу на четири дрег-кралици.

Во 2018 година „Викендот на гордоста“ за првпат доби финансиска поддршка од Министерството за култура.

# IV.

## Преглед на состојбите со правата на луѓето што употребуваат droги

# 1.

# ПРЕКРШУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛУЃЕТО ШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

Во 2018 година беа документирани **46 случаи на прекршување на правата на луѓето што употребуваат дроги (ЛУД).** Случаите се документирани од страна на правниците и параправниците на ХОПС, вработени во други организации, кои работат со луѓе што употребуваат дроги и од страна на самите жртви.

**Табела бр. 9: Документирани случаи на прекршување на правата на ЛУД по градови**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Скопје | 16 |
| 2. | Струмица | 15 |
| 3. | Охрид | 9 |
| 4. | Битола | 2 |
| 5. | Куманово | 1 |
| 6. | Гостивар | 2 |
| 7. | Дојран | 1 |
| | **Вкупно** | **46** |

Најголем број случаи се документирани во **Скопје (16), Струмица (15) и Охрид (9). По неколку случаи се документирани и во други градови, како Битола, Куманово, Гостивар и Дојран.** За разлика од другите заедници, кај луѓето што употребуваат дроги се документирани помал број случаи, што укажува на потребата за дополнителни мерки за мотивирање на оваа заедница. Поголемиот број на документирани случаи во Струмица и Охрид се должи на мотивираноста на правниците и на самите лица од заедницата за документирање, како и на активностите на Коалицијата за промовирање на програмата за документирање случаи во овие градови.

**Табела бр. 10: Документирани случаи на прекршување на правата на ЛУД според место на случување**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Казнено-поправна установа | 8 |
| 2. | Здравствена установа | 16 |
| 3. | Јавен простор – на улица | 9 |
| 4. | Институции за социјална заштита | 3 |
| 5. | Кафулиња, ресторани, продавници | 4 |
| 6. | Дом на жртвата | 3 |
| 7. | Работно место | 3 |
| | **Вкупно** | **46** |

Табелата бр. 10 ги прикажува документираните случаи по место на случување. **Најголем број случаи се документирани во здравствени установи (16),** што секако укажува на тоа дека луѓето што употребуваат дроги сè уште се соочуваат со дискриминација во здравството, прекршување на нивните здравствени права и деградирачки третман од страна на здравствените работници. Овие случаи се документирани од страна на луѓе кои се лекуваат од зависност на дроги, а притоа се соочуваат со лоши услови во центрите за лекување, но и со дискриминација во пристапот до другите здравствени услуги. Потоа, по бројност следуваат **случаите на јавен простор, односно на улица (9) и 8 случаи во казнено-поправна установа.** Во сите овие случаи се работи за вознемирување на луѓето што употребуваат дроги од страна на полициски службеници, кога ги пресретнуваат додека се движат низ градот. Во овие случаи жртви се луѓе кои употребуваат дроги кои како такви се познати во околината, а најголем дел од нив се лекуваат од зависност. **Во три случаи се работи за луѓе кои рекреативно употребувале коноп на јавно место. Понатаму, по три случаи се документирани на работното место и во институции за социјална заштита** (два во Домот за згрижување на бездомни лица во Чичино Село и еден во Центар за социјална работа). Документирани се четири случаи во кафулиња и аптеки, во кои луѓето што употребуваат дроги се соочиле со дискриминација во пристапот до добра и услуги. **Три од случаите се во домот (1) или пред домот (2) на жртвите**, каде полициски службеници ги вознемирувале ЛУД, а во два случаја има и прекумерна употреба на сила.

Според карактеристиките на жртвите, **најбројни се случаите кон мажи кои употребуваат дроги (30), наспроти 8 случаи во кои жртви се жени. Во пет случаи се прекршени правата на жените кои употребуваат дроги и воедно се занимаваат со сексуална работа**, но случаите се поврзани со употребата

на дроги. Во осум случаи се работи за група од двајца или повеќе луѓе што употребуваат дроги, кои заедно се соочиле со дискриминацијата или со друга повреда на права.

Со исклучок на пет случаи (4 кон луѓе што рекреативно употребуваат дроги и 1 случај на дискриминација по асоцијација), во сите случаи жртви се луѓе кои употребуваат/ле опијати или се лекуваат/ле од зависност од опијати.

**Табела бр. 11: Документирани случаи на прекршување на правата на ЛУД според видот на повредата**

| Вид на повреда на правата | | Карактеристики на жртва/и што употребуваат droги (ЛУД) | | | Вкупно ЛУД |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Маж | Жена | Група | |
| 1.1. | Одбивање на здравствена услуга | 4 | 5 | 2 | 11 |
| 1.2. | Вознемирување при добивање здравствена услуга | 2 | | | 2 |
| 1.3. | Други повреди на здравствени права и дискриминација во здравство | 2 | 1 | 2 | 5 |
| **1.** | **Вкупно прекршување на здравствени права** | **8** | **6** | **4** | **18** |
| **2.** | **Дискриминација во угостителски објекти** | | **1** | **1** | **2** |
| 3.1. | Дискриминација во пристап до социјални услуги | 2 | | | 2 |
| 3.2. | Непрофесионално постапување на социјален работник | 1 | | | 1 |
| **3.** | **Вкупно повреда на права од социјална заштита** | **3** | | | **3** |
| **4.** | **Отпуштање од затвор без лични документи** | **8** | | | **8** |
| 5.1. | Противзаконски претрес | 2 | 1 | 1 | 4 |
| 5.2. | Физичко насилство од полиција | 3 | | | 3 |
| 5.3. | Непрофесионално постапување и повреда на други права од полициска постапка | 1 | | 1 | 2 |
| **5.** | **Вкупно повреди на права од полиција** | **6** | **1** | **2** | **9** |
| **6.** | **Прогон на луѓе кои рекреативно употребуваат коноп** | **2** | | **1** | **3** |
| **7.** | **Дискриминација во работни односи** | **3** | | | **3** |
| | **Вкупно** | **30** | **8** | **8** | **46** |

## 1.1. Прекршување на здравствените права на луѓето што употребуваат дроги

Документирани се **18 случаи на повреда на здравствените права на луѓето што употребуваат дроги.** Во 8 случаи жртви се мажи, во 6 жени, а во 4 група на луѓе.

Во **11 случаи е документирано одбивање на здравствена услуга.** Во три случаи се работи за матични лекари кои не сакале да ги примат луѓето што употребуваат дроги. Во еден случај докторот директно кажал дека причината е тоа што пациентката употребува дроги, грубо се однесувал со неа, дури и применил физичка сила буткајќи ја кон излезот на амбулантата. Во другите два случаја матичните лекари ги одбиле пациентите штом дознале дека им е потребен упат за лекување на опијатна зависност. Документирани се три случаи на одбивање на здравствена услуга на Хируршкото одделение во Струмица, каде луѓето отишле за да направат преврска, но болничарот им кажал дека по 15 часот стерилната опрема ја чуваат за итни случаи и им дал газа и јод за сами да се преврзат дома. Болничарот ги познавал пациентите и знаел дека имаат хепатит Ц. Ваквото објаснување од страна на болницата е неприфатливо и не е јасно зошто приборот се стерилизира само до 15 часот и дали се примаат други пациенти, кои според процената на персоналот, немаат ХЦВ. Оваа дискриминаторска практика несразмерно ги погодува луѓето што употребуваат дроги и останатите луѓе за кои персоналот би можел да знае дека имаат крвно преносливи инфекции, а притоа се лишуваат од правото на соодветна медицинска нега, со што може да се загрози нивното здравје.

**Два случаја се однесуваат на дискриминација кон ЛУД во аптека.** Во едниот случај во Гостивар, и покрај тоа што имала уреден рецепт, аптекарката одбила да ѝ даде лек на жената и дрско ѝ кажала дека овие лекови не ги нарачуваат. Откако излегла од аптеката, жената ѝ го дала рецептот на својата пријателка, која влегла во аптеката и без никаков проблем го купила лекот. Во другиот случај во Струмица, во аптека не сакале да им дадат опрема за инјектирање и прво кажале дека немаат. Откако лицата ѝ кажале на аптекарката дека утрото купиле, таа им одговорила дека на „наркомани“ не им продава опрема. Со ваквата практика, аптеките само придонесуваат за штетна употреба на дрога со нестерилна опрема, што доведува до пренос на хепатит, ХИВ и други крвно преносливи инфекции. Аптеките дејствуваат спротивно на програмите за намалување на штети, финансирани од Министерството за здравство, со кои луѓето што употребуваат дроги се едуцираат за безбедна употреба и се врши размена на стерилен прибор за инјектирање.

**Документирани се 4 случаи на повреда на права во центрите за лекување на зависност.** Во три случаи пациентите се жалат на нехуман и деградирачки третман од страна на вработените во овие здравствени установи. Пациентите во Охрид се жалат на различни повреди на своите права од страна на персоналот, како деградирачки однос и навредување и произволност при администрирање на терапијата. На пример, на пациентот кој зема терапија на две недели, докторката сакала да почне да му дава терапија на една недела, без промена на околностите. Пациентот е вработен, а на работното место и онака се соочува со проблеми поради поранешната употреба на дроги, така што не може да доцни на работа четирипати месечно, наместо двапати. Откако пациентот се пожалил кај директорката, продолжиле да му даваат терапија на две недели, но докторката почнала дополнително да го малтретира и да му се одмаздува бидејќи се пожалил. Пациентите од Охрид се пожалија и дека терапијата се зема „на нога" и не се почитува упатството за набљудување на пациентот 15 минути откако ќе ја земе терапијата. Во еден случај, пациентот ја повратил терапијата веднаш откако ја зел на шалтерот. Пациентот паднал на колена, му се слошило, а медицинскиот персонал ништо не преземал, туку пациентите што чекале му помогнале да стане. Потоа медицинскиот персонал не сакал да му даде друга доза од терапијата, под изговор дека ќе им недостига.

Генерално, условите за третман во Охрид се лоши. Центарот е сместен во рамките на Општата болница Охрид, па приватноста на пациентите е невозможна, а третманот се сведува на администрирање на заменска терапија без дополнителни сервиси за психо-социјална поддршка за ресоцијализација. Пациентите споделија дека во првата половина на 2018 година починале околу седум пациенти кои се лекувале со метадон како последица од предозирање, што самото по себе говори за квалитетот на третманот и резултатите кои се постигнуваат во лекувањето на зависноста. Другите два случаја се документирани во Центарот за лекување зависности во Струмица. Пациентка била вербално и физички нападната од група пациенти во Центарот, побарала помош од медицинскиот персонал и ги замолила да повикаат полиција, на што ѝ одговориле „повикај си ти, зошто ние". Освен што не ја почитува обврската да пријави во полиција, медицинскиот персонал замижува пред насилството кон пациентката.

Во друг случај во Охрид, при систематски преглед, медицинската сестра не сакала да му земе крв за да направи крвна слика бидејќи самиот пациент ѝ кажал дека има хепатит. Во друг случај во Струмица, жртвата е лице кое е веќе излекувано од зависност и веќе седум години не зема ниту заменска терапија. Лицето отишло да дарува крв на крводарителска акција во Службата за трансфузиологија, но медицинската сестра го препознала од времето кога употребувал дроги, не ми дозволила да дарува крв и му кажала

повеќе да не доаѓа на крводарителски акции, и покрај тоа што нема крвно преносливи инфекции.

**Само еден од овие случаи е пријавен во надлежните институции, но во случајот лицето не употребува дроги, туку се работи за дискриминација по асоцијација.** Бидејќи пациентот боледува од друга болест, а како последица на болеста губи килограми, психијатарот кај кој се обратил за помош помислил дека е лице што употребува дроги и почнал да го навредува. Освен тоа, докторот бил видно алкохолизиран и пушел цигари во ординацијата. Случајот беше пријавен кај Народниот правобранител, Лекарската комора и Државниот здравствен и санитарен испекторат (ДЗСИ). Институциите постапија и го казнија лекарот за непочитување на забраната за пушење, додека Лекарската комора иницираше постапка пред Судот за честа. Од одговорот од ДЗСИ и Народниот правобранител е видливо дека при постапувањето воопшто не го зеле предвид вознемирувањето кон пациентот врз дискриминаторска основа. Сѐ уште се чека одговор за резултатот од постапката пред Судот на честа.

Луѓето што употребуваат дроги не се доволно мотивирани да ги пријавуваат овие случаи во надлежните институции. Една од причините за непријавување на повредите во центрите за лекување на зависности е стравот од одмазда од страна на медицинскиот персонал.

Коалицијата Маргини препорачува во официјалното образование на медицинските лица да се вклучат релеванти содржини за зависноста од дроги и за преносот на ХИВ и ХЦВ.

Коалицијата Маргини бара од Министерството за здравство да ги зајакне механизмите за заштита од дискриминација во здравството и соодветно да го спроведува Законот за заштита на права на пациентите, со фокус на правата на пациентите што се лекуваат од зависност од опијати.

## 1.2. Повреда на правата на луѓето што употребуваат дроги од страна на полицијата

Третманот на „дежурен виновник“ од страна на полицијата кон луѓето што употребуваат дроги сѐ уште не е значајно променет. Ова е особено видливо во помалите градови, каде полициските службеници ги познаваат луѓето што употребуваат дроги, ги вознемируваат, претресуваат и им се закануваат

каде и да ги сретнат. Документирани се **9 случаи на повреда на правата од страна на полицијата.** Сите овие случаи се на јавен простор (улица), освен еден случај во домот на жртвата и два случаја пред домот на жртвите. Само во еден случај жртви се луѓе што рекреативно употребуваат дрога, додека во другите случаи жртви се луѓе кои се лекуваат од опијатна зависност. Во шест случаи жртвите се мажи, во еден е жена сексуална работничка, а во два случаја е група.

Во **три случаи е документиран противзаконски претрес**, извршен на јавно место, на улица, без наредба за претрес и без никакво образложение. Всушност, во еден случај образложението било дека жртвите се „наркомани“, па затоа полициските службеници имаат право да ги претресуваат без наредба.  Во друг случај инспекторите извршиле претрес на јавно место, со образложение дека добиле дојава од Центарот за лекување зависности дека пациентот употребувал хероин, по што го однеле во полициска станица на информативен разговор, го прашувале од кого купува и го принудиле да потпише записник со кој не се согласувал. Сите овие случаи се документирани во Струмица, што зборува дека непрофесионалниот третман е практика во оваа полициска станица.

Во **три случаи е документирано физичко насилство** кон мажи кои се лекуваат од зависност. Сите три случаи се документирани во Охрид. Во еден случај полицајци го пресретнале лицето, го легитимирале и сакале да му извршат претрес на јавно место. Откако се побунил објаснувајќи им дека не употребува дрога и со години се лекува со метадон, почнале да го буткаат и го однеле во полициска станица. Во полициската станица го тепале, му пронашле електрошокер и го употребувале на него. Во друг случај неуниформирани полициски службеници во 2 часот по полноќ застанале пред домот на маж кој се лекува со метадон. Лицето излегло од домот бидејќи кучето лаело, се приближило до колата и ги замолило да се оддалечат од дворот за кучето да не ги разбуди соседите. Набрзо почнале да го исмеваат бидејќи не ги познал дека се полициски службеници и го навредувале затоа што употребувал дроги. Човекот се обидел да им објасни дека спиел и само излегол да види зошто лае кучето, кога едниот полициски службеник го удрил со дрвена прачка, а другите го удирале со боксови по стомакот и бубрезите. Насилството престанало откако излегол таткото на жртвата. Полициските службеници продолжиле да се закануваат со зборовите „наркоманишта, ќе ве шетаме како кучиња со ланец“ и се смееле меѓусебно.

Во **еден документиран случај се работи за непочитување на одредбите за претрес на дом,** прекумерна употреба на сила и вербално насилство од страна на полициски службеници. Откако заѕвониле на врата, жртвата веднаш ја бутнале на подот и му ги врзале рацете со лисици, пред неговата малолетна ќерка. Полициските службеници имале наредба за претрес, но

кога лицето побарало сведоци на претресот, полицајците почнале да го исмеваат, да го навредуваат и да му се заканувaат. На крајот од претресот му пронашле употребена опрема за инјектирање и му ја одзеле.

Ниту еден од случаите не завршува со прогон на жртвите. Само во два случаја постои писмена трага од постапувањето на полицијата. На пример, во еден случај, откако е извршен незаконски претрес на јавно место, лицето е однесено во полициска станица на разговор, а не постојат ниту записници ниту службени белешки од извршените дејства. Исто така, полициските службеници не се претставуваат, а кога им е посочена обврската да се легитимираат, избегнуваат или даваат половични информации. Од сите овие околности може да се заклучи дека полициските службеници кон луѓето што употребуваат дроги постапуваат арбитрарно и своеволно, со што ги злоупотребуваат своите овластувања и ги прекршуваат правата на ЛУД.

Коалицијата Маргини бара веднаш да престанат повредите на правата на ЛУД, особено физичкото насилство од страна на полицијата. Министерството за внатрешни работи под итно да преземе мерки за надзор над работата на полициските службеници, прекин на работниот однос на полициските службеници кои ги малтретираат и ги тепаат луѓето што употребуваат дроги. Основното јавно обвинителство треба кривично да ги гони овие сторители кои доверената задача за заштита на правата и слободите на граѓаните ја користат за да малтретираат маргинализирани групи.

## 1.3. Повреда на правото на лекување како последица од отпуштање од затвор без лични документи

Во 2018 година се документирани **8 случаи на отпуштање на луѓе што употребуваат droги од затвор без лични документи од страна на КПУ „Идризово“.** Случаите се документирани во ХОПС, каде лицата се обратиле за правна помош. Сите жртви се мажи кои се лекуваат од опијатна зависност и кои, додека ја издржувале казната затвор, се лекувале со метадон. Во шест случаи жртвите се Роми, а во два случаја се Македонци. За овој проблем известивме и во Годишниот извештај за 2017 година, кога за два вакви случаја ХОПС се обрати до Народниот правобранител. Народниот правобранител во еден случај утврди прекршување на законот, а КПУ „Идризово“ извести дека „во иднина доследно ќе се придржуваат кон одредбите од Законот за извршување санкции кои го уредуваат прашањето на отпуштање од установата и вклучување во животот на слобода“.[137]

Во февруари, со донесувањето на Законот за амнестија (во период од околу една недела), од КПУ „Идризово“ беа отпуштени голем број затвореници, меѓу кои имаше и голем број лица кои, додека се наоѓале на издржување казна затвор, се лекувале од зависност со метадонска терапија. Лицата биле отпуштени од издржување на казна затвор без документи за лична идентификација (а некои од нив и никогаш претходно немале извадено лична карта), без здравствено осигурување и без потврда дека додека издржувале казна затвор се лекувале од зависност. Поради ваквата ситуација, луѓето не можеле веднаш да продолжат со лекување, што е исклучително важно во случаите на лекување со метадонска терапија. Бидејќи се работи за заменска терапија, доколку на лицето не му е достапна, се ризикува самостојно да набави метадон или хероин од црниот пазар, со што се прекинува лекувањето, а лицето се изложува на ризик од предозирање, бидејќи квалитетот на супстанциите набавени од црниот пазар не е контролиран.

За да продолжат да се лекуваат на слобода, потребно е пациентите да извадат лична карта, па потоа да го регулираат здравственото осигурување. Откако ќе го направат тоа, потребно е да најдат матичен лекар кој ќе им издаде упат за лекување во Центарот за лекување на зависности во Кисела Вода. Целиот овој процес може да трае и повеќе од една недела.

Поради големиот број лица кои биле отпуштени од затвор без никакви документи и без здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигуру-

137 Повреда на правото на лекување и загрозување на правото на живот на луѓето што употребуваат droги и излегуваат од затвор, Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Годишен извештај 2017, Коалиција Маргини, стр. 62.

вање дозволил стекнување на здравствено осигурување само со извод од книгата на родени, со обврска барателот во рок од 15 дена во ФЗО да достави лична карта.

Согласно Законот за извршување санкции, казнено-поправната установа има обврска да работи на ресоцијализација на луѓето што издржуваат казна затвор и во последните три месеци да ги интензивира овие мерки и да ги приспособи за живот на слобода. Меѓу другото, ова подразбира и вадење на лични документи и здравствено осигурување, со цел да се олесни интеграцијата на луѓето во заедницата. Дополнително, постои обврска пред отпуштањето лицата да бидат прегледани и нивната здравствена состојба писмено да се констатира[138].

За **пет од овие случаи ХОПС се обрати до Народниот правобранител и до Управата за извршување на санкции.** Одговор од Народниот правобранител сѐ уште нема. Во својот одговор Управата не утврдила повреди, туку се повикува на член 196 според кој при отпуштање на лицето му се предаваат личната карта и отпусниот лист. Додека за медицинската потврда за здравствената состојба, во три од случаите утврдува дека лицата биле отпуштени за време на викенд, а бидејќи установата нема дежурна здравствена служба, не била подготвена потврдата. За случајот кој е отпуштен во работен ден, Управата едноставо ќе каже дека „доколку таква не му е издадена на денот на отпуштање може да му се издаде и по отпуштањето од установата во денови кога здравствената служба работи“[139]. Од одговорот може да заклучиме дека **Управата целосно го игнорира членот 193, во кој се предвидени обврските за подготовка на лицата за живот на слобода,** така што најверојатно казнено-поправните установи воопшто не ја препознаваат обврската за да посредуваат за добивање на лични документи за лицата кои се отпуштаат или пак да им овозможат да излегуваат од установите за да ги извадат навремено документите.

Коалицијата Маргини бара казнено-поправните установи и Управата за извршување на санкциите доследно да го спроведуваат законот и да работат на ресоцијализација и соодветна подготовка за живот на слобода на луѓето што излегуваат од затвор.

Доколку Управата не ја препознава оваа обврска, бараме Министерството за правда да подготви подзаконски акт или да го измени Законот на

138 Став 1 член 194 од Законот за извршување на санкциите (консолидиран текст).

139 Одговор на Управата за извршување на санкциите бр. УПП 9 од 26.3.2018.

начин што експлицитно ќе ја вметне обврската казнено-поправните установи да ги отпуштаат затворените лица со валидни лични документи и со регулирано здравствено осигурување, без разлика на состојбата пред да влезат во казнено-поправната установа.

## 1.4. Со спроведување рации во ноќните клубови се криминализира рекреативната употреба на дроги

Документирани се **3 случаи во кои луѓе што рекреативно употребуваат коноп се соочиле со полицијата додека го употребувале на јавен простор.** Два од случаите се случиле во Скопје, околу ноќни клубови, а еден во Дојран за време на Д фестивал. Во првата половина од годината полицијата спроведуваше засилени рации во ноќните клубови, додека на летни музички фестивали имаше засилено полициско присуство.

Рациите се спроведуваат со цел проверка на работењето на клубовите од страна на Управата за јавни приходи и Државниот пазарен инспекторат, најчесто придружувани од полицијата која насилно влегува во клубовите и бара докази за извршени казнени дела. Ваквото полициско дејствување е недозволиво и несразмерно со целта. Додека, пак, другите институции кои го контролираат финансиското работење на клубовите мора да најдат начин тоа да го направат посуптилно, без да го попречат работењето на клубот и без да ги вознемируваат гостите.

Со самото спроведување на рации се ограничува личната слобода на граѓаните, особено на младите луѓе кои ги користат ноќните клубови за социјализација и посета на културни настани. На овие места најчесто одат луѓе кои рекреативно употребуваат дроги, додека самата употреба на т.н. викенд-дроги е дел од културата.

Самото спроведување на рации е проследено со застрашувачко и спектакуларно полициско присуство на вооружени полициски службеници[140], што насилно влегуваат во клубот, музиката се гасне, се претресуваат и се легитимираат гостите. Со ваквото полициско постапување се застрашуваат младите луѓе, се третираат како криминалци и многу често се прекршуваат нивните права од полициска постапка. Употребата на сила и трошењето на

140 По спроведувањето на рацијата на 1.7.2018 година МВР беше критикувано од јавноста за прекумерна употреба на сила. (Полицајци со автоматски пушки упаднаа во скопски дискотеки, приведен сопственикот на „Сектор 909“, „Сакам да кажам“, 1.7.2018.) На тоа МВР изјави дека биле ангажирани полициски службеници во соодветен број, кои постапувале согласно процедурите и законските одредби.

буџетски средства при спроведување на рациите е несразмерно со резултатот од нив – откривање мали количини на психоактивни супстанции за лична употреба[141].

Со претресување на млади луѓе во ноќни клубови личната употреба на дроги се криминализира преку практиката на полицијата, а понатаму и на другите институции за кривичен прогон.  На ваков начин војната против дрогите се спроведува на сметка на луѓето што употребуваат дроги, со што се маргинализира оваа заедница, од што понатаму се развиваат други социјални проблеми. При спроведувањето на рации често се прекршуваат правата од полициската постапка, па така често прегледот станува претрес, а отсуствува наредба за претрес. Во некои случаи, луѓето кај кои ќе се пронајде супстанцијата или ќе се затекнат при употреба, се задржуваат во полициски станици и најчесто се уценуваат со цел да кажат од кого ја набавиле дрогата. Во некои случаи се продолжува со кривичен прогон на луѓето што рекреативно употребуваат дроги, па често се гонат за пуштање во промет само врз основа на фактот што поседувале дрога, без да се пронајдат докази за купопродажбата. Во еден од документираните случаи се работи за лице кое заедно со други лица употребувало коноп на јавно место. Во случајот полицијата изјавила дека кривично ќе го гони за овозможување на употреба на дрога (член 216 од КЗ). Самиот член 216 е дискутабилен бидејќи остава многу можности за толкување на тоа што значи овозможување употреба. Со членот се криминализира наведувањето друг да ужива дрога, давањето на некој друг да ужива дрога, отстапување простории за таа намена или на друг начин овозможување употреба на дроги. Оваа прешироко одредба доведува до апсурдна ситуација да се криминализира ситуација во која група луѓе заедно употребуваат коноп, додека доколку секој поединечно би употребувал, лицата би се гонеле прекршочно (или барем така би требало). Лицето кај кое во моментот ќе се најде цигарата со коноп се гони кривично бидејќи овозможувало други лица да употребуваат дроги, а останатите од групата се „жртви“ во ситуацијата. Ова нè наведува на заклучок дека арбитрарно се казнува, додека самиот член 216 ја нарушува правната сигурност на луѓето што употребуваат дроги.

Коалицијата Маргини бара МВР да прекине со спроведување рации во ноќните клубови и да престане со прогон на луѓе кои рекреативно употребуваат дроги.

141 Како резултат од спроведената рација од 1.7.2018 г. откриено е едно пакување непозната прашеста материја. Рација на МВР во 7 угостителски објекти, утврдени нерегуларности, „Нова Македонија“, 1.7.2018.

Коалицијата Маргини бара декриминализација на личната употреба на дроги преку измена на Законот за прекршоци, Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции и Кривичниот законик. На ваков начин ќе се превенираат маргинализацијата, криминализацијата и прекршувањето на човековите права на луѓето што употребуваат дроги. Исто така, со декриминализацијата ќе се заштедат буџетски средства кои се трошат за прогон на овие луѓе, кој не дава позитивни резултати.

## 1.5. Дискриминација на луѓето што употребуваат дроги во работните односи, социјалната заштита и пристапот до добра и услуги

Во 2018 година се документирани три случаи на повреда на правата од социјална заштита на луѓе што употребуваат дроги. Во два случаја се работи за директна дискриминација од страна на установата за згрижување на бездомни лица во Чичино Село, која не сакала да згрижи бездомни луѓе само затоа што употребуваат дроги. Во едниот случај лицето го повикале од ЈУ МЦСР Скопје и го информирале дека му го одбиле барањето за сместување во Чичино Село бидејќи употребувал дроги. Во другиот случај, штом вработената од Чичино Село дознала дека се јавуваат од ХОПС за да прашаат за сместување, им рекла дека знае со кои групи работи ХОПС, им кажала дека не примаат ЛУД и го прекинала разговорот. Во третиот случај се работи за навреди и малтретирање кон ЛУД од страна на социјален работник во ЦСР Куманово, кој не сакал да му ги прими за рефундирање платените сметки за струја, арбитрарно воведувајќи нови правила за документите.

Документирани се **три случаи на повреда на правата на ЛУД од работни односи.** Во два случаја се работи за иста жртва, маж кој се лекува од зависност и кој постојано трпи мобинг од страна на претпоставените. Жртвата се соочува со постојано исмевање, секогаш кога ќе побара нешто или ќе искаже мислење претпоставениот не го зема предвид и го навредува поради употребата на дроги. Исто така, често му се закануваат дека ќе го избркаат од работа, нагласувајќи дека лесно можат да го сторат тоа бидејќи употребувал дроги. Во третиот случај жртва е маж кој рекреативно употребувал коноп. Откако работодавецот дознал, го избркал од работа со образложение дека со неговото „хоби“ го загрозува угледот на такси-компанијата. Лицето смета дека сопственикот ја пренел информацијата и на другите такси-компании, бидејќи пробал да се вработи, но не успеал.

Документирани се и **два случаја на дискриминација во пристапот до добра и услуги од страна на ист угостителски објект** во Струмица. Во едниот случај вработениот ја избркал жената од кафулето и отворено ѝ кажал дека не примаат луѓе што употребуваат дроги. Повеќе луѓе што употребуваат дроги или се лекуваат од зависност се пожалиле на истиот третман од страна на кафулето.

Ниту еден од овие случаи на дискриминација не е пријавен во надлежните институции.

Коалицијата Маргини препорачува МТСП да преземе мерки за ефикасна заштита од дискриминација на ЛУД во установите за социјална заштита, преку надзор над работата на вработените и казнување.

Коалицијата Маргини препорачува МТСП да донесе програми за помагање при вработувањето на луѓето што употребуваат дроги или се лекуваат од зависност. Најголем дел од овие луѓе се невработени[142] и не можат да дојдат до вработување поради дискриминација кон нив на пазарот на труд.

142 Вкупно 93 % од испитаниците (луѓе што инјектираат дроги) пријавиле најмалку еден правен проблем поврзан со вработувањето. Само 15 % од испитаниците биле вработени, од кои само 3 % со договор за вработување. „Правни потреби и пристап до правда за луѓето кои инјектираат дроги и за сексуалните работници во Македонија", Ивица Цековски, Вања Димитриевски. ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2018.

# 2.

# ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ДРОГИ

## 2.1. Третман за лекување на деца што употребуваат дроги

Во 2018 година ХОПС продолжи да контактира со деца кои употребуваат дроги и да ги мотивира нив и нивните семејства за лекување. Тимот на ХОПС контактира со деца кои, покрај употребата на дроги, потекнуваат од социјално загрозени семејства, често се соочуваат со сиромаштија, бездомништво, ризик од насилство, маргинализација и нарушување на здравјето. Во еден од случаите пријавена е и намера за малолетнички брак на девојче во странство. Поголем дел од овие деца немаат ниту лични документи и здравствено осигурување, па тимот на ХОПС прво ги мотивира и ги придружува да ги извадат потребните документи. **Но, децата и семејствата тешко се мотивираат за лекување. Од друга страна, дури и да се мотивираат, ќе се соочат со административни бариери поради немање на програма за лекување на малолетници кои употребуваат дроги[143].** На пример, откако по вториот обид упеале да го мотивираат семејството за двете деца да започнат со третман и ги придружувале да ги извадат сите потребни упати, во Заводот за ментално здравје за деца и млади „Младост" им кажале дека психијатарот е во пензија, а нов ќе се вработи наредниот месец. По ова, семејството е демотивирано и одбива повторно да побара лекување на малолетните деца.

Во еден случај се работи за девојче кое се предозирало и завршило во Клиниката за токсикологија, а потоа и во Клиника за психијатрија, во Одделот за деца и млади. Но, и покрај ова искуство, девојчето и семејството одби-

143 Непостоење програма за лекување деца што употребуваат дроги – повреда на правото на лекување и правото на живот, Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Годишен извештај 2017, Коалиција Маргини, стр. 64.

вале лекување. Здравствените работници од клиниките во ваквите случаи исто така треба да посредуваат и да ги мотивираат семејствата и децата да се вклучат на третман со поддршка од центрите за социјална работа, наспроти решавањето исклучиво на акутниот проблем предозирање.

Во текот на 2018 година се интензивираа активностите за донесување на програма за третман и ресоцијализација на малолетници кои употребуваат дроги. На седница на Владата на Република Македонија се донесе одлука за формирање Работна група за изработка на програма за сеопфатна грижа и лекување на малолетни корисници на психоактивни супстанции за младински политики.[144] Работната група се формираше, а во неа учествуваа и претставници на ХОПС. До крајот на годината се направи нацрт-програма која на сеопфатен начин го третира проблемот, предлага отворање центри за превенција и третман на деца кои употребуваат психоактивни супстанции, мерки за рано откривање, специјализирани и флексибилни сервиси согласно потребите и состојбите на децата кои употребуваат дроги.

Коалицијата Маргини бара во најскор можен рок да се усвои Програмата за лекување на деца што употребуваат дроги, а Министерството за здравство, во соработка со другите надлежни министерства, да започне со доследно реализирање на Програмата.

## 2.2. Декриминализација на конопот

Со измените на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, со цел легализација на конопот за медицинска употреба, се овозможи медицинска употреба на коноп, но во многу рестриктивна форма, со што Законот не ја постигна целта[145]. Најнапред пропишувањето строги критериуми за производство резултираше со производство на лековите од коноп само од страна на неколку финансиски моќни правни лица. Оваа состојба резултираше со високи цени за лековите и мал избор на лекови. Од друга страна, со ограничената листа од само неколку болести и состојби за кои можат да се препишат лекови од коноп, уште повеќе се ограничи можноста да дојдат до овие лекови сите пациенти кои имаат потреба од нив. Поради

144 Записник од Педесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година. Седницата беше посветена на младински политики.

145 Конопот за медицинска употреба во Македонија – Здравје или бизнис? Документ за јавни политики, Ивица Цековски, Наташа Бошкова, Фондација за демократија на Вестминстер, 2016.

ова, најголем број од пациентите маслото од коноп сè уште го набавуваат од црниот пазар, а дел од нив и сами си го подготвуваат.

На ваков начин пациентите се изложуваат на криминализација. Додека, пак, луѓето кои сами го подготвуваат и го продаваат маслото на пациенти, кривично се гонат за производство и пуштање во промет. Но од друга страна, истото дејство е дозволено за луѓе кои имаат доволно финансии за да инвестираат во оваа дејност и да ја завршат административната постапка за прибавување на дозволи.

Во 2018 година на активистка за декриминализација на конопот ѝ беше изречена мерка 30 дена притвор, затоа што полицијата ѝ пронашла 30 мл масло од коноп и 15 грама коноп. Група активисти протестираа пред Основното јавно обвинителство и побараа укинување на мерката притвор, прекин на прогонот на луѓето што употребуваат дроги, особено коноп, и декриминализација на конопот. Активистите истакнаа дека мерката притвор повторно селективно се употребува и дека државата не смее да допушта моќни бизнисмени да произведуваат, а кривично да гони уживатели на коноп[146]. На крај, активистката беше прогласена за виновна, но го призна делото и изрази каење, по што доби условна осуда (2 години затвор, ако во рок од 5 години стори кривично дело)[147].

### 2.2.1. Активности за декриминализација на конопот

Во 2018 година здруженијата спроведоа повеќе активности за промовирање на каузата за декриминализација на дроги, особено за декриминализација на конопот.

Здружението „Билка“, кое се залага за декриминализација на конопот, организираше дебата на која учествуваа и пратенички од Зелената партија ДОМ и од Либерално-демократската партија, кои дадоа поддршка за декриминализација на конопот. Пратеничката од ЛДП истакна дека не е прифатливо државата да кажува дали луѓето ќе употребуваат коноп и дека е недозволиво граѓаните да се изложени на криминализација поради рекреативна употреба на коноп[148].

146 Со протест пред Обвинителство се бара ослободување на активистката Ристеска и легализација на канабисот, „Радио МОФ“, 10.10.2018.

147 Активистката Моника Ристеска осудена на две години условна казна, „Макфакс“, 11.12.2018.

148 Николова: Не може државата да ми каже дали да користам канабис во рекреативни цели, „Макфакс“, 30.6.2018.

„Билка“ организираше и кампања за декриминализација на конопот, во која 29 јавни личности ја поддржаа каузата. Портпаролот на Владата на Република Македонија, на прашање за декриминализација на канабисот, изјави дека Владата ги охрабрува граѓаните да отвораат прашања од интерес, за кои треба да се разговара без предрасуди и засновано врз факти, додека Владата ќе донесе решение во интерес на аргументите и приоритетите на граѓаните[149].

Здружението ХОПС организираше дебата во рамки на кампањата „Поддржи. Не казнувај.“ за рекреативна употреба на дроги. На дебатата се говореше за рекреативната употреба на дроги од социјален, културен, здравствен и правен аспект, како и за практиките за намалување на штети[150].

## 2.3. Барања за дислокација на Центарот за лекување на зависности во Кисела Вода

Барањата за дислокација на Центарот за лекување на зависности во Кисела Вода повторно се актуализираа во 2018 година. Проблемот потекнува од самите услови за третман на зависноста од опијати: проблеми со квалитетот на третманот кој се сведува на просто администрирање на метадон (ограничени можности за бупренорфин[151]), со отсуство на компонентата за ресоцијализација и психо-социјална поддршка[152]; мал број на центри за лекување[153]; недоволна опфатеност на пациентите кои имаат потреба од лекување[154]. Во Скопје најголем дел од пациентите се лекуваат во Центарот во Кисела Вода, а со самата централизација на услугата и неквалитетниот третман се создаваат проблеми во Центарот, како купопродажба на дроги и употреба на јавен простор. Од друга страна, прашањето често било иско-

149 Декриминализација на канабис за помалку криминал и поздраво општество, „Радио МОФ“, 12.4.2018.

150 Панел-дискусија „Рекреативна употреба на дроги“ во ГЕМ, „Радио МОФ“, 25.6.2018.

151 Третман со бупренорфин е достапен само на Клиниката за токсикологија и ургентна медицина во Скопје. Во 2016 година со бупренорфин се лекувале 243 пациенти. Извештај за проценка на минимум стандарди за квалитет на програмите за третман на зависност од дрога во Република Македонија, Лилјана Игњатова, Министерство за здравство, 2017.

152 Немањето социјална поддршка за оваа категорија на пациенти придонесува за злоупотреба на терапијата со цел да се обезбеди домување, храна, превоз и други основни потреби. Извештај за проценка на минимум стандарди за квалитет на програмите за третман на зависност од дрога во Република Македонија, Лилјана Игњатова, Министерство за здравство, 2017, стр. 30.

153 Центри за лекување има само во Скопје и во девет други градови. Пациентите од градовите каде што нема центри мораат да патуваат за да земат терапија, понекогаш и секојдневно.

154 Покриеноста на проблематични зависници од дрога во програмите за лекување на злоупотреба и зависност од дроги изнесува околу 18,5 %. Извештај за проценка на минимум стандарди за квалитет на програмите за третман на зависност од дрога во РепубликаМакедонија, Лилјана Игњатова, Министерство за здравство, 2017.

ристувано во кампањи на градоначалници на оваа општина, со што се зголемуваат предрасудите кон луѓето што употебуваат дроги[155].

Во 2018 година локалното население протестираше за ова прашање и побара итно дислоцирање[156]. Градоначалникот на општината ги поддржа барањата и вети дека Центарот ќе биде дислоциран. Министерството за здравство исто така вети дека ќе го решава проблемот и предложи дислокација надвор од градот, но изградба на соодветен модерен центар со унапреден третман. Од ХОПС реагираа на ваквите предлози и побараа овој центар да се дислоцира во центарот на градот или да се отворат повеќе центри во различни општини, со што ќе се зголеми достапноста, а во Кисела Вода ќе се намали бројот на пациенти[157]. Но, сè уште не е пронајдено решение, а градоначалникот најави зголемување на полициското присуство и зголемување на персоналот во Центарот како привремено решение[158].

Наместо да се користи прашањето во предизборни кампањи и да се ветува дислокација од страна на општината и Министерството за здравство, клучните институции треба да зборуваат за подобрување на третманот на зависност од психоактивни супстанции. Доколку постојат децентрализирани установи за третман, во сите општини во градот, и доколку во овие установи се нуди квалитетен третман проследен со психо-социјална поддршка, поголем избор на лекови согласно потребите на секој пациент, поддршка за реинтеграција, доедукација и квалификација, како и со поддршка за вработување, тогаш ќе се надминат проблемите на Центарот во Кисела Вода. На тој начин ќе се намали бројот на пациенти во еден центар, а квалитетот на третманот ќе превенира понатамошна употреба на дроги, надвор од пропишаната терапија, со што ќе се постигнат подобри резултати при лекувањето.

Барањата и ветувањата за дислокација се проследени со лошите слики пред Центарот на употребена опрема за инјектирање, обвинување на пациентите дека наместо да се лекуваат внатре во центарот „се дрогираат“ пред Центарот и местото се прикажува како т.н. „дувло на зависници“ во кое се случува различен криминал[159]. На ваков начин, вината од институциите се префрла на пациентите, кои и самите не се задоволни од условите за трет-

155 Претходната градоначалничка и актуелниот градоначалник во предизборната кампања ветуваа дислокација на Центарот за зависности во Кисела Вода.

156 Повторно протести во Кисела Вода за дислокација на Центарот за зависници, „Макфакс“, 3.12.2018.

157 Сторија на „ТВ 24“: Граѓаните во Кисела Вода револтирани – бараат итно решение за Центарот за зависности, 8.12.2018.

158 Градоначалникот им вети дислокација на Центарот за зависници на жителите на Кисела Вода, „Сител“, 3.12.2018.

159 Центарот за зависности во Кисела Вода е опасно дувло на наркозависници, „Денешен весник“, 11.7.2018.

ман. Освен тоа, самите луѓе што употребуваат droги се дехуманизираат и се зајакнуваат предрасудите.

Коалицијата Маргини бара Министерството за здравство да започне да го решава проблемот со квалитетот на третманот за лекување на зависност од психоактивни супстанции и со условите во центрите за лекување, преку соработка со МТСП, пациентите и здруженијата кои ги застапуваат нивните интереси. При изнаоѓање на соодветни решенија, приоритетни прашања треба да бидат правата на пациентите, нивните потреби и барањата за соодветен и пристапен третман.

# V.

# Преглед на состојбите во образованието од аспект на еднаквост, недискриминација и сексуално образование

# 1.

# СОСТОЈБИ СО ЗАКОНИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ОД АСПЕКТ НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Образованието е еден од најважните сектори на кои им треба промена со цел унапредување на заштитата од насилство и дискриминација врз маргинализираните заедници, вклучувајќи ги и ЛГБТИ луѓето. Градењето на ставови и вредности базирани врз родова еднаквост, човекови права и почит кон различностите е можно единствено преку образовниот систем.

Употребата на материјали со дискриминаторски содржини во формалното образование[160], немањето информации од сеопфатното сексуално образование[161], недостигот на систем за заштита и поддршка за учениците воопшто, а особено за оние кои припаѓаат на маргинализирани заедници[162], немањето вештини за унапредување и иновативност во пренесувањето на информациите, како и

160 „Комитетот искажува загриженост дека постојат универзитетски учебници кои ги зацврстуваат негативните стереотипи против лезбијките, геј, бисексуалните, трансродовите и интерсекс луѓето." Заклучни согледувања од комбиниран втор до четврт периодичен извештај на Република Македонија, Комитет на ООН за економски социјални и културни права, 15.07.2016.

161 „Постојани дискриминаторски родови стереотипи во образовниот систем и недоволно застапено сексуално образование за решавање на општествените родови односи и влијанието на патријархалните ставови и дискриминаторските стереотипи за сексуалните односи." Заклучни согледувања на шестиот периодичен извештај на Република Македонија, Комитет на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација кон жените, 14.11.2018.

162 „Понатаму, загриженоста се однесува и на фактот што ЛГБТИ луѓето се малтретираат психички и физички, социјално се стигматизираат и дискриминираат, а спроведувачите на законите не секогаш постапуваат по случаи на насилство врз ЛГБТИ луѓето." Комитет на ООН за економски социјални и културни права, 15.07.2016.

несензитивни служби и наставници[163] – се услови кои не ветуваат позитивно едукативно искуство за младите.

На крајот од 2018 година Комитетот на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација кон жените ѝ препорача на Република Македонија: „да се интегрираат во училишните наставни програми и програми за задолжително сексуално образование соодветно на возраста, вклучувајќи образование за сексуално и репродуктивно здравје и права, обезбедувајќи наставниците да играат суштинска улога во борбата против родовите стереотипи".

Но, и оваа година нема посериозни промени во состојбата со учебниците за разлика од 2017 г. Граѓанските организации (Коалиција Маргини и ХЕРА) на крајот од 2017 година потпишаа Меморандуми со Министерството за образование и наука, со цел унапредување на мерките за превенција и заштита од родово базирано насилство и вознемирување во основните и средните училишта, промоција на принципите на еднаквост, инклузивност и недискриминација врз основа на род, родов идентитет и сексуална ориентација во училишните средини, како и унапредување на содржините во наставните програми поврзани со родот, сексуалноста и човековите права.

Согласно Меморандумите, Министерството за образование и наука требаше да ги вклучи граѓанските организации во работните групи за ревизија на содржините на учебниците во формалното образование. Но, и покрај многуте барања и повици до МОН, Коалиција Маргини нема официјални информации до каде се ревизијата и промените на дискриминаторските содржини во учебниците за основно и средно образование од аспект на род, сексуална ориентација и родов идентитет. МТСП формираше група за ревизија на учебниците, но оваа група исто така нема започнато со работа.

Во 2018 година се промени и министерот за образование и наука, со што соработката со МОН дополнително се отежна. Министерот изјави дека „се формирани комисии за измени до 30 проценти од содржината на повеќе учебници, со цел да бидат коригирани неточните податоци или пак да се направат одредени дополнувања на фактите".[164]

Иако во програмата на Владата е зацртано дека до крајот на 2018 година сите учебници ќе поминат евалуација од страна на државни комисии кои ќе поста-

163 „Нашите училишта се претворија во установи за дискриминација, по најразлични основи. Што од незнаење, неинформираност, лоши учебници, несоодветни обуки или неумешност и неснаодливост на кадарот. Што од страв од санкции ако не се испочитуваат правилата и квазизаконите, кои се сè друго освен да го штитат интересот на детето и човекот“, смета специјалистот за психологија на траума и криза Лина Ќостарова Унковска, „Конференција: Училиштата претворени во установи за дискриминација“, „Радио Моф“, 30.03.2017.

164 Отчет на Адеми: образовни реформи по европски терк, Соопштение на МОН, 10.06.2018.

ват јасни правила, не се знае дали е започнат овој процес поради немањето транспарентност и учество на граѓанските организации.[165]

Систематската ревизија на наставните планови и програми, како и унапредувањето на Законите следуваат по новодонесената Национална стратегија за образование од страна на Министерството за образование, кое најави целосни реформи. Но, најавените реформи не почнаа да се спроведуваат.

## 1.1. Делумно унапредување на одредбите од Законот за високо образование

Во мај 2018 година беше донесен новиот Закон за високо образование. Законот за високо образование од 2008 година претрпе над 20 измени и дополнувања, а само од 2015 до 2018 е променет петпати[166]. Во 2014 година предлогот за воведување на државен испит во високото образование отвори опасност за загрозување на автономијата во високото образование[167]. Опасноста за губење на автономијата беше и причината за формирање на Студентскиот пленум и студентските протести, а понатаму и формирање на Средношколски и Професорски пленум, кои беа предвесници на понатамошното проширено движење против владата на ВМРО-ДПМНЕ. Имајќи го предвид овој контекст, во кој промените на Законот за високо образование беа почетна искра кон помасовна мобилизација на движењето за промени во Македонија[168], новата власт најави итни реформи и обезбедување на квалитет и автономија во високото образование. За помалку од една година по формирањето на работна група од страна на МОН, во мај 2018 година се донесе новиот Закон за високо образование.[169]

Коалиција Маргини и ХЕРА на крајот од 2017 година, на состанок со Министерството, ги презентираа своите предлози за унапредување на Законот во полето на еднаквост и заштита од дискриминација во високото образование, со што ќе се унапреди пристапноста и достапноста на високото образование. МОН се

165 „Во рок од една година, државни комисии составени од универзитетски професори и поддржани од Министерството за образование и наука, ќе ги евалуираат сите учебници за основно и за средно образование и ќе постават јасни правила кои мора да се почитуваат. Ќе се повлечат од употреба учебниците кои имаат суштински грешки во материјата и кои се несоодветни за возраста на учениците. Истовремено, ќе спроведеме ослободување на наставните предмети од непотребни и штетни содржини, особено од оние што поттикнуваат агресивност, нетолеранција, омраза и дискриминација.“ Програма за работа на Владата 2017 – 2020.

166 „Предлог-законот за високо образование на јавна расправа во собраниската комисија“, „МКД“, 5.4.2018.

167 „МОФ ЕЛАБОРАЦИЈА: Државниот испит нема да го подобри квалитетот на високото образование“, „Академик“, 7.10.2014.

168 „Две години од ’историскиот‘ студентски протест што ги разбуди граѓаните и власта“, „МЕТА“, 17.11.2016.

169 „Службен весник“ бр.82, 8.5.2018.

согласи да ги пренесе овие предлози во Работната група, по што Коалиција Маргини се обврза да разработи конкретни членови како дополнување на Законот. Сè додека законот не се најде на ЕНЕР[170], здруженијата не добија повратна информација за развојот на процесот во работната група.

Здруженијата побараа во Законот еднаквоста и недискриминацијата да станат начела и цели на високото образование, и разработи посебна предлог-глава насловена „Еднаквост, недискриминација и инклузија". Оваа глава ги разработи обврските кои треба да ги преземат универзитетите и високообразовните институции со цел заштита на еднаквоста и превенција на дискриминацијата, се внесе забрана за дискриминација во повеќе набројани области во високото образование, се дефинираа надлежностите и формата на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија на универзитетите, се предвиде жалбената постапка за дискриминација и афирмативни мерки за унапредување на еднаквоста.

Сепак, новиот Закон ги прифати единствено предлозите еднаквоста и недискриминацијата да ги дефинира како начела и цели на Законот за високо образование, што е и прв чекор кон градење на систем за ефикасна заштита. Ова е позитивна промена во текстот, но сама по себе не е доволна. Без да се уреди начинот на кој ќе се обезбеди заштитата од дискриминација, и без дефинирање на алатки и мерки кои треба да се преземат за да се остварат целите на високото образование, но и да се олесни нивното имплементирање, овие заложби остануваат на декларативно ниво.

> „Најголем број студенти знаат лице кое било жртва на дискриминација поради политичко уверување (39,5%) и дискриминација врз основа на сексуална определба (36,9%). Дури 31,7% од испитаниците слушнале дека му се случило на некого да биде дискриминиран врз основа на етничка припадност и јазик, 34,4% да биде дискриминиран врз основа на етничка припадност и 31,1% врз основа на пол. Нема ниту еден пријавен случај на дискриминација до УКИМ."[171]

Надлежните институции во УКИМ, како Комисијата за студентски жалби, постапува само тогаш кога се прекршени правата на студентите со правен акт. Студентскиот правобранител, пак, има надлежност да постапува само доколку е повредено право на студентот од страна на органите на Универзитетот или од друг член на академската заедница на Универзитетот. Овие надлежности се ограничени, а телата немаат капацитети за заштита на студентите од дискриминација, вклучително и од дискриминаторски содржини во учебниците.

170 Закон за високо образование, ЕНЕР, 27.10.2017.

171 Анализа на документи и на политики на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за степенот на вклученост на принципот на еднакви можности и недискриминација, Коалиција Маргини, 2013.

Од друга страна, иако во последните години Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација имаа улога во повлекувањето на неколку учебници[172] со дискриминаторска содржина, сепак, резулатите се далеку од посакуваните. Потребна е системска ревизија на сите учебници, но некои универзитети и професори не ги почитуваат препораките на овие тела, односно одбиваат да ги повлечат своите дискриминаторски учебници криејќи се зад автономијата на универзитетите и слободата во научноистражувачката работа гарантирани со Законот за високо образование. Единствен начин за заштита од дискриминаторски содржини во високото образование е внесување на овие одредби во самиот Закон за високо образование.

Коалиција Маргини го поздравува внесувањето на еднаквоста и недискриминацијата како начела и цели на високото образование во новиот Закон за високо образование. Но, и апелира за понатамошно доуредување на механизми, односно алатки, мерки и начини за остварување на овие цели на Законот, со цел ефикасна и ефективна заштита од дискриминација, промоција на еднаквоста и инклузија во високото образование.

## 1.2. Стратегијата за образование 2018 – 2025 не содржи мерки за родова еднаквост и недискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

Оваа година, по најавените реформи во образованието, беше донесена и Стратегијата за образование 2018 – 2025. Подготовката на Стратегијата беше започната пред промената на власта, а беше донесена на почетокот на 2018 година. По објавувањето на нацрт-верзијата на официјалната страница на Министерството за образование, беше оставен краток простор за коментари од страна на јавноста. Коалиција Маргини и ХЕРА подготвија серија амандмани на Стратегијата со цел унапредување на заштитата од родово базирано насилство, унапредување на квалитетот на информации кои се достапни во учебниците и спречување на стигматизирачки содржини, заштита од врсничко насилство и малтретирање, како и обезбедување на сеопфатно сексуално образование во формалниот систем.

172 Проблемите со дискриминацијата во учебниците и учебните помагала се утврдени и од страна на Европската комисија, Петтиот периодичен извештај на Европската комисија против расизам и нетолеранција, Универзалниот периодичен преглед на Комитетот за човекови права на ООН и Комитетот за економски, социјални и културни права на ООН.

Беше организирана и дискусија во Комисијата за образование во Собранието на Република Македонија[173], на која граѓанските организации ги презентираа своите барања. Но, ниту еден предлог на Коалција Маргини и ХЕРА не беше вметнат во финалната верзија на Стратегијата.

Граѓанските организации пратија отворено писмо до МОН дека со ваквото постапување се прекршува принципот на транспарентност, и прашаа дали „Министерството во наредните 8 години нема намера да преземе активности во насока на превенција и заштита од насилство и силеџиство засновано на род, сексуална ориентација и родов идентитет во училиштата? Дали ова значи дека нема да преземете чекори во насока на воведување на сеопфатно сексуално образование, а при ревизијата на учебниците нема да водите сметка за дискриминаторските содржини кон жените и ЛГБТИ луѓето?!“[174]

Министерството одговори во јавноста дека биле прифатени коментари од граѓанските организации, дека Стратегијата е сеопфатна и изјави:

> „Стратегијата за образованието 2018 – 2025 е насочена кон подобрување и почитување на различностите и демократските вредности и човекови права. Една од целите на Стратегијата е спроведување на концептот на инклузивно и мултикултурно образование со фокус на родовата еднаквост и почитувањето на различности по која било основа.“[175]

За жал, иако во реакцијата се тврди дека Стратегијата има фокус на родовата еднаквост и почитувањето на различностите по која било основа, родовата еднаквост одвај неколкупати се споменува, додека опфатот на основите за различност е парцијален и нејасен. МОН воопшто и не даде одговор зошто основите за сексуална ориентација и родов идентитет не се вметнати експлицитно, иако досегашните искуства и истражувања покажуваат дека ЛГБТ младите се многу почесто жртви на малтретирање и силеџиство, а нивното ментално и физичко здравје е загрозено токму во образованието, каде што треба да се чувствуваат најсигурно.

Како реакција на игнорантниот однос, на социјалните медиуми, активисти, млади и професионалци јавно го повикаа МОН да ги земе предвид овие теми и јасно да истапи во нивно унапредување. Активистите го потсетија Министерството дека е должно да им понуди подобро образование на младите, пристап до информации за нивната сексуалност, за човековите и сексуалните права, што

173 Јавна расправа на тема: „Сеопфатна стратегија за образованието за 2018 – 2025 година“. 10.11.2017, Собрание на РМ.

174 „Коалиција Маргини и ХЕРА: Дали МОН во наредните 8 години нема да ги заштити учениците од насилство и силеџиство засновано на род, сексуална ориентација и родов идентитет?“ „Либертас“, 12.2.2018.

175 „ МОН: Голем дел од предлозите на невладините се прифатени“, „Нова ТВ“, 12.2.2018.

ќе придонесе до поголема демократизација на општеството, подобрување на животниот стандард и почитување на различностите.

## 1.3. Сеопфатно сексуално образование (ССО)

ССО претставува учење за когнитивниот, емоционалниот, социјалниот и физичкиот аспект на сексуалноста. ССО, за децата и младите луѓе, има за цел поддршка и заштита на сексуалниот развој, постепено ги подготвува и оспособува со информации, вештини и позитивни вредности за да ја разберат и да уживаат во својата сексуалност. Доколку успешно се спроведува, ССО им овозможува на младите да донесуваат информирани одлуки и да прават избори кои ќе го подобрат квалитетот на нивните животи, и ќе придонесе кон подобро и поправедно општество.

Според препораките на Светската здравствена организација[176], УНЕСКО[177] и Меѓународната федерација за планирано родителство, ССО треба да започне рано во детството, а да продолжи низ адолесценцијата и зрелоста. ССО се базира врз човекови права, родова еднаквост и почит кон различностите. Програмата за ССО се состои од седум компоненти: Род; Врски и односи; Тело и слика за телото; Сексуално и репродуктивно здравје; Сексуалност и сексуално однесување; Насилство, и Граѓански аспекти.[178] ССО е една од најбитните алатки за борба со предрасудите, стигмата, насилството, како и недостигот на информации во образовниот систем.

Сеопфатното сексуално образование и оваа година не беше дел од формалното образование во Република Македонија. По скоро цела деценија од усвојувањето на Рамката за сеопфатно сексуално образование,[179] од Комисијата за еднаквост меѓу мажите и жените во Собранието на Република Македонија, на чија седница[180] се препорача пилотирање на ССО во училиштата, оваа година по иницијатива на ХЕРА, Бирото за развој на образованието формираше работна

176 Developing sexual health programmes: A framework for action, WHO.

177 International technical guidance on sexuality education, UNESCO.

178 Овие компоненти се дефинирани според најновите препораки на УНЕСКО. До пред една година препорачаните компоненти беа: Род, СРЗ, Граѓански аспекти, Врски и односи, Задоволство, Насилство и Различност. Во новите компоненти различноста, односно сексуалната ориентација и родовиот идентитет се опфатени во компонентите Род, Граѓански аспекти и Сексуалност и сексуално однесување.

179 Рамка за сеопфатно сексуално образование, 2011.

180 „Комисијата ја прифаќа и ја поддржува Рамката за сеопфатно сексуално образование изготвена од претставниците на ресорните министерства за образование, за здравство и за труд и социјална политика, како и од други одговорни државни институции, од меѓународните организации и од граѓанскиот сектор… Понатаму, Комисијата препорачува, во согласност со Рамката за сеопфатно сексуално образование, да се изготви издвоена програма за сексуално образование и да се спроведе преку пилот-програма." Седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, 28.01.2011.

група со цел развој на модели за воведување на ССО во училиштата. Работната група[181] подготви предлог-модел за ССО со препорака за пилотирање во основното образование. Согласно Решението за формирање на групата, Бирото за развој на образованието ги прати предлог-моделот и предлог-наставната програма за ССО до Министерството за образование и наука.

Предлог-моделот пратен до МОН е модифициран модел за изборен предмет, каде секој ученик во консултација со родителите/старателите избира дали да го изучува предметот. Можноста за избор е во сите три развојни периоди од деветгодишното основно образование. Кадар за спроведување на предметот се наставници или стручни соработници кои доброволно ќе се пријават да го спроведуваат. Се препорачува од 35 до 40 часа супервизирана обука и континуирана екстерна поддршка за кадарот. Предметот не се оценува бројно и се спроведува еднаш неделно со вкупен фонд на 36 часа годишно. Се предлага во ваква форма да се пилотира во четири избрани училишта (две во урбана средина, едно во рурална и едно каде мнозинство од учениците се од малцинските етнички заедници) за ученици во деветто одделение.

На почеток на 2019 година МОН даде официјален одговор на извештајот пратен од БРО со предложениот ССО модел за пилотирање. Во одговорот Министерството бара од Бирото за развој на образование развивање на дополнителни материјали, обука за наставници и предлог-наставна програма со цел одобрување на пилотирањето на предложениот модел.

181 Во Работната група учествуваа претставници од МОН, БРО, институтите за психологија, педагогија, дефектологија, Педагошката академија, Центарот за стручно образование и обука, стручни служби и наставници од основни и средни училишта, клинички психолог, Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и претставници од женски и младински организации.

# 2.

# ИНИЦИЈАТИВА КОНТРАБУЛИНГ

Долгогодишното игнорирање на насилството, особено насилството засновано врз род, родов идентитет и сексуална ориентација, има штетни последици за здравјето и добросостојбата на младите, создава предрасуди, нееднаквост и насилство.

Така, на пример, во едно основно училиште во Скопје, 14-годишно девојче било фрлено низ прозорец од страна на своите машки соученици. Овој немил настан кој изби на површина во јавноста потврди дека во училиштата воопшто не се обрнува внимание на насилството, силеџиството, малтретирањето, особено врз основа на родот. Уште позагрижувачки е фактот што тоа се нормализира токму од оние кои се одговорни да го спречат. Директорот и наставниот кадар во училиштето побрзаа да ги пофалат момчињата кои го фрлиле девојчето за нивните високи оценки и поведение, без воопшто да посветат внимание на сериозноста на овој чин.

Коалицијата Маргини реагираше со соопштение во кое истакна дека: „Во текот на изминатите години нашите истражувања потврдуваат дека степенот на родово засновано насилство и булинг/ силеџиство во училишните средини, и надвор од нив, помеѓу врсниците, е исклучително висок и загрижувачки, и се пројавува во сите различни форми, почнувајќи од физичкото насилство, преку психилошкото и сексуално вознемирување, па сѐ до сајбернасилство и вознемирување кое го искусуваат девојчињата и родово ненормативните момчиња. Ваквата слика и состојба во училиштата е рефлексија на веќе етаблираната култура на насилство, традиционалните родови норми и стереотипи во општеството, и широката распространетост, непрепознавање и игнорирање на родовото насилство во нашето општество. Токму затоа одговорноста на училиштата е исклучително висока и тешка, но истовремено тие имаат и можност за трансформација на насилните шеми и родовата нееднаквост во нашето општество."[182]

182 Секое дете има право да биде безбедно и еднакво во училиште; Реакција по однос на насилството врз 14-годишно девојче во едно основно училиште во Скопје, Коалиција Маргини, 3.10.2018.

Иницијативата Контрабулинг[183] отвори дијалог за малтретирањето, задевањето, вознемирувањето, навредувањето, како и насилството кое, за жал, е секојдневје за некои групи ученици.

Оваа иницијатива беше спроведена од Коалицијата Маргини заедно со три средни училишта од Скопје[184]. Иницијативата се состоеше од подготовка на различни активности од страна на учениците. Една група спроведе анкета на 333 испитаници-соученици, од каде добија информации дека во изминатите неколку месеци ученичките/ците во најголем процент биле жртви на вербално насилство од своите врснички/ци во форма на озборување и исмевање врз основа на родовата припадност, игнорирање заради физичкиот изглед, како и жртви на физичко насилство и сексуално вознемирување. Друга група на ученици подготви видеа за подигање на свеста кај своите врсници за стопирање на малтретирањето во школите. Во рамки на иницијативата се спроведоа и обуки за јакнење на капацитетите на наставниците и стручните служби од средните училишта од Град Скопје, за препознавање и заштита од малтретирање засновано врз род, родов идентитет и сексуална ориентација.

Коалицијата Маргини го потсетува Министерството за образование и наука за важноста на системската ревизија на наставните планови и програми со цел отстранување на дискриминаторските, спорните и застарените содржини и развивање на учебници со современи и релевантни содржини кои промовираат човекови права и кои ќе вклучат позитивни содржини за родовата еднаквост, сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

Коалицијата го повикува МОН во најскоро време да започне со развивање на механизми за заштита и превенција од сите форми на насилство преку измена на законите за средно и основно образование, како и да донесе и имплементира стратегија против насилство во училиштата, која ќе ги вклучува родот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација.

Коалицијата Маргини апелира до МОН транспарентно да ги носи измените во законите и политиките во образованието, со учество на сите засегнати страни.

183 Иницијатива Контрабулинг, соопштение на Коалиција Маргини, 23.3.2018.

184 СУГС Гимназија „Орце Николов“, СУГС Гимназија „Никола Карев“ и СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“.

Коалицијата Маргини ја поздравува одлуката за воведување на пилот-настава по предметот Сеопфатно сексуално образование и препорачува МОН доследно да спроведе мерки за подготовка на теренот за негово успешно воведување, која би опфатила подготвување на наставни материјали, едукација на потребниот кадар и информирање на сите засегнати страни (наставници, родители, ученици).

Издавач: Коалиција Сексуални и здравствени права на
маргинализираните заедници Скопје- МАРГИНИ

Автори: Драгана Дрндаревска, Андреј Сених
и Јована Ананиевска

Лектура: Виолета Танчева-Златева

Графичко уредување: Игор Делов и Дијана Недева

Печати: Датапонс Скопје

–

coalition.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.726-055.3(497.7)"2018"(047.3)
342.726-058.17(497.7)"2018"(047.3)

ДРНДАРЕВСКА, Драгана
Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници : Годишен извештај 2018 / [автори Драгана Дрндаревска, Андреј Сених и Јована Ананиевска]. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2019. - 170 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4803-10-2
1. Сених, Андреј [автор] 2. Ананиевска, Јована [автор]
а) Маргинализирани заедници - Сексуални и здравствени права - Македонија - 2018 - Извештаи
COBISS.MK-ID 109932298

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и не може да се смета дека во целост ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.